МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

НА ТЕМА: НОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА МЕЃУНАРОДНОТО КАЗНЕНО ПРАВО

МЕНТОР:
ПРОФ. Д-Р ВАСКО СТАМЕВСКИ

СТУДЕНТ: ФИЛИП СТЕФАНОСКИ
БРОЈ НА ИНДЕКС: М247016

Битола, 2025

АПСТРАКТ

Овој магистерски труд го анализира развојот и современите предизвици на Меѓународното казнено право (МКП), со фокус на улогата на меѓународните судови и механизмите за обезбедување правна одговорност. Трудот ја следи историската еволуција на МКП, од Нирнберг и Токио, преку ад хок трибуналите за поранешна Југославија и Руанда, до воспоставувањето на Меѓународниот кривичен суд (МКС) како постојан форум за гонење на најтешките злосторства против човештвото, воени злосторства и геноцид.

Посебно внимание е посветено на два современи конфликти: Палестина и Украина. Во случајот на Палестина, МКС се користи како инструмент за правна и политичка легитимација, кој овозможува на Палестина да се позиционира како субјект на меѓународното право. Во Украина, МКС станува средство за мобилизација на Меѓународната заедница и притисок врз агресорот, со симболички и практичен ефект врз глобалната перцепција на конфликтот.

Истражувањето покажува дека МКП денес се соочува со парадокс: и покрај ограничувањата, зависноста од политичка волја и тешкотиите во спроведувањето, Меѓународното казнено право останува моќен инструмент кој ја обликува меѓународната правна и морална рамка. Трудот заклучува дека иднината на МКП зависи од неговата способност да ја комбинира правдата со политиката, обезбедувајќи дека злосторствата против човештвото нема да останат неказнети и дека меѓународниот поредок ќе продолжи да ја поттикнува одговорноста и владеењето на правото.

Клучни зборови: Меѓународно казнено право; меѓународни злосторства; Меѓународен кривичен суд; одговорност на поединци; принцип на комплементарност; воени злосторства; злосторства против човештвото; геноцид; агресија; современи вооружени конфликти; Украина; Израел; имплементација на меѓународното право; предизвици на глобалната правда; меѓународна судска соработка.

ABSTRACT

This master's thesis analyzes the development and contemporary challenges of international criminal law (ICL), with a focus on the role of international courts and mechanisms for ensuring legal accountability. The paper traces historical evolution of the ICC, from Nuremberg and Tokyo, through the ad hoc tribunals for the former Yugoslavia and Rwanda, to the establishment of the International Criminal Court (ICC) as a permanent forum for the prosecution of the most serious crimes against humanity, war crimes and genocide.

Special attention is paid to two contemporary conflicts: Palestine and Ukraine. In the case of Palestine, the ICC is used as an instrument of legal and political legitimation, which allows Palestine to position itself as a subject of international law. In Ukraine, the ICC becomes a means of mobilizing the international community and putting pressure on the aggressor, with a symbolic and practical effect on the global perception of the conflict.

The research shows that the ICC today faces a paradox: despite it's limitations, dependence on political will, and difficulties in implementation, international criminal law remains a powerful instrument that shapes the international legal and moral framework. The paper concludes that the future of the ICC depends on its ability to combine justice with politics, ensuring that crimes against humanity do not go unpunished and that the international order continues to foster accountability and the rule of law.

Key words: International criminal law; international crimes; International Criminal Court; individual responsibility; principle of complementarity; war crimes; crimes against humanity; genocide; aggression; contemporary armed conflicts; Ukraine; Israel; implementation of international law; challenges to global justice; international judicial cooperation.

СОДРЖИНА

ВОВЕД.....1

ГЛАВА 1.....4

МЕЃУНАРОДНО КАЗНЕНО ПРАВО: ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ, ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ.....4

1. Поим и дефиниција на Меѓународното казнено право.....4
2. Извори на меѓународното казнено право.....6
   2.1. Меѓународни извори.....8
      2.1.1. Меѓународни договори.....8
      2.1.2. Меѓународно обичајно право.....9
      2.1.3. Општи начела признати од цивилизирани нации.....10
      2.1.4. Судска практика и доктрина.....10
   2.2. Национални извори.....11
3. Начела на Меѓународно казнено право.....12
4. Различни теоретски сфаќања на општиот поим на меѓународно казнено право....14
5. Историски развој на МКП.....16
6. Улога на меѓународното казнено право.....18
   6.1. Глобално значење на меѓународното казнено право.....19
   6.2. Регионално значење.....21

ГЛАВА 2.....23

„МЕЃУНАРОДНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА: ФЕНОМЕНОЛОГИЈА, ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И ПОСТАПКА ПРЕД МКД“.....23

1. Меѓународни казнени дела.....23
2. Меѓународни злосторства.....26

2.1. Геноцид....26
2.2. Воени злосторства....27
2.3. Злосторства против човештвото....29
2.4. Злосторство на агресија....31
3. Облици на одговорност за меѓународно казнено дело....34
4. Еволуција и надлежности на постојаниот МКС: историски и правни аспекти....36
4.1. Од ad hoc трибунали до постојан меѓународен кривичен суд....36
4.2. Развојот на постојан МКС по Втората светска војна....40
4.3. Нирнбершкиот трибунал или меѓународен воен суд во Нирнберг....41
4.4. Токиски трибунал....45
4.5. Ad hoc меѓународни кривични трибунали....47
4.5.1. Меѓународен трибунал за гонење лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година, Хашки Трибунал....48
4.5.2. Меѓународен кривичен трибунал за Руанда....52
4.6. Хибридни и специјализирани судови....56
4.6.1. Примери на хибридни судови и нивните резултати....56
4.7. Меѓународен кривичен суд (МКС)....58
4.7.1. Надлежности на МКС....60
4.7.2. Основни одлики на постапката пред МКС....61

ГЛАВА 3....63

1. Конфликтот во Украина....64
1.1. Историски и политички контекст....64
1.2. Реакции на меѓународната заедница....66
1.3. Правна рамка на војната во Украина....70
1.4. Прифаќањето на надлежноста на МКС од страна на Украина (чл.12(3) Римски Статут)....73
1.5. Отварањето на истрага од страна на Обвинителството на МКС....75
1.6. Конкретни наводни злосторства во Украина....76
1.7. Предизвици....79

1.8. Недостиг на соработка од Руската Федерација.....80
1.9. Прашањето на имунитетот на шеф на држава.....81
2. Конфликтот Израел-Палестина.....84
2.1. Историски и политички контекст.....84
2.2. Меѓународно правни аспекти.....86
2.3. Воени злосторства и кршење на Меѓународното хуманитарно право.....88
2.4. Улогата на Меѓународниот кривичен суд во Израелско-Палестинскиот конфликт.....90
2.4.1. Потенцијални злосторства од палестинска страна (Хамас и други вооружени групи).....92
2.4.2. Потенцијални злосторства од израелска страна (државни функционери и вооружени сили).....93
2.5. Споредба со украинскиот случај, сличности и разлики во пристапот на МКС.95
2.6. Меѓународната заедница и идни предизвици.....96
2.7. Прашањето на неодговорност и неказнивост.....100
2.8. Перспективи за идни решенија.....101

ЗАКЛУЧОК.....103

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....105

Вовед

Меѓународното казнено право претставува една од најзначајните гранки на современото меѓународно право, која е создадена од потребата на човештвото да воспостави правен механизам за одговор на најтешките злосторства кои не го засегаат само поединецот или државата туку целата Меѓународна заедница. Во исто време, Меѓународното казнено право претставува и најдинамична гранка на современото меѓународно право, а чиј развој е тесно поврзан со најдинамичните настани во историјата на човештвото. Идејата дека постојат толку сериозни дела што нивното гонење и санкционирање е обврска на сите држави, без оглед на политичките или идеолошките разлики на државите, произлегува од убедувањето дека правдата мора да биде универзална, а не условена од интереси на поединци или нации. Оваа визија всушност ја одразува суштината на меѓународното казнено право и тоа, заштитата на основните вредности на човечкото постоење и гаранција дека најтешките повреди на тие основни вредности нема да останат неказнети.

Меѓународното казнено право има не само казнена туку и превентивна, морална и репаративна функција и тоа претставува алатка за пресметка со минатото, создавање правна сигурност, но и предупредување за идни можни злоупотреби.

Историскиот развој на Меѓународното казнено право е тесно поврзан со трагичните настани од дваесеттиот век. Женевските и Хашките конвенции поставија цврста основа за регулирање на правилата на вооружени конфликти, но и заштита на цивилното население, меѓутоа вистинската пресвртница дојде по Втората светска војна, кога Нирнбершките и Токиските процеси го воведоа концептот на индивидуална кривична одговорност пред Меѓународен суд. Овие судења ја потврдија идејата дека државниот имунитет и политичката функција не можат да бидат засолниште за извршителите на злосторства кои го потресуваат целиот свет. Во следните децении, Меѓународната заедница преку ад хок трибунали како МКТЈ и МКТР, ја разви судската пракса и воспостави стандарди кои подоцна станаа основа за Римскиот статут и основањето на Меѓународниот казнен суд во 2002 година.

Денес, Меѓународното казнено право се наоѓа пред нови предизвици кои по својата природа се поинакви од оние во времето на неговото формирање. Современите конфликти сè почесто се внатрешни, асиметрични или хибридни, каде државни и недржавни актери се испреплетуваат во сложени воени и политички динамики. Појавата на напредни технологии како беспилотни летала, сајбер напади, алгоритамски управувани воени системи, отвора сосема нови прашања за примената на правните норми и утврдувањето на одговорност. Во исто време, политичките тензии, но и селективната примена на правдата го поткопуваат угледот на МКС, притоа создавајќи перцепција дека правдата не е секогаш слепа и дека моќните држави можат да избегнат кривична одговорност.

Општата глобализација ја засили меѓузависноста на државите, но во исто време ја зголеми и брзината со која конфликтите и кризите се прелеваат преку границите. Информациите, пропагандата и говорот на омраза се шират со голема брзина, додека масовните миграции и хуманитарните катастрофи создаваат дополнителен притисок врз меѓународните институции. Во еден ваков контекст, меѓународното казнено право мора да се адаптира за да остане ефикасно средство за спречување и санкционирање на злосторствата. Неопходно е да се изнајдат начини за подобрување на соработката меѓу државите, за надминување на правните празнини и за зајакнување на капацитетот за истрага и гонење, дури и во ситуации каде пристапот до теренот е ограничен.

Актуелните вооружени конфликти во Сирија, Украина, Газа, Судан и други жаришта во светот, го стават Меѓународното казнено право во центарот на политичко-правниот дискурс.

Важноста на оваа тема е особено видлива во светло на тековните конфликти во Украина и во Појасот Газа, кои на еден драматичен начин ја илустрираат сложеноста на современите закани за меѓународната правда. Случаите во Украина и во Појасот Газа ја разоткриваат кревкоста на постојните механизми и ја наметнуваат потребата за нивно реформирање. Ако Меѓународното казнено право не се прилагоди на новите околности, ризикува да ја изгуби својата релевантност и да се претвори во инструмент кој постои само на хартија, без реално влијание врз спречувањето на злосторствата. Напротив, ако се искористи оваа историска можност за негово унапредување, можно е да се создаде

поефикасен и поправеден систем кој навистина ќе биде способен да ја спроведе правдата, без разлика каде и од кого е прекршена.

Токму затоа, проучувањето на новите предизвици во Меѓународното казнено право претставува не само научна обврска туку и нужна морална потреба. Тоа е обид да се најдат одговори на прашањата кои ја определуваат иднината на меѓународната правда: прашањето како да се заштитат жртвите, како да се обезбеди еднаков третман за сите и како да се создаде систем кој нема да биде заложник на политички интереси туку ќе остане верен на својата првобитна мисија, а тоа е заштита на човечкото достоинство и повреда на принципот дека ниту едно злосторство против човештвото не смее да остане неказнето, односно верен на идејата која ги обединува сите норми и институции дека правдата мора да биде глобална, а одговорноста не смее да знае граница.

Овој труд има за цел критички да ги испита современите предизвици на Меѓународното казнено право преку анализа на конфликтите во Украина и Израел, со посебен осврт на кршењето на човековите права и извршувањето на воени злосторства. Трудот се стреми да ја истражи улогата и ефикасноста на меѓународните судски механизми и институции, како и да предложи конкретни и практични препораки за унапредување на глобалната одговорност во справување со хуманитарни кризи.

ГЛАВА 1

МЕЃУНАРОДНО КАЗНЕНО ПРАВО: ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ, ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Со развојот на Меѓународното казнено право неговата примарна цел е да обезбеди универзални стандарди на правда и одговорност за најтешките кривични дела што ја загрозуваат Меѓународната заедница како целина. Анализата на примената на современиот глобален и регионален контекст бара подетално разгледување, кое ќе овозможи подобро разбирање на правната природа на злосторствата, механизмите на одговорност и функционирањето на меѓународните институции. Преку овој теоретски осврт, ќе ги објасниме основните поими, ќе го разгледаме значењето на МКП како независна правна дисциплина и ќе ја истакнеме потребата од универзална и ефикасна примена на правдата, земајќи ги предвид и специфичниот балкански контекст и искуството од МКСЈ.

1.Поим и дефиниција на Меѓународно казнено право

Поимот на меѓународното казнено право (МКП) не е едноставен за објаснување, бидејќи во теоријата се користи за означување на повеќе или помалку различни содржини, како терминолошки, така и суштински. Затоа, при објаснувањето на овој поим, прво се презентираат релевантните теоретски разбирања, а потоа врз основа на анализа на содржината на нормите што спаѓаат под „Меѓународно казнено право“, се дефинираат различните концепти што се сметаат за казнено-правни норми со меѓународно-правен карактер.[1]

Меѓународното казнено право претставува посебна гранка на Меѓународното јавно право која користи казнено-правни норми насочени кон забрани, санкционирање и

[1] Игор Поповски, *Меѓународно кривично право*, Скопје, Правен факултет “Јустинијан Први”, 2015, стр. 12-15.

спречување на најтешките злосторства од меѓународен карактер. Оваа правна област регулира кривична одговорност на поединци за дела кои го загрозуваат мирот, безбедноста и фундаменталните вредности на меѓународната заедница.[2]

За разлика од класичното Национално казнено право, кое ја утврдува и санкционира одговорноста за казнени дела извршени во рамките на една држава, Меѓународното казнено право се занимава со дела кои по својата природа или последици ги надминуваат националните граници и за кои постои општа надлежност на меѓународните судски тела.[3]

Во правната доктрина постојат повеќе дефиниции на поимот. Касезе (Cassese) го определува Меѓународното казнено право како: „Збир на меѓународни правила кои забрануваат одредени категории на дејствија, ги утврдуваат условите за индивидуалната кривична одговорност и предвидуваат постапки за нивно санкционирање.“[4] Според проф. Шкулиќ, Меѓународното казнено право претставува: „Комплексен спој на материјални и процесни правила, создадени и развиени преку меѓународни договори, обичајно право и судска пракса.“[5]

Со оглед на својата природа, МКП има двокомпонентна структура:

1. **Меѓународно казнено материјално право** – утврдува кои дејствија претставуваат меѓународни казнени дела и предвидува санкции за нив (геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства, агресија).
2. **Меѓународно казнено процесно право** – го уредува постапувањето пред меѓународни и хибридни судови, гарантирајќи фер и правична постапка.

Современото Меѓународно казнено право, особено по формирањето на постојаниот Меѓународен кривичен суд (МКС) во 2002 година, претставува баланс меѓу суверенитетот на државата и општиот интерес на Меѓународната заедница да ги гони и казнува сторителите на најтешките меѓународни злосторства. Истовремено, Меѓународното казнено право обезбедува рамка за промовирање мир и стабилност, како и за зачувување

[2] M.Cherif Bassiouni, *Introduction to International Criminal Law,* (Leiden: Martinus Nijhoff, 2011), стр. 7-12.
[3] William Schabas, *The International Criminal Court,* Oxford, Oxford university Press, 2017, стр. 3-7.
[4] Antonio Cassese, *International Criminal Law,* Oxford, Oxford University Press, 2008, стр. 1-5.
[5] Milan Skulic, *Međunarodno krivično pravo – teorija i praksam* Beograd, 2014, стр. 15-20.

на основните човекови права, при што се поттикнува и регионална координација во случаите на конфликт и транзиција од воена кон мирна ситуација.[6]

Овој поим и концепт создаваат теоретска основа за понатамошна анализа на принципите, изворите и современите предизвици со кои се соочува Меѓународното казнено право, како и за утврдување на неговото значење во глобален и регионален контекст.

2.Извори на меѓународното казнено право

Сложеноста на предметот на проучување и опфаќање на Меѓународното казнено право произлегува пред сè од комплексната природа на неговите извори, кои претставуваат темел на оваа правна дисциплина. За Меѓународното казнено право е карактеристично двојството на изворите, односно нивно постоење во форма на меѓународни и национални извори. Самиот дуализам пак, од друга страна, го отвора прашањето за приоритетот и надмоќта на едните извори над другите.

Изворите на Меѓународното казнено право се основата на неговото постоење и применливост, бидејќи од нив произлегуваат нормите што ја регулираат кривичната одговорност на поединците за дела од меѓународен карактер. Како дел од Меѓународното јавно право, Меѓународното казнено право ја користи истата класификација на извори како и Општото меѓународно право, но со специфична насоченост кон казнено-правните норми.[7]

[6] William Schabas, *An Introduction to the International Criminal Court*, Cambridge, Cambridge University Press, 2011, стр. 25–30.
[7] Antonio Cassese, *International Criminal Law*, Oxford, Oxford University Press, 2008, стр. 15-20.

Главните извори на МКП се следниве:

- **Меѓународни договори** – билатерални или мултилатерални конвенции и договори кои предвидуваат казнени одговорности за најтешките злосторства. Најзначаен пример е Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд од 1998 година, кој го утврдува предметот и надлежноста на Меѓународниот кривичен суд (МКС) и ги дефинира четирите основни категории на меѓународни злосторства;[8]
- **Меѓународен обичај** – практика на државите што е прифатена како право (opinion juris) и која обезбедува обврзувачки норми. Ова е посебно значајно во случаи на воени злосторства и злосторства против човештвото, каде не сите дејствија се покриени со конкретни договори;[9]
- **Принципи на општото право, признати од цивилизирани држави** – се применуваат кога нема конкретна меѓународна норма и обезбедуваат универзални стандарди за справување со најтешките злосторства;[10]
- **Судска пракса на меѓународни и хибридни судови** – пресудите на МКС, Меѓународниот трибунал за поранешна Југославија (МТЈ) и Меѓународниот трибунал за Руанда (МТРУ) се важни извори, бидејќи создаваат претходни одлуки и интерпретации кои се користат за развој и усогласување на нормите на МКП;[11]
- **Правни доктрини и академски судови** – иако не се обврзувачки, теоретските анализи на авторитетни автори како Касезе (Cassese), Басиуни (Bassiouni), Шкулиќ (Skulic), обезбедуваат важни упатства за толкување и примена на нормите и принципите на МКП.

[8] Rome Statute of the International Criminal Court, UN, 1998.
[9] M.Cherif Bassiouni, *Introduction to International Criminal Law,* Leiden, Martinus Nijhoff, 2011, стр. 25-30.
[10] Milan Skulic, *Međunarodno krivično pravo – teorija i praksa,* Beograd, 2014, стр. 30-35.
[11] William Schabass, *The International Criminal Court*, Oxford, Oxford University Press, 2017, стр. 15–25.

2.1.Меѓународни извори

2.1.1.Меѓународни договори

Меѓународните договори претставуваат основен извор на Меѓународното казнено право, бидејќи тие формално утврдуваат норми, забрани и санкции за најтешките меѓународни злосторства. Тие се резултат на согласност меѓу државите за воспоставување обврски и стандарди кои ја регулираат индивидуалната казнена одговорност. Договорите имаат обврзувачка сила за страните кои ги потпишале и ратификувале, што овозможува униформна примена на одредени казнено-правни норми на меѓународно ниво.[12]

Најзначаен меѓународен договор на оваа област е Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд (1998), кој го воспоставува МКС како постојан орган за гонење на сторителите на геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторство на агресија.[13] Усвоен е на дипломатска конференција во Рим, на 17 јули 1998 година, а стапи на сила на 1 јули 2002 година, откако беше ратификуван од потребен број држави. Римскиот статут не само што ги дефинира основните категории на меѓународни злосторства туку и го утврдува принципот на комплементарност, според кој МКС интервенира само кога националните судови не се во можност или не сакаат да спроведат праведна постапка.[14]

Покрај Римскиот статут, значајни меѓународни договори кои ја регулираат индивидуалната кривична одговорност се:

- **Конвенцијата за геноцид (1948)** – воспоставува забрана за геноцид и обврска за санкционирање на сторителите.
- **Женевските конвенции (1949) и Дополнителните протоколи 1977 и 2005** – утврдуваат обврски за заштита на цивилното население и војници во вооружени конфликти и предвидуваат кривична одговорност за сериозни прекршувања.

[12] Antonio Cassese, *International Criminal Law*, Oxford University Press, 2008, стр. 15-20.
[13] Rome Statute of the International Criminal Court, UN, 1998.
[14] William Schabas, *The International Criminal Court*, Oxford, Oxford University Press, 2017, стр. 15-25.

- **Конвенцијата против мачење и друго сурово или нечовечко постапување (1984)** – воспоставува забрана и санкции за мачење и негова криминализација на национално и меѓународно ниво.[15]

Меѓународните договори, освен што обезбедуваат формална и правна основа, претставуваат и клучен механизам за хармонизација на националното и меѓународното казнено право. Тие истовремено ја нагласуваат одговорноста на поединецот и ограничувањето на суверенитетот на државата кога станува збор за најтешките меѓународни злосторства.[16]

2.1.2.Меѓународно обичајно право

Меѓународните обичајни правила претставуваат непишани и нерегулирани, но општо прифатени норми, кои својата важност ја добиваат преку подолготрајна практика и континуирано применување во меѓусебните односи меѓу државите.

Обичајното меѓународно право е составено од општата државна практика прифатена како право (opinion juris). Многу правила на МКП особено пред кодификацијата, произлегувале од обичајот. Примери се забраните на тортурата, забраната на злосторства против човештвото и одговорноста на командантите.[17]

Со еден збор, Меѓународното обичајно право е „обичај“ што станал право и ги обврзува сите држави.

[15] M. Cherif Bassiouni, *Introduction to International Criminal Law,* Leiden, Martinus Nijhoff, 2011, стр. 25-35.
[16] Milan Skulic, *Međunarodno krivično pravo – teorija i praksa*, Beograd, 2014, стр. 30-35.
[17] Prosecutor v. Delaic et al (Celebici case), ICTY, IT-96-21-A, Judgement, 20 February 2001. стр. 195-200.

2.1.3.Општи правни начела признати од цивилизирани нации

Општите правни начела признати од цивилизирани држави претставуваат клучен извор на Меѓународното право, како што е наведено во член 38, став 1, точка (c) од Статутот на Меѓународниот суд на правдата. Овие начела се основни правни принципи кои се признати и применувани во повеќето национални правни системи и служат како универзални стандарди во Меѓународното право. Тие претставуваат основни правни вредности кои ја регулираат правната одговорност, односите меѓу државите и индивидуалците и служат како дополнителен извор на право кога не постои ниту меѓународен договор, ниту обичај.

Според член 38 од Статутот на Меѓународниот суд на правдата, Судот ги користи овие принципи за решавање на спорови кога другите извори (меѓународни договори и обичаи) не даваат јасен одговор. Ова укажува на важноста на општите правни начела како дополнителен извор на меѓународното право кој обезбедува правна сигурност и праведност во меѓународните односи.

2.1.4.Судска практика и доктрина

Судската практика и доктрина како извор исто е значајна за Меѓународното казнено право. Во овој контекст, Прецедентното право, на Нирнбершкиот трибунал и на Трибуналите за злосторство во Руанда, како и поранешна Југославија, Либан, Сиера Леоне и сл., го имаат обликувано по форма и содржина Меѓународното казнено право.[18]

Особено значајно е да се нагласи дека во Меѓународното казнено право не се применуваат само во нивната класична форма туку често се преплетуваат и надополнуваат. На пример, многу од правилата содржани во Римскиот статут, во суштина

[18] Gunal Mettraux, *International Crimes and the Ad Hoc Tribunals*, Oxford University press, 2006.

се кодификација на претходно постоечко обичајно право, додека пак одредени норми од обичајното право добиваат ново значење преку судската пракса.

Во практичната примена, постои хиерархија на извори, при што нормите од jus cogens имаат апсолутен примат, а договорните обврски и обичајното право се во заемна интеракција. Оваа хиерархија е важна и за разрешување на можни конфликти меѓу нормите, особено во ситуации кога државата е обврзана од повеќе правни режими.

На крајот, концептот на извори на МКП претставува жив систем кој постојано се развива. Современите предизвици, како што се хибридните конфликти, тероризмот и сајбер-злосторствата, бараат иновативни решенија и често водат до создавање на нови форми или проширување на постоечките извори. Затоа, разбирањето на изворите на Меѓународното казнено право не е само правно-техничко прашање туку и клуч за предвидување на идната насока на оваа гранка на правото.

2.2.Национални извори

Националните извори на МКП произлегуваат од внатрешно-правниот поредок на државата и опфаќаат устави, критички законици, посебни закони со кои се имплементираат меѓународните норми, како и судска практика на националните судови. Тие претставуваат средства преку кои државите ги прилагодуваат и применуваат меѓународните стандарди во рамките на сопствениот правен систем.

1. **Законот за Меѓународна соработка во казнената материја** – како главен и непосреден извор на Националното казнено право,[19] и меѓународните кривични дела пропишани со Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Понатаму, Законот за меѓународна и привремена заштита, Законот за ратификација на договорот за соработка меѓу Република Северна Македонија и ЕВРОПРАВДА,[20] Законот за соработка меѓу Република Северна Македонија и Меѓународниот

[19] Закон за меѓународна соработка во кривичната материја Сл. Весник 124/2010.
[20] Сл. Весник на Р.Македонија, бр. 51 од 16.04.2009 година.

кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на Меѓународното хуманитарно право извршено на територијата на поранешна Југославија[21] и сл. .

2. Во одредени случаи како извор може да се јават подзаконски акти како на пример: Уредбата со законска сила донесена од Владата за време на воена или вонредна состојба,[22] додека останатите подзаконски акти (уредби, наредби, правилници) можат да се јават само како посреден извор на правото, но само кога законот изречно упатува на нив, односно кога со нив се пополнуваат празните законски битија.[23]

3. Начела на Меѓународно казнено право

Меѓународното казнено право, како специфична и хибридна гранка на правото, не функционира во правен вакум туку се темели на систем од основни начела кои обезбедуваат правна сигурност, предвидливост и еднаков третман на субјектите на правото. Овие начела претставуваат не само норми на правно однесување туку и концептуални упатства кои ја обликуваат примената на правдата во меѓународниот контекст. Нивното постоење е нужно за да се воспостави баланс помеѓу суверенитетот на државите и интересот на Меѓународната заедница, да спречи и санкционира најтешки злосторства против човековото достоинство.

Начелата на Меѓународното казнено право претставуваат основни правила и вредности кои ја гарантираат правичноста, легитимноста и ефикасноста на меѓународниот казнен систем. Тие произлегуваат од Меѓународното право, општите правни начела и судската пракса на меѓународните и хибридните судови.[24]

[21] Сл. Весник на Р.Македонија, бр. 51 од 16.04.2009 година.
[22] Согласно чл. 126 ст. 1 од Уставот на РМ.
[23] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. (2010): Македонско кривично право, општ дел, Просветно дело, Скопје, стр. 53.
[24] Gerhard Werle, Florian Jessberger, *Principles of International Criminal Law*, 4th ed., Oxford University Press, Oxford, 2020, стр. 30-35.

- **Начело на легалитет (nullum crimen, nulla poena sine lege)** – ова начело забранува казнување на дејствие кое во моментот на извршување не било предвидено како кривично дело со меѓународно или национално право. Се утврдува во член 22 и 23 од Римскиот статут на МКС.[25] Тоа ја гарантира правната сигурност и предвидливост на казнените норми, спречувајќи ретроактивна примена на казнените правила.
- **Начело на индивидуална – кривична одговорност** – Меѓународното казнено право ја отфрли концепцијата на колективна одговорност и воспоставува одговорност исклучиво врз поединци, без оглед на нивната функција или положба.[26] Член 25 од Римскиот статут предвидува дека физичко лице може да биде одговорно за кривично дело доколку го изврши, нареди, поттикне, помогне или на друг начин придонесе за негово извршување.
- **Начело на непостоење на имунитет за најтешки меѓународни злосторства** – Ниту шефови на држави, ниту други високи функционери не се изземени од кривична одговорност за меѓународни злосторства. Ова е утврдено во член 27 од Римскиот статут и потврдено во праксата на МКТЈ (случај prosecutor v. Milosevic).[27]
- **Начело на комплементарност** – МКС има надлежност само кога националните правосудни органи не се подготвени или не се во состојба да водат постапка за најтешките злосторства.[28] Ова ја почитува суверноста на државите, но истовремено обезбедува меѓународен механизам кога националниот систем откажува.
- **Начело на незастарување** – Геноцидот, злосторството против човештвото и воените злосторства не подлежат на застарување.[29] Ова начело е утврдено со Конвенцијата за незастарување на воените злосторства и злосторствата против

[25] Rome Statute of the International Criminal Court, U.N. Doc. A/CONF.183/9, 17 July 1998, чл. 22-23.
[26] Kai Ambos, *Treatise on International Criminal Law – Volume I: Foundations and General Part*, Oxford University Press, Oxford, 2013, стр. 105.
[27] Antonio Cassese, *International Criminal Law, 3rd ed.*, Oxford University Press, Oxford, 2013, стр. 278-280.
[28] William Schabas, *An Introduction to the International Criminal Court, 5th ed.*, Cambridge University Press, Cambridge, 2017, стр. 67-72.
[29] Convention on the Non-Applicability of Statutory Limitations to War Crimes and Crimes Against Humanity, 26 November 1968.

човештвото усвоена од Генералното собрание на ООН во 1968 година (Резолуција 2381 (XXIII)).

- **Начело на правично судење** – Секој обвинет има право на фер и јавна постапка пред независен и непристрастен суд, со гаранција на сите права на одбраната.[30] Ова е начело вградено и во член 67 од Римскиот статут, а се потпира на член 14 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

Сите овие начела земени заедно претставуваат јадро на Меѓународното казнено право и основа врз која почива целокупниот негов нормативен и институционален систем. Без нив постои опасност правото да се претвори во инструмент на политичка моќ, наместо во средство за обезбедување праведност и мир.

4. Различни теоретски сфаќања на општиот поим на меѓународно казнено право

Во правната наука не постои единствено прифатена дефиниција на поимот „Меѓународно казнено право“. Различните теоретски школи го толкуваат овој поим врз основа на обемот на нормите кои ги опфаќа и степенот на интеграција меѓу материјалните и процесните правила. Во литературата се издвојуваат повеќе пристапи од најрестриктивните до најшироките.

1. Тесно (класично) сфаќање

Тесното или класичното сфаќање го сведува Меѓународното казнен право на збир од материјални норми кои ги определуваат т.н. „меѓународни злосторства“ (core

[30] Милан Шкулиќ, Меѓународно кривично право, Правни факултет Универзитет у Београду, 2017, стр. 135-140.

crimes) – геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторство на агресија – како директни повреди на Меѓународното јавно право што создаваат индивидуална кривична одговорност.[31] Ова сфаќање става акцент на јавно-правниот карактер на Меѓународното казнено право, односно на фактот дека станува збор за механизми создадени од Меѓународната заедница за санкционирање на најтешките злосторства. Процесните механизми овде се третираат како секундарни и не се дел од суштината на поимот.

2. Проширено (функционално) сфаќање

Проширеното сфаќање покрај класичните меѓународни злосторства, вклучува и други тешки кривични дела со меѓународен или транснационален елемент, особено оние чија инкриминација произлегува од мултилатерални договори, како што се тероризмот, пиратството, трговијата со луѓе, недозволената трговија со наркотични дроги и перењето пари.[32] Овој пристап опфаќа и правила за екстрадиција, меѓународна правна помош и признавање на странски пресуди.

3. Широко (интегрално) сфаќање

Широкото интегрално сфаќање претставува најопфатен пристап во дефинирањето на поимот на меѓународното казнено право, бидејќи во својот предмет на регулирање ги опфаќа не само класичните меѓународни злосторства утврдени со Обичајното и Договорното меѓународно право туку и целокупниот корпус на норми кои уредуваат транснационачни кривични дела, процесни правила, институционални механизми и обврските на државите за нивна имплементација во националните правни системи, создавајќи единствен и интегриран нормативен систем на глобално ниво.[33]

---

[31] Antonio Cassese, *International Criminal Law, 3rd ed.*, Oxford: Oxford University Press, 2013, стр. 15-17.
[32] M.Cherif Bassiouni, *International Criminal Law: Sources and Contents, Vol.1*. (Leiden:Brill, 2008), стр. 23-25.
[33] William Schabas, *An Introduction to the International Criminal Court*, 6th ed. Cambridge: Cambridge University Press, 2020, стр. 34-36.

4. **Процесно (институционално) сфаќање**

   Процесното сфаќање го идентификува Меѓународното казнено право главно со нормите што ја уредуваат надлежноста, организацијата и функционирањето на меѓународните кривични судови и трибунали, како и односите меѓу овие институции и националните судови. Фокусот е врз истрагата, обвинението, доказните стандарди, правата на обвинетиот и жртвите и извршувањето на казните.[34]

5. **Холистичко (композитно) сфаќање**

   Холистичкото сфаќање ги интегрира материјалните, процесните и институционалните правила во единствен концепт, третирајќи го Меѓународното казнено право како автономен правен систем на пресекот меѓу Меѓународното јавно и Внатрешно казнено право со тенденција кон унификација на глобално ниво.[35]

5.Историски развој на МКП

Историјата на оваа област не се развива изолирано туку под силно влијание на конкретните судења и општите историски фактори – првенствено на воените и политичките околности што го обележале 20 век. Во тој поглед особено значајни се судењата по Втората светска војна, како и нивниот одзив врз подоцнежниот развој на меѓународните институции за правда.

Историскиот развој на МКП претставува долготраен и сложен процес кој се одвива низ различните етапи, паралелно со развојот на меѓународните односи, државниот

[34] Gerhard Werle and Florian Jessberger, *Principles of International Criminal Law*, 4th ed. Oxford: Oxford University Press, 2020, стр. 45-48.
[35] Kai Ambos, *Treatise on International Criminal Law, Vol. I: Foundations and General Part*, Oxford, Oxford University Press, 2013, стр. 19-22.

суверенитет и поимот за човекови права. Од самите почетоци на цивилизаацијата, постоела свест дека одредени дејствија не претставуваат само повреда на интересите на поединецот или на одредена заедница туку и закана на поширокиот мир и безбедност.[36]

Првите облици на меѓународно казнување може да се забележат уште во античките времиња, кога пиратството било сметано за hostis humani generis – непријател на целото човештво.[37]

Во среден век, развојот на Обичајното меѓународно право во врска со водењето на војни и заштитата на цивилното население иако ограничен, сепак постави темели за подоцнежниот развој на Хуманитарното право и одговорноста на поединецот за тешки злосторства.[38]

Со појавата на модерните држави и зајакнување на државниот суверенитет, долго време преовладува идејата дека само државите се субјекти на Меѓународното право,[39] но ужасите на големите војни во XIX и XX век, постепено ја наметнале потребата од воспоставување одговорност и за поединците, особено за носителите на политичка и воена моќ кои вршеле масовни злосторства. Прв значаен чекор кон институционализација на МКП биле Хашките конвенции од 1899 година и 1907 година, со кои се кодифицирале правилата за водење на војна.[40]

Втората светска војна претставува еден од најразорните конфликти во историјата на човештвото со милиони жртви и невидени злосторства врз цивилното население. Завршувањето на војната отвори прашања за одговорноста на поединци кои ги организирале, наредиле или извршиле тие злосторства. Ова доведе до создавање на првите меѓународни кривични трибунали кои имаат фундаментално значење за понатамошниот развој на МКП. Формирањето на Нирнбершкиот и Токискиот трибунал ја означи првата практична примена на принципот дека поединците, па дури и највисоките државни функционери, можат да бидат кривично одговорни за злосторства против човештвото,

[36] Antonio Cassese, *International Criminal Law*, Oxford University Press, 2003, стр. 1-5.
[37] M.Cherif Bassiouni, *Introduction to International Criminal Law*, Martinus Nijhoff, 2013, стр. 121.
[38] William Schabass, *An Introduction to International Criminal Court*, Cambridge University Press, 2017, стр. 15.
[39] James Crawford, *Brownlie's Principles of Public International Law*, Oxford, 2019, стр. 50-55.
[40] Hersch Lauterpacht, *The Function of Law in the International Community*, Oxford, 1933, стр. 112-118.

воени злосторства и злосторства на агресија.[41] Овие процеси создадоа преседан и воспоставија основни принципи на Меѓународното казнено право кои и денес се применуваат.

По периодот на стагнација за време на Студената војна, повторно оживување на Меѓународното казнено право се случи со формирањето на ад хок трибуналите за поранешна Југославија (ICTY) и за Руанда (ICTR) во 90-тите години.[42] Тие институции покажаа дека Меѓународното казнено право, може да се примени и во современите конфликти, отворајќи пат за создавање на трајна институција – Меѓународниот кривичен суд (МКС) во 2002 година, како прв постојан суд со универзална надлежност за најтешките злосторства.[43]

Денес, историскиот развој на Меѓународното казнено право се согледува како процес на постепено надминување на апсолутниот државен суверенитет и преминување кон концепт на заедничка одговорност за заштита на човештвото од најтешки злосторства. Иако соочен со бројни предизвици, овој процес претставува една од најзначајните цивилизациски придобивки во современото право и меѓународни односи.[44]

[41] Trial of the Major War Criminals before the International Military Tribunal, Nuremberg, 1947.
[42] Report of the Secretary-General pursuant to Security Council resolution 808 (1993).
[43] Report of the Secretary-General pursuant to Security Council resolution 808 (1993).
[44] Robert Cryer, Darryl Robinson, Elisabeth Wilmshurst, Hakan Friman, *An Introduction to International Criminal Law and Procedure*, Cambridge University Press, 2019, стр. 32-36.

6.Улога на Меѓународното казнено право

МКП се развива како одговор на најтешките злосторства што ја загрозуваат меѓународната заедница во целина. Неговата улога може да се согледа на две рамништа: глобално и регионално.

На глобално ниво, МКП тежнее кон универзалност и создавање на заеднички стандарди на одговорност, додека на регионално се применуваат поспецифични механизми, насочени кон конкретни конфликти и просторно ограничени ситуации. Овие две димензии не се спротивставени туку меѓусебно се надополнуваат: глобалната рамка поставува норми и институции, а регионалната овозможува нивна практична примена во одделни случаи или со други зборови глобалната рамка ги поставува универзалните стандарди, а регионалната ги применува и конкретизира.

6.1.Глобално значење на Меѓународното казнено право

Глобалното значење на Меѓународното казнено право (МКП) произлегува од неговата суштинска улога во зачувувањето на меѓународниот мир, безбедност и правда. МКП денес не претставува само правна гранка туку и универзален механизам за заштита на човештвото од најтешките злосторства.

Прво, значењето на МКП се гледа во неговата превентивна и одвраќачка функција. Самото постоење на норми кои предвидуваат индивидуална одговорност за воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и агресија, создава силен сигнал дека меѓународната заедница нема да дозволи неказнивост. Како што истакнува Шабас (Schabas),: „Постоењето на Меѓународниот кривичен суд ја олицетворува идејата дека

човештвото не е беспомошно пред лицето на злосторствата туку има институционализиран механизам за одговор.“[45]

Второ, Меѓународното казнено право има симболичко и морално значење. Тоа претставува цивилизациски концензус дека одредени злосторства – како геноцидот, масовните убиства и етничките чистки – не се само национални туку и злосторства против целото човештво. Оваа универзална морална осуда има големо влијание врз градењето на колективната свест и создава чувство дека постои глобална солидарност во одбраната на човековото достоинство.[46]

Трето, глобалното значење на Меѓународното казнено право е и во неговата трансформативна улога врз концептот на државен суверенитет. Долго време суверенитетот бил сфаќан како апсолутна заштита на државите од надворешно мешање, вклучувајќи и кривична одговорност за дејствија на нивните лидери. Но, со Нирнбершките процеси и особено со воспоставувањето на Меѓународниот кривичен суд, беше потврдено дека суверенитетот не е апсолутен и дека постојат универзални граници кои државите и нивните лидери не смеат да ги преминат. Крафорд (Crawford) со право забележува дека: „Индивидуалната кривична одговорност во Меѓународното право го надминува традиционалниот концепт на суверенитет и го вградува поединецот како директен субјект на меѓународното право.“[47]

Четврто, Меѓународното казнено право има културно и образовно значење. Преку јавното судење, документирање и казнување на најтешките злосторства, се создава историски запис кој ја спречува манипулацијата со фактите и ревизионизмот. Оваа улога е особено важна во општества кои поминале низ конфликти, бидејќи судските процеси помагаат да се воспостави вистината како темел за трајно помирување. Тејтел (Teitel) нагласува дека: „Меѓународното казнено право е инструмент не само за казнување туку и за колективно помирување и изградба на нова легитимност.“.[48]

---

[45] William Schabass, *An Introduction to the International Criminal Court*, Cambridge University Press, 2017, стр. 22.
[46] Robert Cryer, Darryl Robinson, Elisabeth Wilmshurst, Hakan Friman, *An Introduction to International Criminal Law and Procedure*, Cambridge University Press, 2019, стр. 41.
[47] James Crawford, *Brownlie's Principles of Public International Law*, Oxford University Press, 2019, стр. 58.
[48] Ruti Teitel, *Transitional Justice*, Oxford University Press, 2000, стр. 215.

Конечно, глобалното значење на Меѓународното казнено право се гледа и во тоа што претставува симбол на глобална правда и цивилизациски прогрес. Иако практичната примена на Меѓународното казнено право сè уште се соочува со предизвици – како селективна примена, недоволна соработка на државите и политички притисоци – самото постоење на правен систем кој предвидува универзална индивидуална одговорност претставува огромен исчекор во историјата на правото. Како што подвлекува Амбос (Ambos): „Меѓународното казнено право е најдобар доказ дека современото Меѓународно право се стреми не само кон регулирање на односите меѓу државите туку и кон заштита на самото човештво.“[49]

Со тоа, МКП ја потврдува својата улога како еден од најзначајните инструменти за зачувување на глобалниот мир и безбедност, како и симбол на заедничката волја за правда.

6.2.Регионално значење

Меѓународното казнено право претставува една од најважните гранки на Меѓународното право чија улога е не само да ги санкционира најтешките злосторства туку и да создаде систем на правда која ќе обезбеди интегритет и мир во Меѓународната заедница. Ова значење особено добива на тежина кога се согледува од регионална перспектива, особено во земјите од балканот, кои имаат комплексна и болна историја на конфликти и потреба од обнова и помирување.

Регионалното значење на Меѓународното казнено право се огледува во неговото влијание врз поединечните држави и регионални организации, кои преку прифаќање на универзалните стандарди придонесуваат за зајакнување на владеењето на правото и заштитата на човековите права на локално ниво. Во рамки на регионот на Југоисточна Европа, искуствата од судењата за воените злосторства на просторот на поранешна Југославија имаат клучна улога во градењето на правната свест и прифаќањето на нормите

[49] Kai Ambos, *Treatise on International Criminal Law*, Oxford University Press, 2014, стр. 35.

на МКП. Преку праксата на Хашкиот трибунал (МКТЈ), се воспостави јасна поука дека ниту државната функција ниту воената положба не можат да бидат основа за имунитет од кривична одговорност.

Според истражувањето на проф. Љубинка Ковачевиќ: „Регионалната рецепција на Меѓународното казнено право претставува тест за зрелоста на постконфликтните општества, кои преку судска практика и институционални реформи ја демонстрираат својата подготвеност за усогласување со европските и глобалните стандарди.“[50] Ова покажува дека значењето на МКП не е ограничено само на глобално ниво туку има суштински импликации врз трансформацијата на правните и политичките системи во конкретни региони.

Додека пак, локалното значење на Меѓународното казнено право се одразува преку неговата примена во националните правни системи. Вградувањето на меѓународните стандарди во домашното законодавство претставува клучен чекор кон зајакнување на владеењето на правото и гарантирањето на неприкосновеноста на човековите права. Преку транспортирање на нормите за геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства во кривичните законици, државите демонстрираат своја посветеност на глобалната правна рамка, но и ја градат сопствената институционална отпорност кон идни конфликти.

Според д-р Мирјана Најчевска: „Прифаќањето на меѓународните стандарди на локално ниво, не само што ја зголемува правната сигурност туку ја отвора можноста за активна соработка со регионалните и меѓународните институции, што е особено важно за државите во транзиција.“[51] Со тоа, локалното значење на МКП не е изолирано туку делува како мост кој ги поврзува државите со поширокиот регионален и глобален правен систем.

[50] Ковачевиќ, Љ. (2020), *Рецепција на меѓународното кривично право во постконфликтни општества*, Сараево: Универзитет во Сараево, стр. 89

[51] Најчевска, М. (2018). *Човековите права и меѓународното право во македонскиот контекст*, Скопје: Институт за човекови права, стр. 102.

ГЛАВА 2

„МЕЃУНАРОДНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА: ФЕНОМЕНОЛОГИЈА, ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И ПОСТАПКА ПРЕД МКС“

Главата се фокусира на класификацијата и правната природа на најтешките форми кривични дела според Меѓународното право, како и институциите формирани за нивно гонење. Особено внимание се посветува на создавањето и развојот на меѓународните судови, нивната надлежност и пракса, кои имаат клучна улога во спроведување на правдата за злосторства од глобално значење.

1.Меѓународни казнени дела

Меѓународните казнени дела или вообичаениот општ термин меѓународни злосторства, претставуваат најтежок облик на кривични дејства, бидејќи нивните последици се чувствуваат не само на национално туку и на глобално ниво. Тие се дела кои ја нарушуваат основата на меѓународниот поредок, човековите права и мирот меѓу народите. Во суштина, овие дејствија ја надминуваат рамката на обичните кривични дела, бидејќи нивните жртви не се само поединци туку цело човештво.[52]

Меѓународните казнени дела се дефинираат како дејствија што претставуваат сериозно кршење на нормите на Меѓународното право и за кои сторителот носи одговорност пред Меѓународните судови. Тие вклучуваат:[53]

[52] Robert Cryer, Hakan Friman, Darryl Robinson and Elizabeth Wilmshurst Frontmatter, *An Introduction to International Criminal Law and Procedure, 3rd ed.*, Cambridge University Press, 2019, стр. 1-5.

[53] Rome Statute of the International Criminal Court, United Nations, 2002 Preamble.

- Геноцид;
- Воени злосторства;
- Злосторства против човештвото и
- Злосторства на агресија.

Меѓународните казнени дела, ја нагласуваат универзалната природа на правдата, тие се потсетник дека човештвото има колективна одговорност да ги санкционира најтешките прекршувања на законите и моралните норми, обезбедувајќи заштита на цивилите и одржување на глобалниот мир.[54]

Овој поим ја поставува рамката за сите останати меѓународни казнени дела, бидејќи го дефинира контекстот на сериозност, одговорност и универзалност на санкциите. Тој не е само теоретска категорија туку основа за практична примена на правдата преку Меѓународниот кривичен суд и други судски механизми.

Република Северна Македонија, како членка на Обединетите Нации и потписничка на повеќе меѓународни договори има обврска со своето национално законодавство да ги инкорпорира нормите за казнување на меѓународно злосторство. Основата за тоа е создадена за кривичниот законик, кој содржи посебни одредби кои ги криминализираат најтешките повреди на меѓународно право.[55]

Во Кривичниот законик на Република Северна Македонија, меѓународните кривични дела се групирани во глава 34: Кривични дела против човечноста и меѓународното право.[56] Тука се опфатени различни категории на дела кои во својата суштина претставуваат имплементација на основните норми на Меѓународното казнено право, при што се нагласува нивната улога во заштита на меѓународниот правен поредок, меѓу кои:

[54] William Schabas, *The International Criminal Court: A Commentary on the Rome Statute*, Oxford University Press, 2016, стр. 1-10.
[55] Кривичен Законик на РСМ ("Службен весник на РМ" бр. 37/1996 со измени и дополнувања).
[56] Исто, Глава 34.

- Геноцид (чл. 403), со кој се инкриминира намерата за целосно или делумно уништување на некоја национална, етничка, расна или верска група.[57]
- Злосторства против човештвото (чл. 404), кои опфаќаат убиства, истребување, поробување, депортација, тортура и други дејствија врз цивилното население.[58]
- Воени злосторства (чл. 405-408), кои се однесуваат на повреди на правилата на меѓународното хуманитарно право: сурово постапување со воени заробеници, напад врз цивилно население, уништување на културни добра и др.[59]
- Агресивна војна (чл. 409), со што се санкционира водење или поттикнување на војна на агресија.[60]
- Употреба на забрането оружје и други повреди на меѓународното право (чл. 410-414).[61]

Овие одредби претставуваат директно усогласување на македонското казнено право со обврските преземени со ратификување на Римскиот статут на МКС (ратификуван во 2002 година),[62] како и со обврските од Женевските конвенции од 1949 година и дополнителните протоколи.

Значаен аспект претставува тоа што Кривичниот законик предвидува примена на принципот на универзална јурисдикција за делата опфатени во оваа глава, што подразбира дека македонските судови се овластени да гонат сторители на овие злосторства независно од местото на нивното извршување, како и од државјанството на сторителот или жртвата, доколку сторителот се наоѓа на територијата на државата.

Иако формално меѓународните злосторства се детално инкорпорирани во националното законодавство, на практичен план нивното процесуирање е ограничено. До денес во Република Северна Македонија речиси да нема судски предмети поврзани со овие дела.[63] Ова го отвора прашањето за капацитетот на институциите, политичката волја,

[57] Член 403 КЗ.
[58] Член 404 КЗ.
[59] Членови 405-408 КЗ.
[60] Член 409 КЗ.
[61] Членови 410-414 КЗ.
[62] Roma Statute of the International Criminal Court 1998, членови 5-8 bis, "службен весник на РМ", бр. 37/2002.
[63] Види: Annual Progress Reports of the European Commision for North Macedonia (различни години) – каде се нотира како практичната на овие одредби е ограничена.

но и за потребите од понатамошна едукација и специјализација на обвинителствата и судиите во областа на Меѓународното казнено право.

2.Меѓународни злосторства

Меѓународните злосторства претставуваат најтешки повреди на меѓународното хуманитарно право и меѓународното казнено право, кои по својата природа и обем го засегаат целото човештво. Тие се карактеризираат со тоа што не се ограничуваат на национална рамка на поединечните држави туку предизвикуваат последици што ја надминуваат националната јурисдикција и бараат меѓународен одговор. Поради нивната сериозност, ваквите дела се сметаат за „jus cogens“ норми, односно императивни правила од највисок правен ранг и од кои државите не смеат да отстапат, ниту преку меѓусебни договори, ниту преку едностранн акти.

2.1.Геноцид

Еден од најтешките злосторства против човештвото е геноцидот – дело толку сурово и систематско што го надминува индивидуалното насилство, целејќи кон целосно или делумно уништување на група поради нејзината национална, етничка, расна или верска припадност. Меѓународното казнено право го препознава ова дело како уникатно и апсолутно, бидејќи неговата намера е не само убие или повреди туку да се избрише идентитетот на една заедница.

Геноцидот се манифестира на повеќе начини, но сите имаат еден заеднички именител – насоченост кон групата како таква. Убиство на нејзините членови, предизвикување сериозна телесна или психичка штета, создавање животни услови кои доведуваат до физичко уништување, присилно спречување на раѓање или пренесување на

деца во други групи – сите овие дејства се инструменти за уништување на културата, идентитетот и животот на една заедница.[64]

Историјата е полна со траги на геноцид, масакрот во Сребреница во 1995 година е потресен пример: над 8000 муслимански мажи беа убиени, со намерна и систематска стратегија за елиминација на дел од етничката заедница.[65] Во современиот контекст, присилното пренесување на деца на Јаздите од ИСИС покажува дека геноцидот не е само дел од минатото, тоа е трагична реалност која се одвива и денес.[66]

Меѓународните судови се обиделе да го стават геноцидот под законски рамки, но тоа е предизвик. Намерата да се уништи група – позната како dolus specialis – е клучниот субјективен елемент што го разликува геноцидот од обичното убиство или злосторство против човештвото. Докажувањето и намерата бара внимателно собирање на документи, изјави на сведоци и анализа на политички и воени стратегии. Секоја од овие трагедии е поучен пример за тоа како човештвото мора да остане будно. Геноцидот не се случува случајно: тој е резултат на систематско планирање и негова егзекуција. Академскиот и правниот интерес кон ова дело не е само формален – тој има за цел да го запамети минатото и да создаде механизам на превенција.

2.2.Воени злосторства

Во војната кога законите и моралот се ставаат на тест, постојат дејствија кои ја преминуваат границата на човечноста и се класифицираат како воени злосторства – дела кои ги кршат законите и обичаите на војувањето, насочени кон цивили, заробеници или војници кои веќе се предале. Овие злосторства не се само нарушување на етничките норми, тие се јасен сигнал дека границите на човечкото достоинство се преминати.[67]

[64] Convention on the Prevention and Punishment of the Crime of Genocide, United Nations, 1948, Art 2.
[65] Prosecutor v. Radovan Karadzic, Case No. IT-95-5/18, ICTY, Judgement 2016.
[66] Robert Cryer, Hakan Friman, Darryl Robinson and Elizabeth Wilmshurst Frontmatter, *An Introduction to International Criminal Law and Procedure, 3rd ed.*, Cambridge University Press, 2019, стр. 115-120.
[67] Rome Statute of the International Criminal Court, United Nations, 2002, Art. 8.

Според Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд (2002), воените злосторства се дејствија извршени во контекст на вооружен конфликт кои грубо ги прекршуваат Женевските конвенции и меѓународниот обичај на војување.

Тие вклучуваат:

- Тешки убиства или злосторства против заробеници;
- Тортури, принудни испраќања или депортации на цивили;
- Напади врз цивилни населби или објекти;
- Присилно користење на деца во воени операции;
- Сексуално насилство како оружје на војната.[68]

Овие дела кои се случуваат во воена ситуација се јасно одвоени од легитимните операции на вооружените сили. Намерата (dolus) е клучна – сторителот мора да биде свесен дека неговото дејствие крши правила и дека жртвата е заштитена според меѓународното право. Војната во поранешна Југославија откри бројни примери на воени злосторства: зароберници се мачеа и се убија во логори, а цивили беа систематски протерувани од нивните домови.[69]

Во конфликтот во Сирија, бројни напади врз цивилни објекти, употреба на хемиско оружје и принудното присилување на деца во воени операции се документирани како сериозни прекршоци на Меѓународното хуманитарно право.[70]

Воените злосторства ја покажуваат кревкоста на правните норми во време на конфликти, но и нивната суштинска важност. Тие потсетуваат дека дури и кога хаосот владее на бојното поле, мора да постојат ограничувања кои ја штитат човечноста. Меѓународните трибунали и Меѓународниот кривичен суд постојано се потсетник дека impunitas не смее да биде опција – сторителите мора да одговараат пред законот.

---

[68] Geneva Conventions of 1949 and Additonal Protocols, United Nations, 1949.
[69] Procecutor v. Radovan Karadzic, Case No. IT-95-5/18, ICTY, Judgement, 2016.
[70] Robert Cryer, Hakan Friman, Darryl Robinson and Elizabeth Wilmshurst Frontmatter, *An Introduction to International Criminal Law and Procedure, 3rd ed.*, Cambridge University Press, 2019, стр. 130-135.

Злосторствата против човештвото ја одразуваат најсуровата страна на човечкиот однос кон својот вид.

2.3.Злосторства против човештвото

Кога системското насилство се насочува кон цивилното население, тоа не е само кривично дело – тоа е напад врз самата човечност. Злосторствата против човештвото се дела кои ја надминуваат традиционалната рамка на казненото право, бидејќи нивната цел не е поединечно убиство туку тероризам, прогон или уништување на цела група поради политичка, етничка, расна или верска припадност.[71]

Спорет Римскиот статут на МКС (2002) злосторствата против човештвото се дејствија извршени како дел од широко распространета или системска практика против цивилното население.

Тие вклучуваат:[72]

- Убиства и истребување – системска ликвидација на цивили или членови на определени групи;
- Ропство и депортација – присилно преместување на населението или држење луѓе во ропство;
- Затворање без правна основа, тортура и нечовечно постапување;
- Сексуално насилство – силување, сексуално ропство, присилна проституција како средство за терор и контрола;
- Прогонување по политичка, национална, расна, етничка или верска основа, кое предизвикува сериозни страдања или уништување.

Овие дејсвија не мора да се случат во време на војна – често тие се дел од системски репресивни политики на државата или вооружени групи. Разликата од воени злосторства е

[71] Rome Statute of the International Criminal Court, United Nations, 2002, Art. 7.
[72] Cryer et al, *An Introduction to International Criminal Law and Procedure, 3rd ed*, Cambridge University Press, 2019, стр. 121-125.

тоа што жртвите се цивили, а дејствијата се дел од системски или широко распространет план, а не од воена операција.

Војната во поранешна Југославија откри масовни убиства, протерување и сексуално насилство над цивили, како дел од системска кампања за етничко чистење.[73] Потоа во Руанда, 1994 година, злосторство против човештвото се реализира низ масовни убиства на Тутси (Tutsi), следејќи системска кампања на терор.[74]

Во современите конфликти во Сирија и Јемен, принудни исчезнувања, мачења, депортации и други форми на репресија врз цивили се документирани како злосторства против човештвото.[75] Дополнително на пример етничко и верско прогонување на Рохингја, муслиманите во Мјанмар ја илустрира модерната примена на оваа дефиниција каде цивили се мета на насилство и прогон со цел демократски да се променат одредени региони.[76]

Клучното за класификација на овие дела е намерата (dolus) која се манифестира преку свесност за системско или широко распространето дејствие и целта да се предизвика страдање на цивили. Намерата често се докажува преку наредби, документи, стратегиски планови и изјава на сведоци.

Злосторствата против човештвото не се само историски факти, тие се постојан потсетник дека човечката цивилизација може да се соочи со најмрачните аспекти на сопствената природа. Меѓународните судови и трибунали служат како механизми на правда, со цел да ги санкционираат сторителите и да ја заштитат човечноста со јасна порака дека impunitas не смее да биде опција.

[73] Prosecutor v. Radovan Karadzic, Case NO. IT-95-5/18, ICTY, Judgement, 2016.
[74] Prosecutor v. Jean-Paul Akayesu, Case NO. ICTR-96-4-T, ICTR, Judgement, 1998.
[75] Human Rights Watch, World Report 2020, Human Rights Watch, 2020.
[76] Amnesty International, Myanmar: "We are at breaking point" – Rohingya, Amnesty International Report, 2020.

2.4.Злосторство на агресија

Кога една држава ја користи својата воена моќ за да нападне друга држава без легитимен повод или одбрана, тоа не е само политичка акција, тоа е злосторство на агресија, кое ги нарушува основните принципи на меѓународниот мир и безбедност.[77] Таквото дејствие претставува највисока форма на злоупотреба на државната власт, бидејќи последиците од него се катастрофални за цивилите, економијата и меѓународните односи.

Злосторството на агресија е прецизно дефинирано во Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд (2010, додадок II), како: „План, подготовка, иницирање или извршување на акција на државата како вооружена сила против суверената територија на друга држава, со цел да се наруши нејзиниот мир, без оправдан повод на самоодбрана.“[78]

Пример на активности кои се класифицираат како агресија:[79]

- Напад врз територија на друга држава со користење на вооружени сили;
- Бомбардирање или инвазија без одобрение на Советот за безбедност на ООН;
- Присилно окупирање на територија или поддршка на вооружени групи за извршување на напад.

За разлика од воените злосторства или злосторствата против човештвото, жртвата на ова злосторство е самата држава, а влијанието се чувствува и врз нејзиното население, инфраструктура и суверенитет.

Пример: Нападот на Ирак врз Кувајт во 1990 година, претставува класичен пример на агресија, бидејќи Ирак ја користеше својата воена сила за да ја окупира соседната држава без легитимен повод.[80] Анализата на меѓународни одлуки за интервенции без мандат на

[77] Rome Statute of the International Criminal Court, United Nations, 2010, Addentum II.
[78] Исто, Art 8 bis.
[79] Cryer et al, *An Introduction to International Criminal Law and Procedure, 3rd ed*, Cambridge University Press, 2019, стр. 145-150.
[80] United Nations Security Council Revolutions 660 and 678 (1990-1991).

Советот за безбедност покажува дека и понатаму постои јасна разлика помеѓу легитимна одбрана и агресивна инвазија.[81]

Клучниот аспект е намерата (intentionality) – сторителот мора да ја знае илегалноста на своето дејствие и да ја следи целта за нарушување на мирот на друга држава. Ова значи дека дејствијата мора да бидат системски и свесно планирани, а не резултат на нејасни командни грешки или самоодбрана.

Механизмите на Меѓународниот кривичен суд и историските трибунали ја нагласуваат сериозноста на агресијата. За разлика од обичните воени злосторства, казната за агресија се однесува не само на поединецот туку и на одговорни политички и воени лидери, кои ја планирале или спровеле акцијата. Ова служи како предупредување дека злоупотребата на државната моќ нема да остане без последици.[82]

Злосторствата на агресија ја покажуваат најдиректната врска помеѓу политиката и казненото право. Тоа потсетува дека суверенитетот на државата и меѓународниот мир не се апстракции, туку правни категории што мора да се заштитат. Меѓународната заедница преку закони и трибунали ја потврдува оваа вистина: агресорите мора да одговараат, за да се зачува редот и безбедноста на светот.

По разгледувањето на четирите тематски категории на меѓународни казнени дела, природно се наметнува прашањето дали тие се доволни за да ги опфатат сите современи предизвици или пак постои потреба од признавање на нови облици на меѓународни злосторства.

Иако современото Меѓународно казнено право главно се заснова врз четирите признати категории – геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторството на агресија, сепак во академската дебата и политичка практика се појавуваат контроверзии околу други дејствија кои според многумина, заслужуваат да бидат третирани како меѓународни злосторства. Овие дискусии покажуваат дека правото не е статично туку е динамична материја што се менува со новите глобални предизвици.

[81] William Schabass, *The International Criminal Court: A Commentary of the Rome Statute*, Oxford University Press, 2016, стр. 210-215.
[82] Herbert M. Kritzer, *Criminal Law, Cases and Materials, 7th ed*, Wolters Kluwer, 2017, стр. 120-124.

Прво, прашањето за тероризмот е едно од најчесто дебатираните. Поддржувачите на негово признавање како меѓународно злосторство укажуваат дека станува збор за насилни акти насочени кон цивичното население со цел создавање општ страв, што е блиску до концептот на злосторства против човештвото.[83] Сепак, спротивната страна посочува дека недостигот од универзално прифатена дефиниција го прави тероризмот политички чувствителен и лесно манипулативен поим.[84]

Второ, значителен интерес предизвикува поимот екоцид, односно масовно уништување на животната средина. Се смета дека долгорочните штети врз екосистемите и здравјето на луѓето се споредливи со штетите предизвикани од веќе признатите злосторства.[85] Иницијативи за негова инклузија во Римскиот статут веќе постојат, но критичарите предупредуваат на проблемот со докажувањето на намера и со ограничувањето на државниот суверенитет.[86]

Понатаму, дел од академската јавност го истакнува прашањето за масовната корупција, наречена и „grand corruption“". Според овој став, корупцијата на највисоките нивоа ја поткопува владејачката структура, создава системско сиромаштво и индиректно води кон масовни страдања, што ја доведува во непосредна врска со концептот на злосторства против човештвото.[87] Но, противниците сметаат дека правната врска меѓу коруптивните практики и сериозните повреди на меѓународното право е премногу слаба за да се вклучи во оваа категорија.[88]

Особено внимание привлекува и транснационалниот организиран криминал, вклучително и трговијата со луѓе. Овие појави несомнено предизвикуваат тешки повреди на човековите права и често функционираат како систематски напади врз цивили.[89] Но сепак многу држави укажуваат дека тие веќе се предмет на специјални меѓународни

[83] Antonio Cassese, *International Criminal Law*, Oxford University Press, 2006, стр. 142.
[84] Ben Saul, *Defining Terorism in International Law*, Oxford: Oxford University Press, 2012, стр. 53.
[85] Rosalyn Higgins, *"Ecocide as an International Crime: The Road Ahead"*, Journal Of International Criminal Justice 18, no. 2, 2020, стр. 367.
[86] Philippe Sands, *The Case for Ecocide*, Cambridge: Cambridge University Press, 2021, стр. 89.
[87] John Hagan and Ruth Levi, *"Crimes of Power and Powerful Criminals: The Globalization of Crime Control"*, European Journal Of Criminology 2, no.2, 2005, стр. 145.
[88] Martine Boersma, *Corruption: A Violation of Human Rights and a Crime under International Law?*, Antwerp: Intersentia, 2012, стр. 77.
[89] Anne Gallagher, *The International Law of Human Trafficking*, Cambridge: Cambridge University Press, 2010, стр. 214.

конвенции, како што е Палермската конвенција и оттука нема потреба од нивно вклучување во „јадрото“ на меѓународните злосторства.[90]

Конечно, историската дебата за колонијализмот и структурната дискриминација отвора комплексно прашање. Дел од експертите сметаат дека последиците од колонијалните практики се сè уште видливи и дека тие треба да бидат квалификувани како меѓународни злосторства.[91] Други пак, предупредуваат дека ваквото проширување би можело да создаде нови политички поделби и да отвори прашања од минатото што државите претпочитаат да ги остават зад себе.[92]

3.Облици на одговорност за меѓународно казнено дело

Одговорноста за меѓународни кривични дела претставува основен концепт во Материјалното меѓународно казнено право, чија цел е да обезбеди дека поединци, без оглед на нивниот политички, воен или службен статус – ќе бидат лично одговорни за дела кои сериозно ги повредуваат темелните вредности на меѓународната заедница.[93]

Во доктрината и практиката на меѓународните кривични судови, се издвојуваат неколку облици на индивидуална кривична одговорност, кои често се кодифицирани во меѓународните инструменти, како што е Римскиот статут на МКС (член 25).[94]

[90] United Nations, Convention against Transnational Organized Crime, Palermo Convention, 2000.
[91] Sarah Nouwen, “The International Criminal Court and the Politics of Legal Pluralism”, Law and Contemporary Problems 76, no. 3, 2013, стр. 276.
[92] Antony Anghie, Imperialism, Sovereignty and the Making of International Law, Cambridge: Cambridge University Press, 2005, стр. 203.
[93] Antonio Cassese, International Criminal Law, 3rd ed. Oxford: Oxford University Press, 2013, стр. 15-18
[94] Rome Statute of the International Criminal Court, 17 July, 1998, 2187 U.N.T.S. 3, Art. 25.

a) Директно извршување (Direct perpetration)

Се однесува на случаи кога сторителот лично ги извршува објективните елементи на кривичното дело, целосно или делумно.[95] Пример: воено лице кое лично наредува и спроведува незаконско убивање на цивили.

b) Соизвршителство (Co-perpetration)

Двајца или повеќе лица свесно и намерно учествуваат во извршувањето на делото, придонесувајќи со суштински дејствија. Во праксата на МКС, ова често се анализира преку т.н. теорија на контролата врз делото (control over the crime theory).[96]

c) Поттикнување и помагање (Instigation and aiding/abetting)

- Поттикнување: едно лице предизвикува или поттикнува друго лице да изврши меѓународно кривично дело.
- Помагање и поддршка: обезбедување на средства, информации, логистичка помош или други форми на поддршка што суштински придонесуваат за извршувањето на делото.[97]

d) Наредба (Ordering)

Посебно важен облик во воената и политичка хиерархија – одговорноста на лице кое дава наредба за извршување на меѓународно кривично дело, дури и ако не учествува директно во неговото извршување.[98]

e) Одговорност на надредените (Command of superior responsibility)

Концепт кој се развил особено во Нирнбершките процеси и подоцна е кодифициран во член 28 од Римскиот статут.[99]

---

[95] Kai Ambos, *Treatise on International Criminal Law, Volume I – Foundations and General Part*, Oxford: Oxford University Press, 2013, стр. 127-130.
[96] ICC, Lubanga, Judgement, ICC-01/04-01/06, 14 March, 2012, paras. 994-1000.
[97] M. Cherif Bassiouni, *Introduction to International Criminal Law, 2nd ed*, Leiden: Brill Nijhoff, 2013, стр. 215-217.
[98] ICTY, Celebici, Judgement, IT-96-21, 16 November, 1998, paras. 346-400.
[99] Claus Kreb, *"The Doctrine of Command Responsibility", Journal of International Criminal Justice 3, no.2*, 2005, стр. 325-332.

Надредените (воени команданти или цивилни претпоставени) се одговорни ако:

- Знаеле или требало да знаат дека нивните подредени вршат или се подготвуваат да вршат меѓународни кривични дела и
- Не презеле неопходни разумни мерки за спречување или казнување.

f) Обид и подготвиделни дејствија (Attempt and preparatory acts)

Иако кај меѓународните кривични дела фокусот е на завршените дела, некои статути предвидуваат одговорност и за обид (кога дејствијата на сторителот претставуваат суштински чекор кон извршување на делото, но тоа не е довршено) или за одредени подготвителни дејствија (како заговор за геноцид).[100]

g) Заедничко криминално здружување (Joint criminal enterprise –JCE)

Правна доктрина развиена од Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ), според која повеќе лица се одговорни ако дејствуваат како дел од заеднички план за извршување меѓународно кривично дело.[101]

Облиците на одговорност во меѓународното казнено право претставуваат клучен инструмент за обезбедување на индивидуална одговорност, особено во ситуации на масовни и системски злосторства. Тие ја отсликуваат потребата да се опфатат сите можни форми на учество – од директното извршување, до командната одговорност и индиректното поттикнување – со цел да се спречи неказнивоста и да се афирмира принципот дека никој не е над законот.

4.Еволуција и надлежности на постојаниот МКС: историски и правни аспекти

4.1 Од ad hoc трибунали до постојан меѓународен кривичен суд

[100] William Schabas, *An Introduction to the International Criminal Court, 5th ed*, Cambridge, Cambridge University Press, 2017, стр. 125-127.
[101] ICTY, Tadic (Appeals Judgement), IT-94-1-A, 15 July 1999, paras, 185-226.

Податоците за гонење и обвинување на воени злосторства се забележуваат уште од Античка Грција, а постојат индикации дека слични практики постоеле и порано. Идејата за воспоставување за некое заедничко, универзално прифатливо однесување, дури и во ситуации на екстремна бруталност и вооружен конфликт, произлегува од уверувањето – потврдено низ филозофијата и религијата - дека постојат фундаментални вредности и принципи на човечкиот дух кои треба да се почитуваат. Овие концепти подоцна ќе се развијат во современите норми на Меѓународното казнено право.

Сепак, гонењето за сторени воени злосторства долго време се ограничувало единствено на национално ниво што се покажа и сè уште се покажува како неефикасно.[102] Ова особено е случај кога оние кои се одговорни за злосторство остануваат на власт, додека жртвите продолжуваат да бидат маргинализирани и подредени.[103]

Историски гледано гонењето за сторени воени злосторства генерално било ограничено и се извршувало единствено од страна на победниците, односно над поразените или во изолирани случаи – над непријателските војници во рамките на победничката армија.[104] Ова се должи на тоа што во раните историски периоди моралните и правните норми за војна не биле универзални туку селективно применувани. Победниците ја контролирале судбината на поразените, додека нивните сопствени сили биле ретко изведувани пред суд за сторените злосторства, така, одговорноста била повеќе политичка и воена отколку универзално-правна, што го ограничува ефектот на правдата и го создавало чувството на нееднаквост меѓу конфликтните страни.

Судењето и егзекуцијата со обезглавување на Петер фон Хегенбах (Peter von Hagenbach) во 1474 година во Брајзах, Германија, се смета за прв познат случај на меѓународно судење за воени злосторства, што го поставува темелот на современото Меѓународно казнено право и принципите на индивидуална одговорност во вооружен конфликт. Сепак, она што во средновековието претставувало само експеримент во областа на Меѓународното право наскоро било развиено и инкорпорирано во подоцнежните

[102] Cryer, R., Friman, H., Robinson, D., & Wilmschurst, E. *An Introduction to International Criminal Law and Procedure, 4th ed,* Cambridge: Cambridge University Press, 2019, стр. 15-18.
[103] Schabas, W. A. *Genocide in International Law: The Crime of Crimes, 3rd ed,* Cambridge: Cambridge University Press, 2019, стр. 55-60.
[104] William Schabass, *An Introduction to the International Criminal Court, 2nd ed,* Cambridge University Press, New York, 2004, стр. 1.

мировни договори, особено во рамките на Вестфалискиот мир од 1648 година. Со овие договори е ставено крај на триесетгодишната војна која започнала во 1618 година со антихабсбуршкиот револт во Бохемија.

Серијата мировни договори резултирала со потпишување на два договори меѓу империјата, новите големи сили, Шведска и Франција, со што ги решиле конфликтите во империјата со нивните гаранции.[105]

Со текот на развојот на меѓународните односи и процеси на интернационализација не само на правото туку и на криминалитетот, сè повеќе се зајакнувала потребата од воспоставување на меѓународен систем за гонење на сите хуманитарни злоупотреби. Во втората половина на XIX век, швајцарскиот правник Густав Монје и еден од основачите на движењето Црвен крст создадено во Женева 1860 година, првично апелирал за неопходност за изградба на нацрт-план за идниот Меѓународен кривичен суд. Со неговото постоење, според визијата на Монје ќе можат да се гонат и казнуваат сите лица кои ги прекршиле одредбите на Женевските конвенции од 1864 година, како и оние кои повредиле други меѓународни хуманитарни норми.

Во 1872 година, Густав Монје пред Меѓународниот комитет за помош на ранетите во војната (подоцна познат како Меѓународен комитет на Црвениот крст) предложил петчлен суд чија надлежност би се однесувала на пресудување на делата содржани во споменатата Женевска конвенција од 1864 година. Сепак, за тоа време оваа идеја се покажала како особено радикална и не наишла на поширока поддршка, па оттука останала само како визионерски предлог кој нема да се реализира сè до многу подоцна.[106]

Парискатa декларација од 1856 година и Женевската конвенција за положбата на ранетите од 1864 година како и Петроградската декларација од 1868 година, претставуваат почетен чекор во поставувањето на првите правила за водењето на војна.

Почетокот на новата фаза во развојот на идејата за МКС се поврзува со двете Хашки конференции, 1899 година и 1907 година. Со нивните акти значително е

[105] Anushka Tischer, *Peace of Westphalia (1648)*, Ohford Bibliographies, 2015.
[106] Jonathan Hall KC, The First Proposal for a Permanent International Criminal Court, International Review of the Red Cross, 1998.

модифицирана материјата на военото право, при што во неа се вградени основните правила за повредите на воените закони и обичаи. Во овој корпус спаѓаат и двете за темата релевантни конвенции: Конвенцијата за мирно решавање на меѓународните спорови (1899) и Конвенцијата за меѓународен суд за воениот плен на море (1907).

Хашките конвенции се првата значајна кодификација на начелата за водење војна. Во 1913 година, истражната комисија пратена од Фондацијата Карнегие и задолжена да истражи постоење на воените злосторства сторени за време на Балканските војни, се користи токму со Хашката конвенција IV, како појдовна за правно дефинирање на воените злосторства.[107] После Првата светска војна, Комисијата за утврдување одговорности на авторите на војната и за извршувањето на казните, утврдена за испитување на наводно сторените воени злосторства од страна на Централните сили, го стори истото.[108] Вистинското гонење за повредите на Хашките конвенции започна со Нирнбершкиот процес. Таканаречениот „Хашки закон“ подоцна беше вграден во Статутот на МКТЈ (1993) и во Статутот на МКС. Иако претходно имаше бројни, но неуспешни обиди за создавање меѓународен кривичен суд, тие придонесоа за развивање на свеста за потребата од ваков суд.

По завршувањето на Втората светска војна, отсуството на ефикасен систем за детекција и санкционирање на повредите на меѓународното воено право, придонесе за афирмирање на еден од особено значајните принципи на Меѓународното право – принципот на индивидуална кривична одговорност за сторени воени злосторства и повреди на воените обичаи. Со Версајскиот мировен договор од 1919 година, беше предвидено воспоставување на специјален меѓународен суд за поранешниот германски император Вилхелм II, обвинет за водење агресивна војна и за повреда на меѓународните договори, како и судење на другите воени злосторници во државите каде што ги извршиле делата. Сепак, оваа идеја не се реализира, а Вилхелм почина во 1941 година, кога неговата

[107] Report of the International Commission to Inquire into the Causes and Conduct of the BalkanWars, Washington: Carnegie Endowment for International Peace, 1914.
[108] Violations of the Laws and Customs of War, Reports of Majority and Dissenting Reports of American and Japanese Members of the Commission of Responsibilities, Conference of Paris, 1919, Oxford: Clarendon Press, 1919.

земја на прибежиште падна под германска окупација во почетните фази на Втората светска војна.

Германија никогаш целосно не ги прифати одредбите на Версајскиот договор. Во таа насока, беше постигнат компромис според кој сојузниците требаше да подготват списоци на германски осомничени, а судењата за нив требаше да се одржуваат пред германски судови. Првичниот список, кој броел околу 900 лица, подоцна бил намален на околу 45, за на крај да се сведе на десетина. Неколкумина од нив беа ослободени од судењата, додека оние прогласени за виновни добија скромни затворски казни, кои во најголем дел беа издржани уште во периодот на притвор. Истите биле познати како „судските процеси на Лајпциг“ и de facto укажуваат на неуспех.

Подоцнежниот Договор од Сервес од 1920 година, кој требаше да обезбеди мир со Турција, исто така предвидуваше судење за воени злосторства, што претставуваше најава за понатамошното дефинирање на злосторства против човештвото. Сепак, договорот никогаш не беше ратификуван од Турција и меѓународните судења не се одржаа. Тој беше заменет со Договорот од Лозана од 1923 година, кој содржи „декларација за амнестија“ за сите престапи извршени од 1 август 1914 година до 20 ноември 1922 година.

Иако овие првични напори за воспоставување на постојан меѓународен трибунал останаа неуспешни, тие сепак ја истакнаа потребата за продолжување на иницијативата и во иднина. Барон Декампс од Белгија, член на Советодавниот комитет на правници назначен од Советот на Лигата на народите, предложи формирање на „висок суд на меѓународната правда“.

Напорите на експертските тела кулминираа во 1937 година со договор за воспоставување Меѓународен кривичен суд, но тој не беше ратификуван и не стапи на сила.

4.2. Развојот на идејата за постојан МКС по Втората светска војна

По Втората светска војна, отсуството на ефикасен систем за откривање и санкционирање на повредите на меѓународното воено право ја истакна потребата за воспоставување на постојан механизам за одговорност. Тоа го доведе до афирмирање на принципот на индивидуална кривична одговорност за воени злосторства и повреди на воените обичаи. Иако претходните обиди, вклучувајќи го и Версајскиот мировен договор од 1919 година, како и Договорот од Севрес (1920) и неговата замена со Лозанскиот договор (1923), не се реализираа, тие ја наметнаа дискусијата за воспоставување на меѓународен кривичен суд.

Првичните обиди за формирање постојан трибунал вклучуваа активности на експертски тела како Меѓународнотно здружение на правници и Меѓународната асоцијација за казнено право, кои кулминираа во 1937 година со договор усвоен од Лигата на народите. Меѓутоа, поради недоволен број ратификации, договорот не стапи на сила. Иако овие напори беа неуспешни тие ја истакнаа потребата за продолжување на иницијативата, а предлозите на личности како Барон Декампс за формирање „висок суд на меѓународната правда“ го задржаа прашањето во фокусот на Меѓународната заедница.

Со оваа континуирана дебата и подготовка, се создадоа услови за подоцнежните успеси во кодифицирањето на воените злосторства, повредите на воените обичаи и злосторствата против човештвото, што на крајот кулминираше во формирањето на современиот постојан Меѓународен кривичен суд (МКС).

4.3.Нирнбершкиот трибунал или Меѓународен воен суд во Нирнберг

Во текот на Втората светска војна, фашистичките режими извршија бројни злосторства врз цивилното население, воените заробеници и ранетите лица на окупираните територии. Овие дела предизвикаа глобално згрозување и потреба од воспоставување механизам за нивно казнување. Веќе во 1943 година на Московската конференција, лидерите Рузвелт, Сталин и Черчил ја усвоија Московската декларација, со која се изрази решителноста сторителите да бидат изведени пред правдата. Со таа цел Обединетите нации формираа комисија за истрага на воени злосторства предводена од британскиот претставник Сер Сесил Херст.[109] Ова тело изготви Нацрт – Конвенција за формирање суд за гонење на извршителите на меѓународни кривични дела.

По завршувањето на војната, со Лондонската спогодба од 1945 година, четирите големи сили – САД, СССР, Велика Британија и Франција – го основаа Меѓународниот воен суд во Нирнберг, составен од судии и обвинители од овие држави. Подоцна уште деветнаесет земји го поддржаа овој акт со што се потврди неговото меѓународно значење и широка прифатеност.

Нирнберг беше избран за седиште на судот, не само поради неговото симболично значење – како место на големите собири[110] на нацистичката партија во периодот од 1923 година до 1938 година туку и поради неговата соодветна инфраструктура. По 1946 година, самиот поим „Нирнберг“ стана синоним за меѓународна правда и процесирање на најтешките злосторства.

Во периодот од 1945 година до 1949 година пред Нирнбершкиот трибунал се одржале вкупно тринаесет судски процеси. Првиот бил насочен кон главните нацистички воени злосторници, додека останатите процеси се однесувале на други лица вмешани во вакви дела, врз основа на Законот бр.10 донесен од Надзорниот совет за Германија.

[109] William Schabass, *An Introduction to the Criminal Court, 2nd ed,* Cambridge University Press, New York, 2005, стр. 5.
[110] Претставуваат важни настани за државна пропаганда, особено по доаѓањето на власт на Хитлер во 1933 година.

Првиот процес завршил со различни исходи: тројца обвинети биле ослободени, дванаесет добиле смртна казна, тројца биле осудени на доживотен затвор, а четворица на временски ограничени казни затвор. Од осудените на смрт, десетмина биле егзекутирани со бесење, еден избегал од правдата, а еден извршил самоубиство.[111]

Со Нирнбершкиот процес беше надмината една дотогаш непремостлива пречка – признавањето на супермацијата на меѓународната казнена правда над доктрината за апсолутен државен суверенитет.[112] Сепак, нејзината примена првично беше ограничена само на злосторниците од поразените држави, додека делата извршени од страна на припадници на победничките сили останаа во надлежност на националните судови.

Со резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации од 1946 година беа потврдени основните начела содржани во Статутот и пресудата на Нирнбершкиот трибунал, при што тие беа прифатени како темелни принципи на позитивното меѓународно кривично право. Веќе следната година, Комисијата за меѓународно право при ОН доби задача, врз основа на овие начела, да изработи нацрт за меѓународен кривичен законик за делата против мирот и безбедноста на човештвото, како и предлог-статут за постојан Меѓународен кривичен суд.

Постапката пред судот во Нирнберг се состоела од следните фази: претходна изјава на тужителот, докажување од страна на тужителот и туженият, сослушувањето на сведоците, завршните зборови и на тужителот и на туженият и изјава на туженият, како и финалната пресуда.[113] Самиот процес на судењето, бил во времетрање од повеќе од 9 месеци.[114]

По долг труд што укажува на ова прашање и вниманието посветено на него, комисијата ги објавила овие принципи во извештајот на работата на комисијата од 5 јуни до 29 јули 1950 година.

[111] Владо Камбовски, *Меѓународно казнено право*, Скопје, 1998, стр. 381.
[112] Исто, стр. 383.
[113] Статут на интернационалниот воен трибунал: https://avalon.law.yale.edu/imt/imtconst.asp
[114] Нирнбершки процеси – обвинение: https://avalon.law.yale.edu/imt/count.asp последно пристапено: 08.20.2025

Нирнбершките принципи (Niremberg Principles) се збир на основни правила и норми на Меѓународното казнено право кои произлегуваат од Статутот и пресудата на Нирнбершкиот трибунал. Генералното собрание на Обединетите Нации во 1946 година ги потврди, а Комисијата за меѓународно право во 1950 година ги кодифицира во седум точки.

- **Одговорност за кривични дела според меѓународното право**

Секое лице кое извршува дело што претставува кривично дело според меѓународното право е одговорно и подлежи на казна.

- **Нема ослободување поради домашно право**

Фактот дека националното право не предвидува казна за такво дело не го ослободува сторителот од одговорност.

- **Нема ослободување поради службена функција**

Функцијата на лицето како шеф на држава или државен службеник не го ослободува од меѓународна одговорност.

- **Обврска над наредбата**

Фактот дека сторителот постапувал по наредба на надреден не го ослободува од одговорност ако постоел реален избор на постапување.

- **Право на правично судење**

Секое лице обвинето за кривично дело според меѓународното право има право на правично судење врз основа на фактите и правото.

- Дела што претставуваат меѓународни злосторства:

1. Злосторства против мирот (агресивна војна, нарушување на меѓународниот мир).
2. Воени злосторства (повреди на законите и обичаите на војна).
3. Злосторства против човештвото (убиства, истребувања, поробувања, депортации и други нехумани дела).

- **Соучесништво**

Секое лице што учествува во планирање или извршување на овие злосторства е исто така одговорно.

Со нивната формулација да се создаде универзален стандард за поединечна кривична одговорност на меѓународно ниво, кој подоцна стана правна и концептуална основа за развој на ad hoc трибуналите и на постојаниот Меѓународен кривичен суд.

4.4. Токиски трибунал

По завршувањето на Втората светска војна, во услови на безусловната капитулација на Јапонија, светот повторно се соочи со истото прашање како и во Европа: дали највисоките воени и политички лидери треба да бидат изведени пред суд за злосторствата што ги извршиле или нивната одговорност ќе биде апсорбирана од логиката на поразот и окупацијата? На тој предизвик се одговори со формирањето на Меѓународниот воен трибунал за Далечниот Исток (IMTFE), познат како Токиски трибунал, кој претставуваше азиски еквивалент на Нирнберг.[115]

Одлуката за негово создавање ја донесе Врховниот сојузнички командант, генерал Даглас Макартур, кој со посебна прокламација во 1946 година воспостави судска

[115] Antonio Cassese, *International Criminal Law*, Oxford University Press, 2008, стр. 327.

институција задолжена за гонење на главните јапонски лидери.[116] Тоа беше обид да се покаже дека принципите воспоставени во Нирнберг не се исклучок што важи само за европскиот контекст туку универзален преседан кој се однесува и на други региони и нации.[117]

Пред трибуналот беа изведени дваесет и осум високи претставници на јапонската држава, меѓу кои поранешни премиери, министри, генерали и адмирали. Тие беа обвинети за водење агресивна војна, за масовни убиства, за злосторства против цивилното население во Кина, Кореја, Индонезија и други делови од Азија, како и за сурово постапување кон воените заробеници.[118] Процесот траеше повеќе од две години и се претвори во своевидна судска епопеја, со илјадници страници докази, стотици сведоци и огромен интерес од меѓународната јавност.

Во ноевмври 1948 година беа изречени пресудите: седум обвинети беа осудени на смрт со бесење, шеснаесет добија доживотен затвор, додека другите добија помали казни.[119] Иако резултатот изгледаше како победа на меѓународната правда, трибуналот не помина без жестоки критики. Најчестата забелешка беше дека станува збор за „правда на победниците“, бидејќи сите обвинети доаѓаа исклучиво од јапонската страна, додека одлуките на сојузниците – како атомските бомби врз Хирошима и Нагасаки или системските бомбардирања на цивилни цели – останаа надвор од секое судско разгледување.[120] Дополнително, дел од обвиненијата беа базирани врз правни категории кои во моментот на извршувањето на делата не постоеле во меѓународното право со таа јасност, што предизвика критики за ретроактивна примена на правото.[121]

И покрај овие слабости, значењето на Токискиот трибунал е неспорно. Тој ја потврди идејата дека индивидуалната кривична одговорност не може да се избегне со

[116] William Schabas, *The International Criminal Court: A Commentary on the Rome Statute*, Oxford University Press, 2016, стр. 18.
[117] Robert Cryer et al., *An Introduction to International Criminal Law and Procedure, Cambridge University Press, 2019*, стр. 42.
[118] Gideon Boas, *The Tokyo Trials and Beyond: Reflections of a Peacemonger*, Martinus Nijhoff. 1997, стр. 73.
[119] Neil Boister and Robert Cryer, *The Tokyo International Military Tribunal: A Reappraisal*, Oxford University Press, 2008, стр. 411.
[120] Mirjan Damaska, *"What is the Point of International Criminal Justice?"*, Chicago–Kent Law Review, Vol. 83, No. 1, 2007, стр. 341.
[121] Milan Skulic, *Меѓународно кривично право*, Белград: Службени гласник, 2012, стр. 115-116.

повикување на државен суверенитет или службена функција.[122] Воедно, го прошири хоризонтот на меѓународното казнено право во азискиот контекст и остави длабока трага во колективната меморија на државите од регионот. Заедно со Нирнберг, Токио стана темел врз кој се градеа подоцнежните иницијативи за кодификација на нормите за меѓународни злосторства и за создавање на постојан Меѓународен кривичен суд.[123]

4.5. Ad hoc меѓународни кривични трибунали

По искуствата со Нирнбершкиот и Токискиот трибунал, повеќе од четири децении немаше создавање на нови меѓународни кривични судови. Недостигот од политичка волја и доминантната логика на државниот суверенитет ја оневозможија идејата за воспоставување на постојан суд. Но, насилствата и масовните злосторства од 90-тите години на територијата на поранешна Југославија и во Руанда го свртеа вниманието на Меѓународната заедница кон потребата за делотворен правен механизам.

Во таа насока, Советот за безбедност на Обединетите нации ја презеде иницијативата и основа специјализирани судови со ограничена надлежност – таканаречените ad hoc меѓународни кривични трибунали. Тие се карактеризираа со тоа што беа создадени за конкретни конфликти, со временски и територијални ограничувања и со јасна задача: гонење на одговорните за најтешките форми на кршење на меѓународното хуманитарно право.[124]

Ad hoc трибуналите претставуваат своевиден компромис меѓу потребата за правда и политичките интереси во Советот за безбедност. Од една страна, нивното постоење ја демонстрираше способноста на Меѓународната заедница да реагира во услови на масовни

[122] Antonio Cassese, *International Law*, Oxford University Press, 2005, стр. 245.
[123] M.Cherif Bassiuoni, *Introduction to International Criminal Law*, Brill, 2013, стр. 52.
[124] Antonio Cassese, *International Criminal Law*, Oxford University Press, 2008, стр. 331-335.

злосторства, а од друга страна нивната привремена природа и селективна примена на правдата откриваат ограничувања и политички условености.[125]

И покрај тоа, значењето на овие институции е неспорно. Тие потврдија дека индивидуите, без оглед на нивната функција, можат да бидат предмет на кривична одговорност за злосторства против човештвото, геноцид и воени злосторства.[126] Притоа, нивната судска практика создаде богато наследство кое подоцна ќе стане основа за Римскиот статут од 1998 година и воспоставувањето на постојаниот Меѓународен кривичен суд.[127]

Во декември 1992 година Генералното собрание го прифатило предлогот за формирање на ваков трибунал во Хаг, при што неколку влади придонесле кон изработка на неговиот статут преку давање идеи и препораки за неговата содржина. Во почетокот на 90-тите години, по распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Европа се соочи со серија на вооружени конфликти кои го нарушија меѓународното хуманитарно право. Масовните злосторства, кои вклучуваа убиства, етничко чистење и други облици на насилство врз цивилното население, ја поттикнаа Меѓународната заедница да реагира. Така, Советот за безбедност на Обединетите нации во 1993 година формираше Меѓународен трибунал за лица одговорни за тешки кршења на Меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија – попознат како Хашки трибунал или МКТЈ.[128]

[125] William Schabass, *An Introduction to the International Criminal Court*, Cambridge: Cambridge University Press, 2020, стр. 42-45.
[126] Љубиша Лазаревиќ, *Меѓународно кривично право*, Белград: Службени гласник, 2011, стр. 219-223.
[127] Milan Skulic, *Меѓународни кривични судови*, Белград: Правни факултет универзитет у Београду, 2015, стр.147-152.
[128] Antonio Cassese, *International Criminal Law*. Oxford: Oxford University Press, 2008, стр. 341-345.

4.5.1.Меѓународен трибунал за гонење лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година - Хашки Трибунал

Хашкиот трибунал беше ad hoc суд, создаден за да гони и казни сторители на најтешки злосторства сторени во конкретен регион и во ограничен временски период. Неговата надлежност ги опфаќаше тешките прекршувања на Женевските конвенции, злосторствата против човештвото и во одредени случаи, кршења на законите и обичаите на војување.[129] Овој суд ја воспостави праксата дека високите политички и воени лидери може да се соочат со меѓународна кривична одговорност што претставува значаен чекор напред во супермацијата на меѓународното право над националните интереси.[130]

Значајно е дека Хашкиот трибунал ја развиваше судската практика на ad hoc трибунали, особено во дефинирањето на поимите „сексуално насилство како воено злосторство“ и „командна одговорност“. Иако трибуналот се соочи со критики за долгите судски постапки и трошоците, неговата работа постави темел за развој на постојаниот Меѓународен кривичен суд (МКС) и ја зајакна идејата дека Меѓународната заедница има обврска да реагира на масовни кршења на човековите права и Меѓународното хуманитарно право.[131]

Организацијата на Хашкиот трибунал е дизајнирана така што ги комбинира меѓународните стандарди на независност и непристрасност со ефективноста на судскиот процес. Како ad hoc суд, тој функционираше под егидата на Советот за безбедност на Обединетите нации, што му даваше легитимитет и врска со меѓународното право, но истовремено го поставуваше во позиција на зависност од политичките процеси во ОН.[132]

---

[129] William Schabass, *An Introduction to the International Criminal Court,* Cambridge: Cambridge University Press, 2020, стр. 46–48.
[130] Milan Skulic, *Меѓународни кривични судови*, Белград: Правни факултет Универзитет у Београду Press, 2020, стр. 46-48.
[131] Ljubisa Lazarevic, *Меѓународно кривично право*, Белград: Службени гласник, 2011, стр. 225-228.
[132] William Schabass, *An Introduction to the International Criminal Court*, Cambridge: Cambridge University Press, 2020, стр. 47-50.

На чело на трибуналот стои Претседател кој ја организира работата на судиите и претставува институцијата во меѓународната јавност.

Судиите се поделени во Трибунали за претходна постапка, Судски одбори и Апелационен одбор, со што се обезбедуваше јасна структура на одговорност и можност за контрола на судските одлуки.[133] Трибуналот имаше и Главен обвинител, кој водеше истраги и ги покренуваше обвиненијата против осомничените. Главниот обвинител, иако независен во својата работа, соработуваше тесно со Меѓународната заедница и со Советот за безбедност, со цел да обезбеди координирана и ефикасна акција.[134]

Во рамките на Трибуналот постоеше и Секретаријат, кој обезбедуваше администрација, логистика, правни служби и помош за судиите и обвинителите. Овој дел на организацијата беше клучен за функционирање на институцијата, бидејќи овозможуваше спроведување на сложени истраги и подготовка на судските постапки, понекогаш во ситуации на конфликти и ограничен пристап до докази.[135]

Хашкиот трибунал исто така воспостави систем на заштитници и правна помош за обвинетите, со што се гарантираше правото на фер судење според меѓународните стандарди. Правото на одбрана и обезбедувањето на адвокати со меѓународно искуство беше еден од столбовите на легитимноста на трибуналот, со оглед на тоа што многу обвинети беа високи државни или воени функционери.[136]

Сите овие елементи – независни судии, Главен обвинител, Апелационен одбор, Секретаријат и правна помош, беа интегрирани така што трибуналот можеше да постапува ефикасно, да донесува праведни пресуди и да создаде богата судска пракса која подоцна ќе служи како основа за постојаниот Меѓународен кривичен суд.[137]

---

[133] Antonio Cassese, *International Criminal Law*, Oxford: Oxford University Press, 2008, стр. 342-344.
[134] Milan Skulic, *Меѓународни кривични судови*, Белград: Правни факултет Универзитет у Београду, 2015, стр. 152-155.
[135] Ljubisa Lazarevic, *Меѓународно кривично право*, Белград: Службени гласник, 2011, стр. 227-230.
[136] M. Cheriff Bassoumi, *The Law of the International Criminal Tribunal for the Former Yugoslavia*, Dordecht: Martinus Nijhoff, 1996, стр. 95-100.
[137] Schabas, W., A., Cassese, A., Lazarevic., Ibid. , коментари на структурата и значењето на ad hoc трибуналите.

Кога се анализира улогата на Хашкиот трибунал, неизбежно е да се разгледа прашањето за неговиот легалитет и легитимитет. Легалитетот се однесува на правната основа на која е воспоставен Трибуналот, додека легитимитетот ја опфаќа поширокатa политичка и морална прифатливост на неговото делување. Овие два аспекта претставуваат клучни параметри за проценка на значењето и влијанието на Трибуналот во меѓународниот правен поредок.

Легалитетот на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТПЈ) произлегува од фактот дека тој беше основан од Советот за безбедност на Обединетите нации со Резолуцијата 827 од 25 Мај 1993 година, донесена врз основа на глава VII од Повелбата на ООН.[138] Советот констатираше дека масовните и систематски кршења на Меѓународното хуманитарно право во поранешна Југославија претставуваат закана по меѓународниот мир и безбедност, што му овозможи да преземе мерки со задолжителен карактер.[139] Во таа смисла, легалитетот на Трибуналот е неспорен: тој е формиран согласно меѓународното право и со јасна правна надлежност за гонење на геноцид, злосторства против човештвото, тешки прекршувања на Женевските конвенции и кршење на законите или обичаите на војна.[140]

Од друга страна, легитимитетот на Трибуналот претставува многу посложено прашање кое излегува надвор од формалната правна рамка. За едни, Трибуналот претставува историски чекор во воспоставувањето на индивидуална кривична одговорност за најтешките злосторства и симбол на глобалната борба против неказнивоста.[141] Тој постави преседани со признавањето на сексуалното насилство како воено злосторство, утврдувањето на командната одговорност и процесирањето на високи политички и воени лидери како Слободан Милошевиќ, Радован Караџиќ и Ратко

[138] United Nations Security Council, Resolution 827 (1993), S/RES.827, 25 May 1993.
[139] Antonio Cassese, *International Criminal Law*, Oxford: Oxford University Press, 2013, стр. 340.
[140] William Schabass, *An Introduction to the International Criminal Court*, Cambridge: Cambridge University Press, 2017, стр. 56.
[141] Cryer, R., Friman, H., Robinson, D., Wilmshurst, E. *An Introduction to International Criminal Law and Procedure*, Cambridge: Cambridge University Press, 2019, стр. 127-129.

Младиќ.[142] Смртта на Милошевиќ пред крајот на постапката остана нерешен момент, но другите процеси успешно завршија со пресуди.

Сепак одредени заедници, особено во Србија легитимитетот на Трибуналот го доведуваа во прашање, тврдејќи дека тој е политички мотивиран и насочен претежно против Србите. Властите одбиваа да го признаат Судот, образложувајќи дека не е формиран со меѓународни договори, но со текот на времето, но и под меѓународен притисок, сепак беше воспоставена одредена соработка. Неговата селективна надлежност (само за поранешна Југославија) беше интерпретирана како форма на „победничка правда“ и политички инструмент на големите сили.[143] Дополнително постоеја критики дека некои злосторства, особено оние извршени од страна на не-српски вооружени формации не беа доволно процесирани, што создаде чувство на нерамноправност и политичка пристрастност.[144]

Во заклучок, легалитетот на Хашкиот трибунал е недвосмислен, бидејќи тој се заснова врз Повелбата на ООН и резолуции на Советот за безбедност, додека неговиот легитимитет останува подложен на различни интерпретации и зависи од политичните, етничките и општествените перспективи на засегнатите заедници.

4.5.2. Меѓународен кривичен трибунал за Руанда

Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда (МКТР) беше создаден од Советот за безбедност на Обединетите нации со Резолуција 955 од 8 ноември 1994 година, со цел да се процесуираат лица одговорни за геноцидот и другите сериозни кривични дела што се случија на територијата на Руанда во 1994 година. Трибуналот има улога на привремено

[142] Kerr, R., & Mobekk, E. Peace and Justice: Seeking Accountability after War. Cambridge: Polity, 2007, стр. 88.
[143] Peskin, V. International Justice in Rwanda and the Balkans: Virtual Trials and the Struggle for State Cooperation. Cambridge: Cambridge University Press, 2008, стр. 210.
[144] Subotic, J. Hijacked Justice: Dealing with the Past in the Balkans. Ithaca: Cornell University Press, 2009, стр. 45.

меѓународно тело со јасно дефинирана мандатна зона и време на работа, но со значајно влијание врз развојот на меѓународното казнено право.[145]

Во 1994 година, Руанда беше погодена од еден од најсериозните геноциди во модерната историја, при што се смета дека 800.000 луѓе, главно припадници на етничката група Тутси, беа убиени во период од околу сто дена.[146] Со цел да се одговори на овие масовни злосторства, Советот за безбедност ја создаде резолуцијата која го формира МКТР, со намера да се воспостави правда за жртвите и да се спречи идно насилство преку промоција на одговорност.[147]

Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда има надлежност да суди за следните дела:

- Геноцид – делата извршени со намера да се уништат, целосно или делумно, етнички, национални, расни или верски групи.[148]
- Злосторства против човештвото – вклучувајќи убиства, измачување, прогон и други нечовечки дејства, насочени против цивилното население.[149]
- Воени злосторства – тешки прекршувања на Женевските конвенции, вклучувајќи убиство на заробеници, малтретирање на цивили и напади врз цивилни објекти.[150]

Надлежноста на трибуналот е територијална, односно се однесува на злосторства извршени на територијата на Руанда во периодот од 1 јануари до 31 декември 1994 година.[151]

МКТР се состои од неколку клучни органи:

- Претседател на трибуналот – одговара за административното раководство и координацијата на судските и правните функции.

[145] United Nations Security Council, Resolution 995, 8 November 1995.
[146] Des Forges, Alison. Leave None to Tell the Story, Genocide in Rwanda, Human Rights Watch, 1999.
[147] Schabas, W., A., An Introduction to International Criminal Court, Cambridge University Press, 2001, стр. 112.
[148] Rome Statute of the International Criminal Court, Article 6.
[149] ICTR Statute, Article 3.
[150] ICTR Statute, Article 4.
[151] Akhavan, Payam, "Justice in the Hague, Peace in Rwanda? The Impact of the ICTR on Trials of Genocide", Human Rights Quarterly, 1998, vol.20, стр. 368.

- Судии – избрани од Генералното собрание и Советот за безбедност на ООН, тие ја извршуваат судската власт и носат пресуди.
- Јавен обвинител – независно тело со задача да спроведува истраги, да поднесува обвиненија и да ги застапува случаите пред судот.
- Секретаријат – обезбедува логистичка и административна поддршка на целокупната работа на трибуналот.[152]

Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда е познат по судските процеси против високи политичари и воени лидери, вклучувајќи го и поранешниот премиер Жан Каданге и други лица од врвот на владата и армијата на Руанда. Трибуналот воспостави важни преседани во дефинирањето на геноцидот, индивидуалната одговорност и концептот на „command responsibility“, односно одговорност на командантите за дејствата на своите потчинети.[153]

Работата на МКТР имаше значително влијание врз развојот на меѓународното кривично право:

- **Јасно дефинирање на геноцидот** – МКТР ги разјасни критериумите за намерата и актите што се квалификуваат како геноцид.
- **Развој на судска практика** – воспостави методологии за прибирање и оценка на докази за масовни злосторства, вклучувајќи и документирани сведоштва и материјални докази.
- **Примена на командна одговорност** – потврди дека воените и политичките лидери можат да бидат одговорни за злосторства извршени од нивните подредени.[154]

Покрај тоа, искуството од МКТР послужи како модел за формирање на други специјализирани трибунали, вклучувајќи го и Меѓународниот кривичен трибунал за

[152] Cryer, Robert et al., An Introduction to International Criminal Law and Procedure, 3rd ed, Cambridge University Press, 2019, стр. 57-60.
[153] ICTR, The Prosecutor v. Jean-Paul Akayesu, Case No. ICTR-96-4-T, 1998.
[154] Исто.

поранешна Југославија (МКТЈ) и Концептот за постојаниот Меѓународен кривичен суд (МКС).[155]

Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда претставува значајна институција во историјата на меѓународното казнено право. Со својата мисија да обезбеди правда за жртвите на геноцидот и другите сериозни злосторства, МКТР не само што го промовира принципот на одговорност, туку и го зацврстува правото како алатка за глобална заштита на човековото достоинство и безбедност.[156]

4.6.Хибридни и специјализирани судови

Хибридните и специјализираните судови се современи механизми на меѓународната кривична правда, создадени за да обезбедат ефикасно судење на најтешките злосторства кога националните судови не можат да одговорат на нивното ниво или кога Меѓународниот кривичен суд (МКС) нема надлежност. Тие претставуваат синтеза на националното и меѓународното право, со цел да се овозможи комбинација од легитимност на локално ниво и усогласеност со меѓународните стандарди.[157]

Хибридните судови обично имаат мешан состав на судии и обвинители – дел се домашни, а дел меѓународни експерти. Тие применуваат мешана правна рамка, каде се комбинира национално законодавство со одредби од Меѓународното казнено право. Оваа комбинација им овозможува да функционираат со поголема кредибилност и доверба во локалните заедници, додека истовремено го почитуваат принципот на правичен судски процес.[158]

[155] Schabas, W., A., The UN International Criminal Tribunals: The Former Yugoslavia, Rwanda and Sierra Leone, Cambridge University Press, 2006.
[156] Akhavan, Payam, op. cit., стр. 380-385.
[157] Antonio Cassese, International Criminal Law, Oxford: Oxford University Press, 2008, стр. 317-320.
[158] William A. Schabas, An Introduction to International Criminal Court, Cambridge: Cambridge University Press, 2017, стр. 102-105.

4.6.1 Примери на хибридни судови и нивните резултати

- **Специјален суд за Сиера Леоне (SCSL, 2002)**

  Формиран по граѓанската војна во Сиера Леоне, преку договор меѓу ОН и владата на Сиера Леоне, со цел да суди лица одговорни за сериозни кршења на меѓународното хуманитарно право и злосторства против човештвото. Судот ја демонстрира ефективноста на хибридниот модел, особено со пресудата против Чарлс Тејлор, поранешниот претседател на Либерија, кој беше осуден за учество во вооружени конфликти и поддршка на масовни злосторства.[159]

- **Специјализирани комори во Камбоџа (ECCC, 2006)**

  Овој суд беше формиран за да се суди на лидерите на Црвените Кмери за злосторства извршени меѓу 1975 година и 1979 година. Комбинира национални и меѓународни судии и обвинители и служи како пример за тоа како хибридните структури можат да се прилагодат на комплексни историски и политички контексти.[160]

- **Специјални оддели во Косово (под покровителство на ЕУЛЕКС, 2010)**

  Создадени за да процесираат злосторства извршени за време на конфликтот во Косово, овие оддели комбинираат локални и меѓународни судии и обвинители. Тие

[159] Charles Chernor Jalloh, "Special Court for Sierra Leone: Achieving Justice?", Michigan Journal of International Law 32, no. 3, 2011, стр. 395-460.
[160] John D. Ciorciari & Anne Heindel, Hybrid Justice: The Extraordinary Chambers in the Courts in Cambodia, Ann Arbor: University of Michigan Press, 2014.

имаат надлежност за случаи на сериозни злосторства против човештвото, воени злосторства и тешки повреди на основните права на граѓаните.[161]

- **Специјализиран трибунал за Либан (STL, 2007)**

  Целта на овој трибунал е да го истражи и процесира атентатот врз премиерот Рафик Харири и поврзаните терористички дела. СТЛ е пример за специјализиран суд кој има исклучиво меѓународна надлежност, но делумно се интегрира во националниот правосуден систем на Либан.[162]

- **Ад хок трибунали на ОН: МКТЈ (ICTY) и МКТР (ICTR)**

  Иако формално се ад хок трибунали, МКТЈ (ICTY) - Трибунал за поранешна Југославија и МКТР (ICTR) - Трибунал за Руанда, во многу аспекти ги инспирирале хибридните судови. Тие обезбедиле меѓународна стандардизација на процесите, но истовремено соработувале со национални судови, што го олеснило подоцнежното формирање на хибридни модели.[163]

Хибридните и специјализираните судови, како такви имаат свои предности и недостатоци.

Главните предности на овие судови се:

- Зголемена легитимност и доверба на локално ниво;
- Комбинирана експертиза на национални и меѓународни судии;
- Намалување на политичкиот отпор кон судења за масовни злосторства;
- Можност за процесирање на случаи кога МКС нема надлежност или кога формирање на ад хок трибунал е непрактично.[164]

[161] European Union Rule of Law Mission in Kosovo (EULEX), Specialist Chambers and Specialist Prosecutor's office, Pristina, 2016.
[162] Antonio Coco, "The Special Tribunal for Lebanon: Law and Politics", Journal of International Criminal Justice 11, no. 3, 2013, стр. 479-490.
[163] M.Cherif Bassiuoni, International Criminal Law, Volume III: International Enforcement, Leiden: Brill, 2018, стр. 512-530.
[164] Laura A. Dickinson, "The Promise of Hybrid Courts", American Journal of International Law 97, no. 2, 2003, стр. 295-310.

Додека пак недостатоците и ограничувањата се:

- Комплексност во примената на закони и процедурални правила;
- Високи финансиски трошоци и зависност од меѓународна финансиска поддршка;
- Потенцијално политичко влијание на локално ниво кое може да го компромитира кредибилитетот.[165]

Хибридните и специјализираните судови имаат критичка улога во транзициската правда. Тие го олеснуваат процесирањето на најодговорните за сериозни злосторства, создаваат модели на соработка помеѓу национални и меѓународни структури и служат како мост кон постојани институции како МКС. Тие исто така овозможуваат градење правна култура и институционален капацитет во земјите погодени од конфликти.[166]

4.7.Меѓународен кривичен суд (МКС)

Меѓународниот кривичен суд (МКС) претставува првиот постојан и независен суд со универзална надлежност за гонење на најтешките кривични дела што ја засегаат целата Меѓународна заедница – геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторство на агресија.[167] Неговото создавање со Римскиот статут во 1998 година и стапувањето во сила на 1 јули 2002 година, се смета за клучен момент во развојот на современото Меѓународно казнено право, бидејќи првпат во историјата беше воспоставена трајна институција која има задача да обезбеди конзистентно и систематско гонење на сторителите на најтешките воени злосторства.[168] Овој суд не е ад хок конструкција на Советот за безбедност, туку претставува резултат на долготрајни напори за создавање механизам кој ќе го надмине привремениот карактер на Нирнбершкиот и

[165] Sarah Williams, Hybrid and Internationalised Criminal Tribunals: Selected Jurisdictional Issues, Oxford: Hart Publishing, 2012, стр. 45-68.
[166] Kai Ambos, Treatise on International Criminal Law, Vol III: International Criminal Procedure, Oxford: Oxford University Press, 2016, стр. 612-625.
[167] Rome Statute of the International Criminal Court, 1998, Art. 5.
[168] Schabas, W., A., An Introduction to International Criminal Court, Cambridge University Press, 2017, стр. 1-3.

Токискиот трибунал, како и специјализираните тела за Југославија и Руанда и ќе обезбеди трајна рамка за меѓународна кривична правда.[169]

Историски гледано, воспоставувањето на МКС може да се согледа како кулминација на еден долг процес во кој се преплетуваат стремежот кон меѓународна одговорност и напорите за спречување на неказнивоста. Уште од средновековните обиди да се санкционира пиратеријата како hostis humani generis – непријател на целото човештво,[170] преку Нирнберг и Токио, кои воспоставија основи за гонење на злосторствата против човештвото и агресијата,[171] па сè до трибуналите за поранешна Југославија и Руанда кои ја реафирмираа применливоста на Меѓународното казнено право во современи конфликти,[172] се гледа јасна еволуција што води кон воспоставување на МКС како постојана институција.

Принципот на комплементарност, вграден во Римскиот статут, претставува суштинска новина во односот помеѓу националните и меѓународните правосудни системи. Судот не ја узурпира националната надлежност, туку делува како „суд на последна инстанца“, активирајќи ја својата јурисдикција само тогаш кога државите не можат или не сакаат да постапуваат.[173] На тој начин се воспоставува рамнотежа помеѓу суверенитетот и потребата за глобална правда, со што МКС функционира како дополнителен механизам за гарантирање на одговорноста.

Иако Меѓународниот кривичен суд е клучна институција за воспоставување на култура на одговорност и владеење на правото на глобално ниво, тој се соочува со значителни предизвци. Прво неговата надлежност е ограничена – Судот не располага со универзална компетенција, бидејќи многу значајни држави, меѓу кои САД, Русија и Кина, не се членки на Римскиот статут.[174] Второ, поради тоа што МКС нема сопствена полиција

[169] Cryer, R., Friman, H., Robinson, D., & Wilmshurst, E. An Introduction to International Criminal Law and Procedure, Cambridge University Press, 2019, стр. 139-142.
[170] Bassiuoni, M., C. Crimes Against Humanity in International Criminal Law, Kluwer Law International, 1999, стр. 45.
[171] International Military Tribunal (Nuremberg), Judgement of 1 October 1946.
[172] Cassese, A. International Criminal Law, Oxford University Press, 2003, стр. 350-356.
[173] Rome Statute, Art, 17.
[174] Bosco, D., Rough Justice: The International Criminal Court in a World of Power Politics, Oxford University Press, 2014.

или извршни механизми, спроведувањето на неговите одлуки зависи од волјата на државите-членки, што често предизвикува проблеми при апсење на обвинетите.[175] Дополнително, Судот често е изложен на политички притисоци, особено кога неговите постапки се однесуваат на актуелни вооружени конфликти или на дејствија на големи сили.[176]

Сепак, значењето на Меѓународниот кривичен суд не може да се сведе само на бројот на спроведени постапки или донесени пресуди. Тој претставува симбол на Меѓународната заедница во стремежот за воспоставување на глобален систем на правда, испраќајќи силна превентивна порака дека злосторствата од најтежок карактер нема да останат неказнети.[177] На овој начин, МКС не само што придонесува за индивидуалната одговорност на сторителите туку и за зајакнување на колективната свест дека постои универзална обврска за заштита на човечкото достоинство. Со тоа, Судот ја афирмира идејата дека правдата е суштински предуслов за траен мир и дека меѓународното право е врховна рамка пред која ниту една власт или поединец не може да биде имун.[178]

[175] Akhavan, P., "Are International Criminal Tribunals a Disincentive to Peace? Reconciling Judicial Romanticism with Political Realism.", Human Rights Quarterly, 31(3), 2009, стр. 624.
[176] Tladi, D., "The ICC Decisions on Chad and Malawi: On Cooperation Immunities and Article 98", Journal of International Criminal Justice, 13(3), 2015, стр. 349-367.
[177] Burke White, W., W., "Proactive Complementarity: The International Criminal Court and National Courts in the Rome System of Justice", Harvard International Law Journal, 49(1), 2008, стр. 53-108.
[178] Clark, R., S., "The Rome Statute of the International Criminal Court: A Commentary.", Journal of International Criminal Justice, 9(1), 2011, стр. 191-196.

4.7.1. Надлежности на МКС

Надлежностите на Меѓународниот кривичен суд (МКС) претставуваат основен елемент за неговото функционирање и легитимитет. Со Римскиот статут од 1998 година прецизно се утврдени видовите дела за кои Судот може да суди, како и условите под кои тој ја остварува својата надлежност. За разлика од националните судови, чии овластувања се врзани за територијата и државјанството, Меѓународниот кривичен суд има ограничена, но специфична надлежност која се однесува исклучиво на најтешките кривични дела што ја засегаат Меѓународната заедница во целина.

- Предметна надлежност: МКС е надлежен за четири најтешки злосторства-геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторство на агресија.[179]
- Територијална надлежност: Судот може да постапува за дела извршени на територија на држави кои се членки на Римскиот статут или ако Советот за безбедност на ООН упати предмет.[180]
- Лична надлежност: Се однесува на физички лица, без разлика на функцијата (вклучувајќи шефови на држави или влади).[181]
- Временска надлежност: Опфаќа дела извршени по стапување на сила на Римскиот статут (1 Јули 2002 година).[182]

4.7.2 Основни одлики на постапката пред МКС

Постапката пред МКС има неколку суштински особености кои ја разликуваат од класичните кривични постапки. Пред сè, таа се заснова на начелото на комплементарност,

[179] Rome Statute of the International Criminal Court, Article 5.
[180] Исто, Article 12-13.
[181] Исто, Article 25,27.
[182] Исто, Article 11.

што значи дека Судот не ја заменува работата на националните органи туку интервенира само тогаш кога државите не сакаат или не можат навистина да постапуваат.[183] Таа претставува основна рамка преку која се обезбедува одговорност за најтешките кривични дела, вклучувајќи геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторства на агресија.

Постапката пред МКС е сложена, а нејзината структура овозможува правична рамнотежа меѓу правата на обвинетиот и интересите на жртвите, како и транспарентност во водењето судски предмети.

Постапката пред МКС е внимателно структуирана и се состои од неколку клучни фази: иницијална истрага, поднесување на обвинение, судење, донесување пресуда и извршување на казната, со постојана заштита на жртвите и сведоците.

Најнапред, обвинителот врши прелиминарна оценка на достапните информации и одлучува дали има основа за отворање истрага. Доколку се отвори истрага, следува собирање на докази и идентификација на лицата за кои постојат сомневања. Потоа, специјален прелиминарен состав на Судот одлучува дали доказите се доволни за потврдување на обвинението. Самото судење се одвива пред Судечкиот состав, а донесените пресуди можат да бидат предмет на жалба пред Жалбениот состав.[184]

Се води сметка и за процесуалните гаранции – секое лице има право на правична постапка, на одбрана и на еднаквост пред Законот, а презумпцијата на невиност е основен принцип. Особено значајна е активната улога што им е доделена на жртвите, тие можат да учествуваат во постапката, да поднесуваат свои барања и да бараат надомест на штета, што е новина во однос на многу национални системи.[185]

Жртвите имаат специфични права и механизми за заштита кои ги овозможува Судот.[186]

[183] Rome Statute of the International Criminal Court Preamble, Article 1.
[184] Rome Statute of the International Criminal Court Preamble, Articles 15-74.
[185] Исто, Articles 55-67.
[186] Исто, Article 68.

МКС воспоставил и развиени механизми за заштита на жртвите и сведоците, обезбедувајќи нивна безбедност и доверливост. Иако постапките по правило се јавни, Судот има право да ја исклучи јавноста во ситуации кога тоа е неопходно за заштита на учесниците или за зачувување на јавниот ред.[187]

Правото на јавност е ограничено само кога е во интерес на безбедноста или доверливоста.[188]

Кога станува збор за санкциите, МКС може да изрекува казни затвор, парични казни или конфискација, но не и смртна казна. Извршувањето на казните се врши во држави кои имаат потпишано посебни договори со Судот за таа цел.[189]

ГЛАВА 3

„НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ НА МКП: АНАЛИЗА НА КОНФЛИКТИТЕ ВО УКРАИНА И ПАЛЕСТИНА“

Современиот меѓународен поредок се соочува со нови сложени предизвици кои директно влијаат врз развојот и примената на МКП. Во услови на глобални кризи, вооружени конфликти и терористички закани, потребата од ефикасен систем на правда станува се поочигледна. МКП, како гранка што има за цел да обезбеди одговорност за

[187] Исто, Article 68(1)-(2).
[188] Исто, Article 64(7), 68(2).
[189] Исто, Articles 75-80, 103-11.

најтешките кривични дела што ја загрозуваат Меѓународната заедница, се развива во насока на прилагодување кон новите реалности.

Во последните години, посебно внимание се посветува на конфликтите во Украина и Палестина, кои ја отворија дилемата за ограничувањата и можностите на постојните механизми за меѓународна кривична правда. Овие ситуации не само што претставуваат правни и политички предизвици туку истовремено го тестираат кредибилитетот и капацитетот на Меѓународниот кривичен суд и на други релевантни институции.

Со појавата на нови облици на насилство и злоупотреби, како и со растечката комплексност на меѓународните односи, станува јасно дека иднината на Меѓународното казнено право ќе зависи од способноста да се создадат механизми кои ќе овозможат навремено, ефикасно и непристрасно санкционирање на сторителите.

Во оваа глава ќе бидат разгледани два случаи на репрезентативни примери на нови предизвици на МКП. Преку нивната анализа ќе се обидеме да ја согледаме улогата на меѓународното казнено право во современиот меѓународен поредок, како и неговите ограничувања на политичко условени конфликти.

Конфликтот во Украина и Палестина денес претставуваат вистински лакмусов тест за функционирањето на меѓународната кривична правда.

1.Конфликтот во Украина

1.1.Историски и политички контекст

Војната во Украина не може да се разбере изолирано од поширокаата историја на постсоветските односи, процесот на проширување на евроатлантските институции и комплексните идентитетски, културнни и геополитички фактори кои ја обликуваат современата Источна Европа. Од распадот на Советскиот Сојуз во 1993 година, Украина

се најде на крстосница помеѓу евроатлантските и евроазиските ориентации, со континуирани внатрешни поделби и надворешни притисоци.[190]

Клучна пресвртница во развојот на украинската државност и меѓународната положба беше анексијата на Крим во 2014 година, која следеше по „Евромајданот“ и падот на претседателот Виктор Јанукович. Евромајданот ја отслика длабоката ориентација на значаен дел од украинското општество кон Европската унија и НАТО, додека Москва го интерпретираше овој процес како директна закана за својата безбедност и сфера на влијание.[191] Русија ја искористи политичката нестабилност за да ја присоедини Кримската област, оправдувајќи го потегот со потребата за „заштита“ на руското население и со повикување на принципот на самоопределување, иако овој аргумент беше во спротивност со меѓународното право и со принципот на територијален интегритет.[192]

Паралелно со тоа, избувнаа вооружени судири во Донбас, каде што проруските сепаратисти прогласија независност на „народните републики“ во Доњецк и Луганск. Иако Москва формално не ја призна нивната независност во тој момент, таа пружи значителна воена, политичка и финансиска поддршка, со што конфликтот од локален доби регионален и меѓународен карактер.[193] Спогодбите од Минск (2014 и 2015) претставуваа обид за мирно решавање на конфликтот, но нивната имплементација остана делумна и често блокирана од двете страни, што создаде „замрзнат конфликт“ со постојана нестабилност.[194]

Инвазијата од 24 февруари 2022 година претставуваше ескалација без преседан. Руското раководство, предводено од претседателот Владимир Путин, официјално ја оправда операцијата како „специјална воена операција“ со цел „демилитаризација и денацификација“ на Украина, како и заштита на населението во Донбас.[195] Во суштина,

[190] Serhii Plokhy, The Gates of Europe: A History of Ukraine, New York: Basic Books, 2015, стр. 335-360.
[191] Andrew Wilson, Ukraine Crisis: What it Means for the West, New Haven: Yale University Press, 2014, стр. 45-70.
[192] Thomas D. Grant, Aggression against Ukraine: Territory, Responsibility, and International Law, London: Palgrave Macmillan, 2015, стр. 101-125.
[193] Richard Sakwa, Frontline Ukraine: Crisis in the Borderlands, London: I.B. Tauris, 2015, стр. 150-185.
[194] Gwendolyn Sasse, The Donbas Conflict in Ukraine: Elites, Protest and Democratic Transformation, Carnegie Europe, 2017, стр. 20-35.
[195] President of Russia, “Address by the President of the Russian Federation”, Kremlin, Russia, 24 February, 2022.

овој дискурс се надоврза на поширокиот наратив за Украина како дел од „рускиот свет“ (Russkiy Mir), што ја доведе во прашање не само украинската независност, туку и меѓународниот правен поредок базиран на Повелбата на Обединетите нации.[196]

Политичкиот контекст на војната се наоѓа во сржта на судирот меѓу два модели: од една страна, евроатлантската интеграција на Украина преку Асоцијативниот договор со Европската унија и стремежот за членство во НАТО, а од друга страна, евроазискиот геополитички проект на Русија кој има за цел да ја задржи Украина во нејзината сфера на влијание.[197] Во тој судир, Украина се позиционира како фронтова држава во глобалниот натпревар за нов меѓународен поредок, додека Русија ја користи војната за да оспори не само украинскиот суверенитет туку и легитимитетот на западно-либералниот модел за безбедност и интеграција.[198]

Истовремено, војната во Украина ја нагласи кревкоста на меѓународниот систем на колективна безбедност. Советот за безбедност на ООН, поради правото на вето на Русија, се покажа неспособен да делува, што уште еднаш ја потврди критиката за неговата нефункционалност во ситуации каде агресорот е постојана членка.[199] Оваа состојба ја наметна потребата од алтернативни форми на одговор, меѓу кои доминираат коалициските санкции на ЕУ, САД и сојузниците, како и активирањето на Меѓународниот кривичен суд, кој отвори истрага за воени злосторства и злосторства против човештвото.[200]

[196] Marlene Laruelle, Russian Nationalism: Imaginaries, Doctrines, and Political Battlefields, London: Routledge, 2018, стр. 210-230.
[197] Samuel Charap and Timothy J. Colton, Everyone Loses: The Ukraine Crisis and the Ruinous Contest for Post-Soviet Eurasia, London: Routledge, 2017, стр. 65-92.
[198] John J. Mearsheimer, “Why the Ukraine Crisis is the West’s Fault”, Foreign Affairs 93. No. 5, 2014, стр. 77-89.
[199] Christian Tomuschat, “The Security Council at the Crossroads”, in The United Nations at the Crossroads of Reform, ed. Hilde Hey, The Hague: T.M.C. Asser Press, 2005, стр. 23-38.
[200] ICC, “Statement of the Prosecutor of the International Criminal Court, Karim A. A. Khan QC, on the situation in Ukraine”, 28 February, 2022.

1.2.Реакции на Меѓународната заедница

Меѓународната заедница реагираше на конфликтот во Украина со комбинација на осуди, санкции и дипломатски напори, но истовремено се покажа и длабоката поделба меѓу големите сили, што значително ја ограничи ефективноста на колективниот одговор.

- **Системот на Обединетите нации: осуда и парализа**

Реакцијата на ООН беше обележана со остар нормативен консензус во Генералното собрание и институционална парализа во Советот за безбедност. Во рамки на Вонредната специјална седница „ЕС-11“, Генералното собрание усвои серија резолуции со кои ја осуди агресијата и го потврди територијалниот интегритет на Украина (A/RES/ES-11/1 од 2 март 2022), како и подоцнежни резолуции со слична содржина и растечки мнозинства (вкл. ES-11/2. ES-11/3 и ES-11/4).[201] Советот за безбедност, пак, остана блокиран поради вето на Руската Федерација, што повторно го постави прашањето за реформата на системот на колективна безбедност.[202]

Паралелно, Меѓународниот суд на правдата (МСП - ICJ), во постапката Украина против Руската Федерација, според Конвенцијата за геноцид, на 16 март 2002 изрече привремени мерки со кои наложи Русија да ги прекине воените операции; постапката продолжи со понатамошни процесни чекори во 2024.[203]

[201] United Nations General Assembly ES-11 Resolutions of Ukraine (A/RES/ES-11/1; ES-11/2; ES-11/3; ES-11/4) 2022-2023. Види консолидиран преглед кај Security Council Report (UN Documents – General Assembly Documents, Ukraine). https://www.securitycouncilreport.org/un_documents_type/general-assembly-documents/?cbtype=ukraine&ctype=Ukraine , https://research.un.org/en/docs/ga/quick/emergency , последно пристапено на: 22.08.2025.
[202] S/PV записници од седници на СБ и ООН во февруари-март 2022, за блокадата поради вето, види ги резолуциите ES-11. https://research.un.org/en/docs/ga/quick/emergency , последно пристапено на: 22.08.2025.
[203] ICJ, Allegations of Genocide (Ukraine v. Russian Federation), Order on Provisional Measures, 16 March 2022, постапковни развои 2024. https://www.icj-cij.org/node/106135 , последно пристапено на: 22.08.2025.

- **Совет на Европа и европската човеково-правна архитектура**

Советот на Европа ја исклучи Руската Федерација во март 2022 година – најдраматична санкција во историјата на организацијата, со последица дека Русија престана да биде страна на Европската конвенција за човекови права и да подлежи на надлежноста на Европскиот Суд за Човекови Права (ЕСЧП) за идни настани.[204] Чекорот сигнализираше дека војната се перцепира не само како безбедносна криза туку и како системско поткопување на европските човеково-правни стандарди.[205]

- **Кривична правда и отчетност**

Меѓународниот кривичен суд (МКС) отвори истрага за ситуацијата во Украина и на 17 март 2023 година издаде налози за апсење против рускиот претседател Владимир Путин и Марија Лвова-Белова за наводна незаконска депортација украински деца – сигнал дека режимот на индивидуална кривична одговорност е активиран и на највисоко ниво.[206] Во меѓувреме, ОБСЕ го активираше Московскиот механизам, произведувајќи независни експертски извештаи за кршења на меѓународното хуманитарно и човеково право, вклучително и за присилните трансфери на деца.[207] Оваа комбинација – МКС, МСП и ОБСЕ-механизмите, создаде мултифорумен пристап кон отчетноста, иако практичната извршливост останува зависна од државната соработка.

[204] Council of Europe, "The Russian Federation is excluded from the Council of Europe", 15-16 март 2022, одлука на Комитетот на министри. https://www.coe.int/en/web/portal/-/the-russian-federation-is-excluded-from-the-council-of-europe , последно пристапено на: 22.08.2025.
[205] EEAS, Statement of cessation of Russia's membership in the council of Europe. https://www.eeas.europa.eu/eeas/council-europe-statement-high-representative-cessation-russias-membership_en , последно пристапено на: 22.08.2025.
[206] ICC, "Judges issue arrest warrants against Vladimir Vladimirovich Putin and Maria Alekseyevna Lvova-Belova", 17 March 2023; ситуација Украина https://www.icc-cpi.int/news/situation-ukraine-icc-judges-issue-arrest-warrants-against-vladimir-vladimirovich-putin-and , последно пристапено на: 22.08.2025.
[207] OSCE, Moscow Mechanism expert reports (13 April 2022; последователни иницијативи 2022-2024). https://www.osce.org/resources/documents/War%20crimes%20Ukraine , последно пристапено на: 22.08.2025.

- **Економска коерција и енергетска геополитика: санкциските режими**

Европската унија имплементираше ескалирачки пакети рестриктивни мерки кои до јули 2025 година достигнаа 18 пакети и ги таргетираат енергетскиот, финансискиот и воено-индустрискиот комплекс, како и стотици индивидуи и ентитети.[208] Санкциите се придружени со мерки за спречување заобиколување, експортни контроли и со координација со сојузници. Паралелно, Г-7, „Price Cap Coalition“, воведе ценовен таван на руската сурова нафта и деривати со цел да се намалат руските приходи, а да се стабилизираат глобалните пазари.[209] Синергијата меѓу санкциите и ценовниот таван претставуваше нова фаза на финансиска војна ограничена со меѓународното право, но со отворени прашања за ефикасноста и геоекономските прелевања.

- **Безбедносни гаранции, одвраќање и воена помош**

НАТО одговори со засилено одвраќање и одбрана на источното крило, формирање НАТО-Украина совет (од јули 2023 година) како рамка за политички консултации и управување со кризи[210] и долгорочна поддршка формализирана на Вашингтонскиот самит (јули, 2024) преку колективен залог за трајна безбедносна асистенција (опрема, обука и долгорочно финансирање).[211] Алијансата јасно ја постави линијата дека Украина ќе добие „колку што е потребно, колку што е потребно долго“, но без директна вклученост на сојузнички борбени трупи. Во 2025 година, западните сојузници продолжија да артикулираат опции за постконфликтни безбедносни аранжмани и евентуални мисии, при што европските сили преземаа поголем товар во сценаријата за долгорочно присуство.[212]

[208] Council of the EU, “EU Sanctions against Russia”, “EU adopts the 18th package”, 18 јули 2025, https://www.consilium.europa.eu/en/policies/sanctions-against-russia , последно пристапено на:23.08.2025.
[209] European Commission, “Price Cap Coaliton Statements and Guidance”; Г-7 соопштенија за ценовниот таван, https://finance.ec.europa.eu/publications/price-cap-coalition-statements-and-guidance_en , последно пристапено на: 23.08.2025
[210] NATO, “Topic: Relations with Ukraine” и “NATO-Ukraine council”. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_37750.htm , последно пристапено на: 24.08.2025.
[211] NATO, “Washington Summit Declaration” , јули 2024 и изјава на НУ-Советот на ниво на шефови. https://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_227678.htm последно пристапено на: 24.08.2025.
[212] Reuters и други извори за тековни опции за безбедносни аранжмани и можни европски мисии, август 2025. https://www.reuters.com/world/europe/military-options-ukraine-discussed-by-us-european-national-security-advisers-2025-08-21 , последно пристапено на: 24.08.2025.

Во паралелна рамка, Украинската одбранбена контакт-група („Рамштајн формат“) и билатералните договори за безбедносни гаранции овозможија испорака на противвоздушна одбрана, артилерија, оклопни платформи и муниција. Оваа воена помош ја промени тактичката рамнотежа и ја зголеми цената на агресијата, иако дисперзијата на системите и логистичките вериги создадоа долгорочни одржливи предизвици.

- **Дипломатски траектории: миротворни формули и глобални поделби**

На Самитот за мир во Украина (Бургеншток, Швајцарија, 15-16 јуни, 2024) мнозинството учесници го поддржаа Заедничкото коминике за рамка на праведен мир, заснована врз Повелбата на ООН и резолуциите на ЕС-11, со конкретни приоритети: нуклеарна безбедност (вклучително и ЗНПП), слободна и безбедна пловидба/прехранбена безбедност и размена на затвореници и враќање на незаконски депортирани лица, особено децата.[213] И покрај широката поддршка, отсуството на Русија и воздржаноста на клучни актери од Глобалниот Југ (вклучувајќи ја и Кина) демонстрираа дека дипломатското поле останува фрагментирано и подложно на конкурирачки формули за мир.[214]

- **Хуманитарен одговор и заштита на раселените лица**

Агенциите на ООН (УНХЦР, ОКХА) и државите-прифатителки мобилизираа без преседан хуманитарен одговор: до 2025 година, милиони бегалци се регистрирани глобално, а ЕУ активираше Директива за привремена заштита. УНХЦР координираше крупни програми за парична помош и засолниште, прилагодени на динамиката на конфликтот и буџетските ограничувања.[215] Иако хуманитарниот сектор се адаптираше брзо, долготрајноста на

[213] Federal Department of Foreign Affairs (Швајцарија), “Summit on Peace in Ukraine: Joint Communique”, 15-16 јуни 2024, Reuters преглед. https://www.eda.admin.ch/eda/en/fdfa/fdfa/aktuell/dossiers/konferenz-zum-frieden-ukraine/Summit-on-Peace-in-ukraine-joint-communique-on-a-peace-framework.html , https://www.reuters.com/world/europe/draft-joint-communique-ukraine-conference-switzerland-2024-06-15/ , последно пристапено на: 08.24.2025.

[214] NATO Library “Special Focus – The Russian Invasion of Ukraine”, аналитичка обработка на глобалните позиции, дополнително, синтетички прегледи за учесници и поддржувачи на коминкето. https://natolibguides.info/ukraine , https://en.wikipedia.org/wiki/June_2024_Ukraine_peace_summit , последно пристапено на: 08.24.2025.

[215] UNHRC, “Ukraine Situation – Operational Data Portal” (2024-2025) и “Ukraine Emmergency”, https://data.unhcr.org/en/situations/ukraine , https://www.unhcr.org/us/emergencies/ukraine-emergency , последно пристапено на 24.08.2025.

конфликтот го постави прашањето на одржливи решенија, реинтеграција и реконструкција.

Меѓународната реакција комбинираше нормативна осуда (ООН), кривично-правна ескалација (МКС/МСП/ОБСЕ), економска коерција (ЕУ/Г-7), воена поддршка без директна алијансна интервенција (НАТО и билатерални канали) и дипломатски напори за мир (Швајцарија 2024). Силата на оваа реакција лежи во нејзиниот мултилатерален карактер и правната аргументација, слабоста – во структурната парализа на Советот за безбедност, нееднаквата глобална коалиција и временската димензија на санкциската и хуманитарната издржливост. На подолг рок, успехот ќе зависи од одржувањето на координацијата, спречувањето на заобиколување на санкциите, институционализирањето на безбедносните гаранции за Украина и испораката на отчетност за тешките кршења со реалистично вклучување на глобалните актери во евентуален инклузивен мировен процес.

1.3.Правна рамка на војната во Украина

Војната во Украина, која започна со анексијата на Крим во 2014 година и ескалираше со целосната воена инвазија на 24 февруари 2022 година, претставува еден од најдраматичните и најкомплексни предизвици за современиот меѓународно-правен поредок. Овој конфликт не само што го доведе во прашање почитувањето на основните начела на Повелбата на Обединетите нации туку ја постави и дилемата за капацитетот на постојаните институции да одговорат на системски прекршувања на Меѓународното право. Правната рамка на конфликтот мора да се анализира во повеќе димензии: забраната на употреба на сила, примената на Меѓународното хуманитарно право, механизмите за меѓународната кривична правда, како и прашањето за државната одговорност.

Од аспект на jus ad bellum, правото кое ја регулира употребата на сила, воената интервенција на Руската Федерација претставува јасна и тешка повреда на членот 2 (4) од Повелбата на ООН, кој забранува употреба на сила против територијалниот интегритет

или политичката независност на државите.[216] Со започнувањето на агресијата врз Украина, Русија се соочи со широк меѓународен консензус дека станува збор за акт на агресија – кривично дело кое уште од Нирнбершките процеси се смета за „врховно злосторство“ против меѓународниот мир. Резолуциите на Генералното собрание на Обединетите нации од март 2022 година тоа експлицитно го потврдија, осудувајќи ја агресијата и барајќи итно повлекување на руските сили.[217]

Меѓународното хуманитарно право, односно правилата на jus in bello, станаа применливи веднаш по отпочнувањето на вооруженият конфликт. Украина и Русија, иако се на спротивставени страни, се обврзани да ги почитуваат четирите Женевски конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи.[218] Тие норми ја нагласуваат заштитата на цивилното население, забраната за неселективни и непропорционални напади, обврската за хуман третман на заробеници и заштитата на ранети и болни. Сепак, бројни извештаи на Обединетите нации, ОБСЕ и меѓународни организации за човекови права документираат сериозни и системски прекршувања на овие норми: масовни напади врз цивилна инфраструктура, присилни депортации на цивили, употреба на тортура и вонправни егзекуции.[219] Овие дејствија претставуваат потенцијални воени злосторства и злосторства против човештвото, кои ја отвораат вратата за индивидуална кривична одговорност.

Во таа насока, Меѓународниот кривичен суд (МКС) има централна улога. Иако ниту Украина ниту Руската Федерација не се страни во Римскиот статут, Украина во 2014 година и 2015 година достави декларации со кои ја прифати надлежноста на Судот за делата извршени на нејзината територија.[220] Врз основа на тоа, Обвинителството на МКС отвори официјална истрага за ситуацијата во Украина. Во март 2023 година, Судот издаде налози за апсење против рускиот претседател Владимир Путин и комесарката за правата на децата, Марија Лвова-Белова, поради незаконската депортација и трансфер на

[216] United Nations, Charter of the United Nations, 26 June 1945, 1 UNTS XVI, Art 2(4).
[217] United Nations General Assembly, Resolution ES-11/1, Aggression against Ukraine, 2 March 2022.
[218] Geneva Conventions of 12 August 1949, 75 UNTS 31.
[219] Report of the Independent International Commission of Inquiry on Ukraine, UN Human Rights Council, A/HRC/52/62 (2023).
[220] International Criminal Court, Declarations lodged by Ukraine under article 12(3) of the Rome Statute, 2014 and 2015.

украински деца во Руската Федерација.[221] Овој чин претставува преседан во меѓународната кривична правда, со оглед дека првпат е издаден налог за апсење против лидер на постојана членка на Советот за безбедност.

Покрај тоа, националните судови на неколку европски држави започнаа сопствени истраги врз основа на принципот на универзална надлежност. Германија, Полска и балтичките држави отворија предмети во кои се истражуваат можни воени злосторства извршени во Украина, при што се собираат сведочења од бегалци и жртви.[222] На овој начин, меѓународното казнено право се применува не само преку МКС туку и преку национални правосудни системи, со што се демонстрира еден вид комплементарност во борбата против неказнивоста.

Прашањето за државната одговорност е исто така клучен аспект од правната рамка на конфликтот. Украина во февруари 2022 година поднесе тужба против Русија пред Меѓународниот суд на правдата, врз основа на Конвенцијата за спречување и казнување на злосторството геноцид.[223] Тужбата тврди дека Русија лажно ја обвинила Украина за геноцид врз руското население во Донбас и тоа го искористила како изговор за агресија. Судот донесе привремени мерки со кои ја задолжи Русија да ги прекине воените дејствија, иако тие мерки до денес не се почитувани. Паралелно, Европскиот суд за човекови права отвори повеќе постапки против Русија за масовни и системски повреди на човековите права во окупираните територии.[224]

И покрај јасната и детална правна рамка, праксата покажува дека нејзината примена е сериозно ограничена. Најголемата институционална пречка се јавува во рамките на Советот за безбедност на ООН, каде што Русија, како постојана членка со право на вето, системски го блокира усвојувањето на обврзувачки резолуции. Дополнително, налозите за апсење издадени од МКС се соочуваат со сериозни предизвици

[221] International Criminal Court, “Situation in Ukraine: ICC Judges issue arrest warrants against Vladimir Vladimirovich Putin and Maria Alekseyevna Lvova-Belova”, press release, 17 March 2023.
[222] Bundesanwaltschaft (Federal Public Prosecutor General, Germany), “Investigation into the Situation in Ukraine”, 2022.
[223] Application of the Convention on the Prevention and Punishment of the Crime of Genocide (Ukraine v. Russian Federation), ICJ, 2022.
[224] European Court of Human Rights, “Ukraine and the Netherlands v. Russia”, Application no.8019/16, 43800/14, 28525/20.

во однос на нивното извршување, бидејќи тоа зависи од државите членки на Статутот, а Русија нема намера да соработува. На крај, техничките и практичните тешкотии за собирање, чување и верификување на докази во услови на активен вооружен конфликт претставуваат уште еден предизвик за ефективното спроведување на меѓународното право.

Заклучно, правната рамка на војната во Украина се темели на јасни меѓународно-правни правила кои ја осудуваат агресијата, ја штитат цивилната популација и обезбедуваат механизми за индивидуална и државна одговорност. Сепак, разликата меѓу normae scriptae и нивната практична имплементација е значителна. Случајот на Украина ја потврдува тензијата меѓу правото и политиката во меѓународниот систем: иако правото обезбедува јасна рамка за осуда и гонење на прекршителите, неговата имплементација во голема мера зависи од политичката волја на државите и од нивната подготвеност да го поддржат системот на меѓународна правда.

1.4.Прифаќањето на надлежноста на МКС од страна на Украина (чл.12 (3) Римски статут)

Иако Украина не е држава-страна на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд (МКС), таа двапати ја активирала одредбата предвидена во член 12 (3) од Статутот, со која се овозможува на држава што не е потписничка да ја признае надлежноста на Судот за конкретни ситуации или временски периоди. Првиот пат тоа се случи во 2014 година, како одговор на настаните поврзани со протестите на „Евромајдан“, соборувањето на претседателот Јанукович и последователните насилства. Тогаш Украина достави

декларација со која ја прифати надлежноста на МКС за можни злосторства извршени на нејзина територија во периодот од 21 ноември 2013 година до 22 февруари 2014 година.[225]

Втората декларација беше доставена во 2015 година, кога украинската влада побара од МКС да ја прошири својата надлежност врз целата територија на Украина за сите дела извршени од 20 февруари 2014 година, без ограничување на рокот.[226] Со ова, Украина всушност му овозможи на Судот да води истраги за можни воени злосторства, злосторства против човештвото, па дури и идни случаи на геноцид, доколку тие би биле извршени на нејзина територија. Ваквиот пристап на Украина претставува исклучителен пример за примена на член 12 (3) Римски статут, кој ретко се користи во пракса. На овој начин, иако формално не е држава-страна, Украина сепак се поставува во правна положба блиска до оние држави кои го имаат ратификувано Статутот, барем во однос на овозможување на јурисдикцијата на Судот.[227]

Дополнително, ваквата декларативна прифатливост ја отвори вратата за Обвинителството на МКС да спроведе прелиминарна анализа и подоцна, официјална истрага. Во март 2022 година, по започнувањето на Руската инвазија, Обвинителот Карим Кан официјално објави отворање на истрага за ситуацијата во Украина, при што како правен основ за надлежноста се повика токму на член 12 (3) и претходните украински декларации.[228]

На овој начин, Украина претставува клучен преседан во развојот на праксата на МКС: таа ја користи можноста од член 12 (3) не како привремено решение туку како долгорочен механизам за вклучување во рамката на меѓународната кривична правда, сè

[225] International Criminal Court, Declaration of the Verkhovna Rada of Ukraine to Accept the Jurisdiction of the ICC, April 17 2014, https://www.icc-cpi.int/situations/ukraine последно пристапено на: 23.08.2025.
[226] International Criminal Court, Declaration of the Verkhovna Rada of Ukraine to Accept the Juristiction of the ICC Pursuant to Article 12(3) of the Rome Statute, September 8, 2015, https://www.icc-cpi.int/situations/ukraine последно пристапено на: 23.08.2025.
[227] Carsten Stahn, A Critical Introduction to International Criminal Law, Cambridge: Cambridge University Press, 2019, стр.322.
[228] ICC Office of the Prosecutor, Statement of the ICC Prosecutor Karim, A., A., Khan, QC on the Situation in Ukraine: "I have decided to proceed with opening and investigation", March 2, 2022 https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-karim-aa-khan-qc-situation-ukraine-receipt-referrals-39-states последно пристапено на: 08.23.2025.

додека политичките или правните околности не овозможат целосна ратификација на Римскиот статут.

1.5.Отворањето на истрага од страна на Обвинителството на МКС

Врз основа на доставените декларации од Украина согласно член 12 (3) од Римскиот статут, Обвинителството на Меѓународниот кривичен суд (МКС), спроведе првична анализа на добиените информации за можни кривични дела што паѓаат под неговата надлежност. Прелиминарното испитување беше отворено во април 2014 година и опфаќаше наводи за извршени злосторства за време на протестите на Мајдан во Киев и последователните настани кои доведоа до анексијата на Крим од страна на Руската Федерација. Во оваа почетна фаза, Обвинителството имаше задача да утврди дали постои „разумна основа за верување“ дека се извршени дела кои можат да се квалификуваат како злосторства против човештвото или воени злосторства, во согласност со член 53 (1) од Римскиот статут.[229]

Во декември 2020 година, тогашната обвинителка Фату Бенсуда официјално објави дека постои доволна основа за отворање на целосна истрага, при што беа идентификувани три категории на потенцијални кривични дела: злосторство против човештвото, воени злосторства извршени во контекст на вооруженият конфликт во источна Украина, како и дела поврзани со окупацијата на Крим.[230] Меѓутоа, поради ограничените ресурси и потребата од добивање одобрение од Судскиот совет, формалното отворање на истрагата беше одложено.

По започнувањето на севкупната руска инвазија врз Украина на 24 февруари 2022 година, ситуацијата драстично се промени. Веднаш потоа, повеќе од четириесет држави-учесници на Римскиот статут поднесоа заеднички барања до Обвинителството за

[229] Rome Statute of the International Criminal Court, 17 July 1998, Article 53(1).
[230] Office of the Prosecutor, Report on Preliminary Examination Activities 2020, ICC, December 14, 2020.

отворање истрага врз основа на член 14 од Статутот.[231] Ова овозможи процесот да се забрза, бидејќи во таков случај Обвинителството не мора да бара одобрение од Претходната комора. На 2 март 2022 година, актуелниот обвинител Карим А.А. Кан, официјално ја отвори истрагата, наведувајќи дека постојат „разумни основи да се верува“ дека во Украина се извршуваат злосторства што припаѓаат на надлежноста на Судот.[232]

Со отворањето на истрагата, Обвинителството започна собирање на докази, испитување на сведоци и соработка со украинските власти, како и со други држави и меѓународни организации. Дополнително, беше формирана специјализирана истражна екипа во рамки на заедничкиот истражен тим (Joint Investigation Team – JIT), со учество на повеќе европски држави и Европол.[233] Овој чекор претставува значаен преседан, бидејќи за првпат голем број држави директно се вклучија во поддршка на една истрага на МКС, што ја нагласува не само тежината на ситуацијата туку и растечката поддршка за меѓународната кривична правда.

Отворањето на истрагата во случајот со Украина јасно ја демонстрираше способноста на Судот да реагира во услови на масовни злосторства и да ја искористи флексибилноста што ја нуди Римскиот статут во однос на различните патишта за активирање на неговата надлежност.

1.6.Конкретни наводни злосторства во Украина

Руската агресија врз Украина, започната во февруари 2022 година, предизвика серија наводни тешки кршења на меѓународното хуманитарно и меѓународно казнено право, кои веќе се предмет на внимателна анализа и истрага од страна на Меѓународниот кривичен суд (МКС), како и на други меѓународни и национални органи. Документирани

[231] International Criminal Court, Referral by State Parties: Situation in Ukraine, ICC Press Release, March 2, 2022.
[232] Statement of the ICC Prosecutor Karim A. A. Khan, QC on the Situation in Ukraine, March 2, 2022.
[233] Eurojust, Joint Investigation Team on Alleged Core International Crimes Commited in Ukraine, Press Release, March 25, 2022.

се бројни случаи што упатуваат на извршување на воени злосторства, злосторства против човештвото, па дури и можни елементи на геноцид.

Меѓу најсериозните наоди се издвојуваат намерните напади врз цивилното население и цивилната инфраструктура, што претставува јасно кршење на Четвртата Женевска конвенција и Дополнителниот протокол I. Меѓународната истражна комисија за Украина, формирана од Советот за човекови права на Обединетите нации, регистрира бројни примери на ненасочени гранатирања на густо населени подрачја како Харков, Чернихив и Мариупол. Особено симболичен е случајот со бомбардирањето на Драмскиот театар во Мариупол, каде што прибежиште нашле стотици цивили, меѓу кои и деца и покрај јасните обележја на објектот дека станува збор за засолниште за немилитаризирано население.[234]

Воедно, меѓународната јавност беше потресена од масовните убиства во градот Буча, во близина на Киев, каде што по повлекувањето на руските сили беа откриени бројни тела на цивили со знаци на егзекуција, тортура и врзани раце. Овие наоди се сметаат за најсилен доказ за извршување на воени злосторства и злосторства против човештвото. Слични сцени беа документирани и во Изиум, каде што се пронајдени масовни гробници со стотици тела, што дополнително ја потврдува загриженоста за систематичност на таквите дејствија.[235]

Друг аспект кој предизвикува сериозна правна квалификација се бројните сведоштва за тортура и нечовечко постапување кон украински заробеници и цивили. Според извештаите на „Human Rights Watch“ и Обединетите нации, заробени лица биле изложени на тепање, електрошокови, сексуално насилство и психолошки закани.[236] Дополнително, постојат докази за постоење т.н. „филтрациони кампови“ во окупираните територии, каде цивилите биле изложени на деградирачки третман и присилни испрашувања, што е во спротивност со фундаменталната забрана на тортурата во меѓународното право.

[234] UN Human Rights Council, Report of the Independent International Commision of Inquiry on Ukraine, A/HRC/52/62, March 2023.
[235] Amnesty International, Ukraine: Mass Graves and Executions in Bucha, April 2022.
[236] Human Rights Watch, Ukraine: Russian Forces Torture, Execute Civilians, May 2022.

Посебно алармантен е феноменот на сексуално насилство во рамките на конфликтот, кое според извештаите на Обединетите нации и други организации било користено како средство на војување и заплашување. Забележани се случаи на силување на жени, девојки, па дури и деца, што претставува не само воено злосторство туку и можен елемент на злостортства против човештвото, доколку се докаже дека станува збор за дел од системска практика.[237]

Еден од најсилните докази за организирана политика која би можела да има и елементи на геноцид е присилната депортација на деца во Русија. Токму поради овој факт МКС во март 2023 година издаде налози за апсење против рускиот претседател Владимир Путин и комесарката за правата на детето Марија Лвова-Белова, оценувајќи дека нивните постапки претставуваат незаконска депортација и трансфер на деца, што е предвидено како воено злосторство во член 8 од Римскиот статут.[238] Доколку се докаже намерата за асимилација и уништување на идентитетот на украинските деца, овие дејствија би можеле да се разгледуваат и во контекст на геноцид.

Конечно постојат бројни извештаи за употреба на забранети методи и средства на војување, особено касетна муниција, која според меѓународните стандарди предизвикува неселективни и непропорционални последици врз цивилното население. Иако Руската Федерација не е страна на Конвенцијата за забрана на касетната муниција, нејзината употреба во густо населени урбани подрачја, сепак претставува сериозно прекршување на принципите на разграничување и пропорционалност, што може да се квалификува како воено злосторство.[239]

Со оглед на сериозноста и разновидноста на наведените дела, овие наводи претставуваат основа за водење на истраги пред МКС, но и пред националните судови врз основа на принципот на универзална надлежност. Во зависност од степенот на докажаност и систематичност, дел од дејствијата би можеле да бидат квалификувани не само како

[237] United Nations Office of the High Commisioner for Human Rights (OHCHR), Conflict Related Sexual Violence in Ukraine, January 2023.
[238] International Criminal Court, Situation in Ukraine: ICC Judges Issue Arrest Warrants against Vladimir Vladimirovich Putin and Maria Alekseyevna Lvova-Belova, Press release, March 17, 2023.
[239] Human Rights Watch, Ukraine: Cluster Munitions Repeatedly Used, August 2022.

изолирани воени злосторства туку и како дел од поширока шема на злосторства против човештвото, па дури и како дејствија со геноцидна намера.

1.7.Предизвици

Руско-украинскиот конфликт го отвори прашањето за иднината и издржливоста на меѓународното казнено право, при што предизвиците може да се согледаат на неколку меѓусебно испреплетени нивоа. Најнапред, се појавуваат сериозни правни дилеми во поглед на надлежноста на Меѓународниот кривичен суд. Украина, иако не е потписничка на Римскиот статут, ја прифати надлежноста на Судот преку декларации во 2014 година и 2015 година, што овозможи отворање на официјални истраги. Но Русија како непотписничка и држава која експлицитно ја отфрла легитимноста на МКС, одбива секаква соработка. На тој начин се создава правен јаз меѓу формалната надлежност и практичната неможност за спроведување на одлуките, особено кога станува збор за апсење и предавање на осомничени лица.[240]

Покрај правните, силно се наметнуваат и политичките предизвици. Како постојана членка на Советот за безбедност, Русија го користи своето право на вето за да спречи донесување на резолуции што би можеле да водат кон санкции или кон создавање алтернативни механизми за меѓународна кривична правда. На овој начин се демонстрира структурната слабост на меѓународниот систем, во кој државите со најголема моќ можат да ја блокираат примената на правдата, токму тогаш кога нивната одговорност е доведена во прашање.[241] Дополнително, издавањето на налог за апсење против Владимир Путин и Марија Лвова-Белова, ја заостри дебатата за селективна примена на правдата: додека некои ја поздравија одлуката како историска, други ја критикуваа како политички мотивирана, бидејќи Судот ретко постапува против држави со западна поддршка.[242]

[240] International Criminal Court, Declarations Lodged by Ukraine Accepting the Juristiction of the Court (12 April 2014, 8 September 2015).
[241] Christopher Greenwood, "International Law and the War in Ukraine", International and Comparative Law Qurterly 72, no.3, 2023, стр. 523-525.
[242] Sergey Vasiliev, "The ICC, Russia and Ukraine: Between Symbolism and Enforcement", Journal of International Criminal Justice 21, no.2, 2023, стр. 389-392.

Конфликтот носи и специфични доказни предизвици. Обемот и разновидноста на наводните злосторства – масакри, тортура, сексуално насилство, присилна депортација на деца и системско уништување на цивилна инфраструктура – бараат комплексно и интензивно прибирање на докази.[243] Проблем претставува и пристапот до окупираните територии, безбедноста на сведоците и прашањето на дигиталните докази, кои иако стануваат се позначајни мораат да се подложат на строга верификација за да бидат прифатени пред судот.[244] Сето ова го прави процесот бавен и правно комплициран.

Конечно, институционалните предизвици се огледуваат во капацитетите и кредибилитетот на МКС. Судот се соочува со ограничени финансиски и човечки ресурси, што го отежнува водењето на повеќе комплексни постапки истовремено.[245] Постојаната критика за селективност дополнително ја поткопува довербата во неговата непристрастност, особено во глобалниот Југ. Доколку налозите за апсење останат без практична реализација, постои опасност МКС да биде перцепиран како институција која произведува симболички гестови, но не и конкретни резултати. Од друга страна, ако Судот успее да обезбеди барем делумна правна сатисфакција за жртвите, тоа би можело да ја зацврсти неговата улога како клучен столб на глобалната правда.

1.8.Недостиг на соработка од Руската Федерација

Еден од најголемите практични предизвици со кои се соочува Меѓународниот кривичен суд во истрагата и гонењето на наводните злосторства извршени во Украина е целосниот недостиг на соработка од страна на Руската Федерација. Како држава која не е членка на Римскиот статут, Русија формално нема обврска да ја признава неговата надлежност или да соработува со Судот во процесот на спроведување на истрагите и апсењата.[246] Но, праксата покажува дека во ситуации каде што обвинети лица се истакнати државни функционери, токму политичката волја и соработката на државата претставуваат клучен фактор за ефикасноста на меѓународното кривично правосудство.

[243] Human Rights Watch, Ukraine: Apparent War Crimes in Russia-Controlled Areas, 13 April 2022.
[244] Mark Kersten, "Accountability in the Digital Age: Evidence from Ukraine", Justice in Conflict, 2023.
[245] Carsten Stahn, A Critical Introduction to the International Criminal Law, Cambridge: Cambridge University Press, 2019, стр. 214-216.
[246] William A. Schabass, An Introduction to International Criminal Court,6th ed. Cambridge:Cambridge University Press, 2020, стр. 89.

Откако Обвинителството на МКС издаде налози за апсење против Владимир Путин и Марија Лвова-Белова, руските власти јавно ги отфрлија како неважечки и „правно ништовни“.[247] Наместо приближување кон меѓународната заедница и соработка со Судот, Москва ја интензивираше реториката на спротивставување, истакнувајќи дека нејзиниот суверенитет е директно нарушен.[248] Дополнително, Руската Федерација усвои внатрешни мерки со кои се предвидува кривична одговорност за оние кои би соработувале со МКС, со што практично се создаваат институционални бариери за каква било внатрешна примена на меѓународните налози.[249]

Оваа состојба го отежнува спроведувањето на меѓународната правда и отвора прашања за ефикасноста на Судот кога се работи за голема сила, која воедно е и постојана членка на Советот за безбедност. Недостигот на механизми за принудување на соработка го нагласува системскиот проблем во меѓународното казено право – Судот е зависен од државите за извршување на своите одлуки, а во случај на држава која е решена да не ги признава тие одлуки, правдата останува во голема мера симболична.[250]

Оттука, недостигот на соработка од Русија не претставува само поединечен случај туку сериозен преседан кој ја става на тест целата архитектура на меѓународната кривична правда. Тој преседан ја потврдува тезата дека МКС, без развиени механизми на принуда и без поддршка од сите големи сили, останува ограничен во своето делување и изложен на ризик од селективна примена на правдата.[251]

1.9.Прашањето на имунитетот на шеф на држава

Налозите за апсење издадени против Владимир Путин од страна на Меѓународниот кривичен суд го отвориј долго дискутираното прашање за имунитетот на шефовите на држави во меѓународното кривично право. Традиционално, меѓународното право признава два вида имунитет: функционален и личен. Функционалниот имунитет го штити шефот на држава од кривична одговорност за дејствата што ги извршува во рамките на

[247] “Russia Rejects ICC Arrest Warrant for Putin”, BBC news, March 17, 2023.
[248] Ibid.
[249] Human Rights Watch, “Russia’s Retaliation against the ICC”, April 2023.
[250] Antonio Cassese, International Criminal Law, 3rd ed., Oxford: Oxford University Press, 2013, стр. 421.
[251] Sergey Vasiliev, “International Criminal Justice in a Multipolar World: Challenges and Prospects”, Journal of International Criminal Justice 21, no. 1, 2023, стр. 55-78.

својата официјална функција, додека личниот имунитет обезбедува заштита за времето додека лицето е на положба, вклучително и за лични дејствија.[252]

Сепак, Римскиот статут на МКС (чл.27), јасно се утврдува дека ниту службената положба, ниту официјалните функции на шефот на држава не го ослободуваат од кривична одговорност пред Судот.[253] Ова значи дека теоретски, функционер како Путин може да биде обвинет и да му се издаде налог за апсење, без разлика на неговата положба. Практиката од минатото, вклучувајќи ги случаите на Слободан Милошевиќ, Чарлс Тејлор и Омар Ал-Башир, покажува дека МКС и ад хок трибуналите ги признаваат овие принципи, но во пракса се соочуваат со комплексни политички и оперативни пречки.[254]

Налозите против Путин се уникатни бидејќи тој е лидер на држава што е постојана членка на Советот за безбедност на ООН, со право на вето, што го прави неговото апсење екстремно сложено од практична гледна точка.[255] Иако правно не постои имунитет што би го штител од истрага и потенцијално апсење, политичката моќ на Русија значително ја ограничува можноста Судот да ги спроведе своите налози. Ова ја илустрира тензијата помеѓу формалната примена на принципот на еднаквост пред законот и реалноста на меѓународните односи, каде моќните држави можат да ја блокираат имплементацијата на правните одлуки.[256]

Прашањето на имунитетот во овој контекст не е само теоретско туку има директни импликации врз легитимитетот и кредибилитетот на МКС. Доколку Судот не успее да обезбеди соработка и практично извршување на налозите, постои ризик неговите одлуки да бидат перцепирани како симболичи, наместо како ефективен инструмент за воспоставување на глобална правда. Сепак, самата можност да се издаде налог за апсење против лидер на постојана членка на Советот за безбедност претставува значаен преседан

[252] Antonio Cassese, International Criminal Law, 3rd ed., Oxford: Oxford University Press, 2013, стр. 322-324.
[253] Rome Statute of the International Criminal Court, Un. Doc. A/CONF.183/9,entered into force 1 July 2002, Arc. 27.
[254] William A. Schabass, An Introduction to International Criminal Court, 6th ed., Cambridge: Cambridge University Press, 2020, стр. 91-95.
[255] Sergey Vasiliev, "The ICC, Russia and Ukraine: Between Symbolism and Enforcement", Journal of International Criminal Justice 21, no. 2, 2023, стр. 390.
[256] Christopher Greenwood, "International Law and the War in Ukraine", International & Comparative Law Qarterly 72, no. 3, 2023, стр. 524-525.

и потврда дека во меѓународното кривично право нема апсолутни имунитети за шефовите на држави.[257]

Еден од најкритичните предизвици на МКС во контекст на руско-украинскиот конфликт е ограничената можност за извршување на неговите одлуки, што произлегува пред сè од политички и дипломатски фактори. За разлика од националните судови, МКС нема сопствен механизам за спроведување туку целосно зависи од волјата на државите-членки на Римскиот статут. Оваа зависност создава простор за политизација и селективна примена на одлуките, особено кога станува збор за високи политички фигури, како што е претседателот на Руската Федерација, Владимир Путин.

Издавањето на налог за негово апсење претставуваше правен и симболичен преседан, но истовремено ја откри и практичната немоќ на Судот. Иако државите членки формално се обврзани да го спроведат налогот, во пракса се јавуваат бројни изговори и правни интерпретации насочени кон избегнување на директна конфронтација со Москва.

Ваквиот однос кон одлуките на Судот го еродира кредибилитетот на меѓународната кривична правда. На едно ниво, тој ја потврдува зависноста на МКС од државната соработка, со што се доведува во прашање принципот на еднаквост пред правдата. На друго ниво, тој создава впечаток на ,,симболична правда“ каде што судските одлуки имаат силен морален и политички ефект, но се ограничени во својата практична примена. Особено во контекст на Украина, оваа состојба го засилува чувството на неказнивост кај највисоките политички структури во Русија, додека жртвите на конфликтот остануваат без реално чувство на правда.

[257] Marlise Simons, “The Hague Court Issues Arrest Warrant for Putin on War Crimes Charges”, The New York Times, March 17, 2023.

2.Конфликтот Израел-Палестина

2.1.Историски и политички контекст

Израелско-палестинскиот конфликт претставува еден од најдолготрајните и најкомплексните конфликти во современата историја. Неговите корени можат да се пронајдат уште во почетокот на XX век, во контекст на распадот на Отоманската империја и колонијалните интереси на големите сили на Блискиот Исток. Во 1917 година Британската влада ја објави т.н. Балфурова декларација, со која се изразува поддршка за создавање на „национален дом за еврејскиот народ“ во Палестина, без притоа да се нарушат граѓанските и верските права на постојното нееврејско население.[258]

По Првата светска војна, Палестина станува британска мандатна територија под покровителство на Друштвото на народите. Во текот на мандатниот период (1920 -1948), расте бројот на еврејските доселеници, особено како последица на прогонот и холокаустот во Европа. Овој процес доведува до зголемени тензии меѓу еврејското и арапското население, што резултира со серија немири и вооружени судири.[259]

До 1947 година, пред поделбата на Палестина, Палестинското арапско население броело околу 1,3 милиони, а еврејското население околу 600.000.[260] Овој процес доведува до зголемени тензии меѓу еврејското и арапското население, што резултира со немири и вооружени судири.[261]

Клучен момент претставува 1947 година, кога Обединетите нации усвојуваат план за поделба на Палестина на еврејска и арапска држава, со специјален меѓународен статус за Ерусалим.[262] Планот беше прифатен од страна на еврејското раководство, но одбиен од арапските држави и палестинските лидери. Како резултат, во 1948 година, по

[258] Belafour Declaration, 1917.
[259] Gelvin, J.L., The Israel-Palestine Conflict: One Hundred Years of War, Cambridge University Press, 2021, стр. 45-47.
[260] Morris, B., Righteous Victims: A History of the Zionist-Arab Conflict, 1881-2001, Vintage, 2001, стр. 210.
[261] Исто, стр. 215-230.
[262] UN General Assembly, Resolution 181 (II), 29 November 1947.

прогласувањето на независноста на Израел, започнува првата арапско-израелска војна. Повеќе од 700.000 Палестинци биле протерани или избегале, создавајќи еден од најголемите бегалски проблеми во современата историја, познат како Накба (катастрофа).[263]

Следната пресвртница е Шестдневната војна во 1967 година, кога Израел ја окупира Газа, Западниот Брег, источен Ерусалим и Голанската висорамнина. Со тоа, прашањето за окупираните територии станува централна точка на конфликтот.[264] Израелските населби на Западниот Брег се сметаат за нелегални според меѓународното право (Четврта Женевска конвенција), но Израел има поинаков став, што ја отежнува можноста за постигнување на мир.[265] И покрај резолуциите на Советот за безбедност на ОН, особено Резолуција 242, повлекувањето од окупираните територии никогаш не се спроведува целосно.[266]

Палестинското национално движење добива институционална форма преку создавањето на Палестинската ослободителна организација (ПОО) во 1964 година. ПОО се легитимира како претставник на палестинскиот народ и низ децении води вооружена борба и дипломатска кампања за меѓународно признавање на правото на палестинците на сопствена држава.[267]

Во 1987 година започнува Првата интифада - палестинско народно востание против израелската окупација, кое масовно вклучува цивилно население. Втората интифада (2000-2005) е многу понасилна и резултира со илјадници жртви на двете страни.[268]

Со Осло спогодбите (1993 и 1995), доаѓа до историски исчекор – Израел и ПОО се признаваат меѓусебно, а Палестинската автономна власт добива ограничени надлежности

[263] Pappe, I., The Ethnic Cleansing of Palestine, Oneworld Publications, 2006.
[264] UN Security Council, Resolution 242 (1967).
[265] International Committee of the Red Cross, Occupation and International Humanitarian Law: Israel and the Occupied Territories, Geneva, 2004.
[266] UN Security Council Resolution 242(1967).
[267] Sayigh, Y., Armed Struggle and the Search for State: The Palestinian National Movement, 1949-1993, Oxford University Press, 1997.
[268] Roy, S., The Gaza Strip: The Political Economy of De-Development, Institute for Palestine Studies, 2011.

врз делови од Западниот брег и Газа.[269] Сепак, неуспехот на мировниот процес, продолжената изградба на израелски населби и поделбата на палестинската политичка сцена (ФАТАХ на Западниот брег и ХАМАС во Газа) доведуваат до нови циклуси на насилство и до замрзнување на процесот.

Денес, Газа е под израелска и египетска блокада од 2007 година, што предизвикува хуманитарна криза со сериозни последици за пристапот до здравство, образование и основни ресурси.[270] Прашањата како статусот на Ерусалим, правото на враќање на палестинските бегалци, иднината на израелските населби и воспоставувањето на независна палестинска држава остануваат нерешени и го дефинираат современиот конфликт.[271]

2.2.Меѓународно правни аспекти

Палестинскиот конфликт не е само регионален проблем туку и еден од најсложените случаи за примената на меѓународното право. Од една страна, постои долгогодишната борба на палестинскиот народ за признавање на нивната државност и правото на самоопределување. Прогласувањето на независноста на Палестина во 1988 година добива признавање од повеќе од 130 држави, но останува неприфатено од Израел и од некои западни земји.[272] Ова право на самоопределување е заштитено со повеќе меѓународни инструменти, како Повелбата на ОН и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права,[273] но неговата реализација е постојано ограничена од политички и територијални препреки.

[269] Rabinovich, I., & Reinharz, J., Israel in the Middle East: Documents and Readings on Society, Politics and Foreign Relations, Brandelst University Press, 2008.
[270] UN Office for the Coordination of Humanitarian Affairs (OCHA), Gaza Strip: Humanitarian Overview, 2020.
[271] Khalidi, R., The Iron Cage: The Story of the Palestinian Struggle for Statehood, Beacon Press, 2007.
[272] UN General Assembly, Recognition of the State of Palestine, 1988.
[273] UN Charter; International Covenant on Civil and Political Rights, 1966.

Од 1967 година Израел ја контролира Газа, Западниот брег и источен Ерусалим, што создава сложена ситуација со аспекти на окупацијата според Меѓународното право. Четвртата Женевска конвенција обврзува окупаторската сила да ги штити цивилите и да ги почитува нивните основни права.[274] Меѓутоа, изградбата на израелски населби на Западниот брег, според многу меѓународни експерти, претставува кршење на овие норми,[275] а Израел го оспорува овој став, што создава правна несигурност.

Сложеноста на конфликтот се гледа и преку прашањето на воените злосторства. Палестина се приклучува на Римскиот статут во 2015 година, со што Меѓународниот кривичен суд добива надлежност да истражува потенцијални злосторства. Во 2021 година, МКС отвора истрага за настаните во Газа и на Западниот брег, вклучувајќи ракетни напади кон цивилни цели и несразмерна употреба на сила.[276] Израел пак, не признава надлежност на МКС, што ја комплицира правната рамка за одговорност.

ОН, преку Советот за безбедност и Генералното собрание, исто така се обидуваат да обезбедат меѓународна рамка за решавање на конфликтот. Резолуциите 242 и 338 бараат повлекување на Израел од окупираните територии и воспоставување мир преку преговори.[277] Сепак, политичките блокади и ветото на одредени членки често ја ограничуваат ефективноста на овие документи.

Слично како во други конфликти во светот, како што е Украина, меѓународните механизми се соочуваат со ограничувања во санкционирањето на прекршителите и во заштитата на цивилите. Основниот проблем останува политичкиот интерес, кој често го надвладува применувањето на правото. Прашања како статусот на Ерусалим, правото на враќање на палестинските бегалци и иднината на израелските населби се нерешени и го одликуваат современиот контекст на конфликтот.[278]

[274] Fourth Geneva Convention Relative to the Protection of Civilian Persons in Time of War, 1949.
[275] International Court of Justice, Advisory Opinion on the Legal Consequences of the Construction of a Wall in the Occupied Palestinian Territory, 2004.
[276] International Criminal Court, Office of the Prosecutor, Situation in Palestine – Preliminart Examination, 2021.
[277] UN Security Council Resolutions 242 (1967) and 338 (1973).
[278] Khalidi, R., The Iron Cage: The Story of the Palestinian Struggle for Statehood, Beacon Press, 2007.

2.3.Воени злосторства и кршење на Меѓународното хуманитарно право

Палестинско –израелскиот конфликт пак, е пример за долгогодишно и системско кршење на Меѓународното хуманитарно право во контекст на окупација. Блокадата на Појасот Газа кој трае со години, претставува колективна казна врз целото население, спротивно на член 33 од Четвртата Женевска конвенција.[279] Ограниченият пристап до медицинска помош и хуманитарни ресурси создава услови за хуманитарна катастрофа, што е исто така спротивно на меѓународните норми.

Во текот на воените ескалации, особено во 2014 година и 2021 година, а и во најновите настани од 2023 година и 2024 година, израелските воздушни напади врз густо населени области во Газа доведоа до илјадници цивилни жртви, меѓу кои и голем број деца.[280] Извештаите на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ООН, како и на специјалните известувачи, укажуваат дека ваквите акции можат да се класифицираат како воени злосторства.[281] Од друга страна и палестинските вооружени групи извршиле сериозни прекршувања, како што се: ракетни напади врз цивилни населби во Израел и држење цивили како заложници, што исто така претставува тешко прекршување на Меѓународното хуманитарно право.[282]

И двата конфликта потврдуваат дека современите војни сè почесто се водат на начин кој ги брише границите меѓу воени и цивилни цели. Женевските конвенции и нивните протоколи претставуваат јасен правен рамковник, но нивната примена зависи од политичката волја и од ефикасноста на меѓународните институции. Кога тие механизми затајуваат, жртвите остануваат без заштита, а сторителите без одговорност - што претставува најголем предизвик за меѓународното казнено право во 21 век.

[279] Geneva Convention IV relative to the Protection of Civilian Persons in Time of War, 1949.
[280] UN Human Rights Council, Report on the 2014 Gaza Conflict (2015).
[281] UN OHCHR, "Report on the human rights situation in the Occupied Palestinian Territory", 2023.
[282] Human Rights Watch, "Israel/Palestine: Apparent War Crimes During October 2023 Hostilities".

Еден од најшокантните настани во најновата ескалација на израелско–палестинскиот конфликт беше бомбардирањето на болницата „Ал-Ахли“ во градот Газа на 17 октомври 2023 година. Болницата, која била преполна со пациенти, медицински персонал и раселени цивили кои барале засолниште, била погодена во момент кога во неа имало стотици луѓе. Според првичните податоци од здравствените власти во Газа, 400 лица загинале во нападот, што ја прави оваа трагедија една од најсмртоносните војни епизоди против цивилни цели во последните децении.[283]

Иако израелската страна тврдеше дека експлозијата е резултат на неуспешно лансирање на ракета од страна на палестинската вооружена група, бројни независни истраги, вклучително и оние на меѓународни медиуми и ганизации за човекови права, укажаа дека околностите сè уште не се целосно разјаснети, но дека обемот на уништување и бројот на жртви се неспоиви со објаснувањето за мала ракета.[284] Без оглед на точниот извор на нападот, факт е дека цивилите и медицинскиот персонал беа директно погодени, што според меѓународното хуманитарно право претставува тешко прекршување.

Женевските конвенции изречно забрануваат напади врз медицински установи и персонал, освен ако тие се користат за воени цели, а дури и тогаш мора да се почитуваат строгите принципи на пропорционалност и предупредување.[285] Во случајот со „Ал-Ахли“ не постојат докази дека болницата била користена за воени цели, што дополнително го нагласува карактерот на дејствието како потенцијално воено злосторство.

Нападот предизвика глобални реакции. Генералниот секретар на Обединетите нации Антонио Гутерес, изрази „длабок шок и тага“, истакнувајќи дека болниците и здравствените установи се свети места според меѓународното право и мораат секогаш да бидат заштитени.[286] Европската унија, Светската здравствена организација и бројни држави, побараа независна и транспарентна истрага.[287]

[283] Minisry of Health in Gaza, Press release, 18 October 2023.
[284] The Guardian, “What we know about the Gaza hospital blast”, October, 2023.
[285] Geneva Convention IV, Art. 18; Additional Protocol I, Art. 12.
[286] United Nations Secretary – General Statement, 18 October 2023.
[287] WHO Statement on Al-Ahli Hospital Incident, 2023.

Овој случај стана симбол на поширокатa хуманитарна катастрофа во Појасот Газа, каде цивилите често се наоѓаат без сигурно прибежиште. Бомбардирањето на „Ал-Ахли“ не е изолиран инцидент туку дел од поширок модел на напади врз цивилна инфраструктура – вклучувајќи училишта, бегалски кампови и објекти на ООН.[288] Ова укажува на системско кршење на меѓународното хуманитарно право, што ја нагласува потребата од ефикасна меѓународна одговорност и санкции за сторителите.

2.4.Улогата на Меѓународниот кривичен суд во израелско-палестинскиот конфликт

Палестинското прашање со децении претставува еден од најсложените и најконтроверзните конфликти во современата меѓународна политика и право. Особено чувствително е прашањето за одговорноста за извршените злосторства и механизмите преку кои може да се оствари правда за жртвите. Во таа насока, Меѓународниот кривичен суд (МКС) во последната деценија се наметна како централна институција која настојува да ја изврши својата функција на меѓународна кривична правда во контекст на израелско-палестинскиот конфликт.

Позицијата на Меѓународниот кривичен суд (МКС) во израелско-палестинскиот конфликт се обликува преку спој на прагови (надлежност, прифатливост, комплементарност) и високата политичка чувствителност. Клучниот пресврт настапи кога Палестина пристапи кон Римскиот статут (јануари 2015) и ретроактивно ја прифати надлежноста од 13 јуни 2014 година, што овозможи Обвинителството да отвори прелиминарно испитување и потоа целосна истрага за дела сторени на територијата на Газа, Западниот Брег и Источен Ерусалим.[289] Во февруари 2021 година, Претпретресната комора I утврди дека МКС има територијална надлежност врз овие територии – одлука

[288] Human Rights Watch, “Gaza: Strikes on Hospitals, Schools Violate Laws of War”, 2023.
[289] International Criminal Court (ICC), “State of Palestine – Situations Under Investigations” (прием на Статутот и прифаќање надлежност), https://www.icc-cpi.int/palestine , последно пристапено на: 24.08.2025.

што ги отвори процесните врати за кривично-правна оценка на настаните по 2014 година.[290] На 3 март 2021 година, Обвинителството официјално потврди дека започнува истрага за „Ситуацијата во Државата Палестина“.[291]

Ескалацијата по 7 октомври 2023 година ја интензивира активноста на МКС. На 20 мај 2024 година, Обвинителот поднесе апликации за налози за апсење против високи лидери на Хамас (вкл. Јахја Синуар, Мухамед Даиб Ибрахим ал-Масри „Деиф“, Исмаил Ханија) и против израелски државни функционери (Бенјамин Нетанјаху и Јоав Галант), наведувајќи конкретни инкриминации врз основа на Римскиот статут.[292] Подоцнежните процесни чекори пред Претпретресната и Апелациската комора ја артикулираа рамнотежата меѓу тврдењата за државен имунитет, прашањата на надлежноста и конкретните елементи за злосторствата. Во ноември-декември 2024 година и текот на 2025 година, Судот објави повеќе одлуки во кои:

a) Одби дел од приговорите на Израел поврзани со надлежноста и
b) Постапуваше по апелациите во контекст на овие процеси.[293]

На 24 април 2025 година, Апелациската комора донесе пресуда што ја преиначи една од одлуките на Претпретресната комора во делот на израелските приговори – но без да ја поништи општата способност на Судот да продолжи со постапките во ситуацијата Палестина.[294] Паралелно, Претпретресната комора издаде и поединечни налози за апсење

[290] ICC, Decision on the Prosecution’s Request Related to Jurisdiction over the Situation in Palestine, Pre-Trial Chamber I, 5 February 2021, https://www.icc-cpi.int/sites/default/files/CourtRecords/CR2021_01165.PDF , последно пристапено на: 24.08.2025.
[291] Statement of ICC Prosecutor, Fatou Bensouda, respecting an investigation of the Situation in Palestine,3 March 2021, https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-fatou-bensouda-respecting-investigation-situation-palestine , последно пристапено на: 24.08.2025.
[292] Statement of the ICC Prosecutor Karim A. A. Khan, KC: Applications for arrest warrants in the Situation in the state of Palestine, 20 May 2024, https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-karim-aa-khan-kc-applications-arrest-warrants-situation-state , последно пристапено на: 24.08.2025.
[293] Вид. Официјални судски записи/прес соопштенија за 2024/25 (претпретресни податоци и одлуки), https://www.icc-cpi.int/sites/default/files/CourtRecords/0902ebd1809a40b9.pdf , последно пристапено на: 24.08.2025.
[294] ICC, Situation in the State of Palestine: Appeals Chamber reverses the Pre-Trial Chamber’s decision on Israel’s challenges, 24 April 2025, https://www.icc-cpi.int/news/situation-state-palestine-appeals-chamber-reverses-pre-trial-chambers-decision-israels , последно пристапено на: 24.08.2025.

(вклучително и за Мухамед Диаб Ибрахим ал-Масри „Деиф“), што ја потврдува способноста на Судот да делува и кон недржавни актери.[295]

Овие чекори имаат двоен ефект: прво создаваат правен запис за конкретни дејствија што - prima facie, ги задоволуваат елементите на тешки меѓународни злосторства и второ, сигнализираат дека принципот на еднаква одговорност важи и за државни и за недржавни актери, независно од членството во Римскиот статут. Официјалната страница на МКС за „Ситуацијата во Државата Палестина“ ја консолидира оваа процесна историја, од одлуката за надлежност до поновите поднесоци и налози.[296]

2.4.1.Потенцијални злосторства од палестинска страна (Хамас и други вооружени групи)

Во апликациите од 20 мај 2024 година, Обвинителството наведува низа дела што се припишуваат на високи лидери на Хамас. Нормативно, тие дела се подведуваат под член 7 (злосторства против човештвото) и член 8 (воени злосторства) од Римскиот статут. Конкретно се посочуваат: убиства и напади насочени против цивили, земање заложници, силување и други облици на сексуално насилство, тортура и нечовечко постапување, сурово однесување и понижувачки третман, како и други класични повреди на правилата на ius in bello (како незаконско лишување од слобода и малтретирање на заробеници).[297]

Обвинителот се повикува на материјал што prima facie сугерира постоење на организирана, системска практика насочена кон цивилно население во Израел на и по 7

[295] ICC, Pre-Trial Chamber I issues warrant arrest for Mohammed Diab Ibrahim Al-Masri (Deif), 2024, https://www.icc-cpi.int/news/situation-state-palestine-icc-pre-trial-chamber-i-issues-warrant-arrest-mohammed-diab-ibrahim , последно пристапено на 24.08.2025.
[296] ICC, “State of Palestine/International Criminal Court” , https://www.icc-cpi.int/palestine , последно пристапено на: 24.08.2025.
[297] Пр. Член 7 и 8 Римски статут, конкретизација во апликациите од 20.05.2024 на Обвинителот (убиства, земање заложници, сексуално насилство, тортура и др.), https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-karim-aa-khan-kc-applications-arrest-warrants-situation-state , последно пристапено на: 24.08.2025.

октомври 2023 година, што го отвора прашањето и за прогонување и други нехумани дејствија како злосторства против човештвото.[298]

Во процесна смисла, МКС веќе демонстрираше подготвеност да издаде налози за апсење за лидери на недржавни вооружени групи во рамката на „Ситуацијата Палестина“ со цел обезбедување присуство на осомничените и обезбедување на сведоци и докази.[299]

Паралелно, МКС ја нагласува и улогата на жртвите (учество/reparations), обезбедувајќи канали за пријавување штета и поднесување ставови, што е важен елемент на легитимитетот и прифатливоста на процесот кај заедниците погодени од насилство.[300]

2.4.2.Потенцијални злосторства од израелска страна (државни функционери и вооружени сили)

Што се однесува до израелската страна, апликациите на Обвинителството од мај 2024 година наведуваат дела кои prima facie, се подведуваат под: намерно насочување напади против цивили, предизвикување изгладнување на цивилно население како метод на војување (чл.8(2)(b)(xxv)), намерно попречување доставување хуманитарна помош, тешки повреди на телесниот интегритет и здравјето, па дури и истребување и прогонување во смисла на член 7, доколку се докаже широк или системски карактер насочен против цивилно население во Газа.[301] Обвинителот тврди дека државните функционери имале „реална можност“ да влијаат врз оперативните одлуки и логистиката поврзана со

[298] Дополнително, правна елаборација и извештај на Панелот на експерти на МХП приложен кон апликацаиите, https://www.icc-cpi.int/sites/default/files/2024-05/240520-panel-report-eng.pdf , последно пристапено на: 24.08.2025.
[299] Вид. Издавањето на поединечни налози за членови на Хамас, https://www.icc-cpi.int/news/situation-state-palestine-icc-pre-trial-chamber-i-issues-warrant-arrest-mohammed-diab-ibrahim , последно пристапено на: 24.08.2025.
[300] ICC, “Victims – State of Palestine” (учество на жртви, процедури), https://www.icc-cpi.int/victims/state-palestine , последно пристапено на: 24.08.2025.
[301] Апликацијата против израелски функционери: наведување на изгладување (чл.8(2)(b)(xxv)), попречување хуманитарна помош итн. (официјално соопштение), https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-karim-aa-khan-kc-applications-arrest-warrants-situation-state , последно пристапено на 25.08.2025.

блокадата, опстрелите и дозволите за хуманитарни конвои – што доколку се докаже, може да ја активира и индивидуалната кривична одговорност за основа на извршителство/со-извршителство или командна одговорност.[302]

Во процесните фази 2024-2025, израелската страна вложи повеќе приговори поврзани со надлежноста и имунитети: Претпретресната комора делумно ги одби таквите приговори, а Апелациската комора донесе корективи во однос на правната аргументација, без да ја отфрли целокупната постапка.[303] Оваа динамика покажува дека МКС се движи по тесна линија меѓу суверенитетот, безбедносните аргументи и императивот на меѓународната кривична одговорност.

И во двата случаи, работата на МКС, се соочува со класичните пречки: ограничен пристап до територија, безбедност на истражителите и сведоците, верификација на дигитални и отворени извори, како и прашања на комплементарност (дали и во колкава мерка националните органи навистина спроведуваат ефективни и неазависни постапки). Обвинителството повеќепати издаде јавни повици за непречен пристап и целосна соработка од сите страни, вклучувајќи ги и соседните држави, токму заради овие практични бариери.[304] И покрај тоа, тековната линија на дејствување (апликации и издадени налози) укажува дека Судот е подготвен да ја движи постапката врз основа на достапните докази и меѓународно-правните стандарди.

Независно од исходот во секој поединечен предмет, МКС веќе остварува две суштински функции. Прво, превентивна/детерентна функција: самото постоење на истрага и ризикот од лична кривична одговорност ја менува калкулацијата и реториката кај вооружените актери. Второ, легитимирачка функција за жртвите: МКС обезбедува канал за гласовите на жртвите и создава авторитетна историска/правна евиденција.

[302] Процесни документи на Претпретресната комора со упати за командна одговорност/контролни функции, службени записи (2024-2025), https://www.icc-cpi.int/sites/default/files/CourtRecords/0902ebd1809a17a5.pdf , последно пристапено на:25.08.2025.
[303] Вид. Комбинацијата на претпретресни и апелациски одлуки во 2024-2025 околу израелските приговори, https://www.icc-cpi.int/news/situation-state-palestine-icc-pre-trial-chamber-i-rejects-state-israels-challenges , последно пристапено на: 25.08.2025.
[304] Повеќекратни јавни изјави на Обвинителството за потреба од целосна соработка и непопречен пристап (Канн 2024-2025), https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-karim-khan-kc-cairo-situation-state-palestine-and-israel , последно пристапено на: 25.08.2025.

Официјалниот портал на МКС за „Палестина“ покажува структуриран преглед на сите процесни документи, одлуки и јавни изјави – критично за транспарентноста и академската реконструкција на настаните.[305]

2.5.Споредба со украинскиот случај, сличности и разлики во пристапот на МКС

Кога МКС се впушта во истраги за конфликтите во Украина и Палестина можеме да забележиме како неговиот пристап во голема мера е сличен, но и прилагоден на конкретните услови на секој конфликт. Во основа и во Украина и во Палестина, МКС се води од идејата дека најтешките кривични дела - воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид - мора да бидат истражени и санкционирани. Судот настојува прво да ја поттикне домашната правда, остварувајќи простор националните институции да реагираат. Ако тие не го направат тоа, МКС го активира своето право на надлежност. Во двата случаи, за да може истрагата да биде кредибилна, потребни се прецизни и веродостојни докази, што е предизвик поради тековните борби, ограниченият пристап и ризиците по сведоците.

Меѓутоа, постојат значајни разлики кои произлегуваат од правниот и политичкиот контекст на секој конфликт. Украина не е членка на МКС, но ја прифати неговата надлежност за делата сторени на нејзина територија, што му овозможи на Судот да започне истрага без формално членство. Палестина, од друга страна, е призната како држава членка, што му дава на МКС поширока територијална надлежност.

Фокусот на истрагата исто така се разликува. Во Украина, МКС се насочува кон злосторствата на руските сили, како и против дела на украинските борци, особено оние што влијаат врз цивилното население. Во Палестина вниманието е насочено првенствено

[305] Консолидиран преглед на ситуацијата и документите на официјалната странцица “State of Palestine”, https://www.icc-cpi.int/palestine , последно пристапено на: 25.08.2025.

кон израелските воени операции, како бомбардирање на болници, училишта и цивилни населби, но не се занемаруваат ни злосторствата на палестинските вооружени групи.

Политичката комплексност на двата конфликта исто така ја обликува работата на МКС. Во Украина, како меѓународно призната држава, легитимирањето на надлежноста е поедноставно, додека во Палестина постојат контроверзии околу правниот статус и признавањето на државата, што создава дополнителни правни и дипломатски препреки.

Конечно, реализацијата на истрагите и судските процеси се различни. Во Украина Судот издаде наредби за апсење на високи функционери и има потенцијал да ги пренесе предметите во Хаг, иако отпорот од Русија го отежнува тоа. Во Палестина, практичната имплементација е потешка поради израелската отпорност и специфичните територијални услови, па процесот повеќе служи за меѓународна легитимација и документирање на злосторствата, отколку за непосредно судење.

На овој начин и покрај сличностите во правниот пристап и стандардите на МКС, секој конфликт го носи својот уникатен печат, а работата на судот мора да се прилагоди на специфичностите на теренот, политичките реалности и правните можности.

2.6. Меѓународната заедница и идни предизвици

Меѓународната заедница е комплексна структура составена од држави, меѓународни организации и регионални тела, чија заедничка цел е одржувањето на меѓународниот мир и безбедност, почитувањето на човековите права и унапредувањето на меѓународното право. По Втората светска војна, централна институција во овој систем стана Обединетите нации (ОН), чија основачка повелба од 1945 година воспостави колективна безбедносна архитектура со Советот за безбедност како најмоќен орган за справување со закани по мирот и безбедноста.

Советот за безбедност има мандат да донесува обврзувачки резолуции, да воведува санкции и во крајна линија, да овласти за употреба на сила со цел одржување или враќање на меѓународниот мир. Но, неговата ефикасност е сериозно ограничена со правото на вето кое им припаѓа на петте постојани членки – САД, Русија, Кина, Франција и Велика Британија. Ова право, замислено како механизам за обезбедување на консензус меѓу големите сили, во практика често се претвори во средство за блокирање на одлуки кога тие не одговараат на интересите на некоја од постојаните членки.[306]

Особено контроверзна е улогата на САД, кои традиционално го користат правото на вето за да блокираат резолуции кои ја критикуваат или санкционираат политиката на Израел во однос на палестинското прашање. Од 1972 година до денес, САД имаат искористено вето повеќе од 40 пати за да спречат усвојување на резолуции кои се однесуваат на израелско-палестинскиот конфликт.[307] Овој тренд создава впечаток на селективна примена на меѓународното право и ја подрива вербата во Советот за безбедност како неутрален арбитер на меѓународната правда.

Неспособноста на Советот да реагира ефективно во ситуации на масовни кршења на човековите права или меѓународни злосторства ја поттикнува дебатата за неговата реформа. Предлозите за ограничување на правото на вето во случаи на геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства добија широка поддршка во академските и политичките кругови, но недостига политичка волја за нивна имплементација.[308]

Кога Советот за безбедност не успева да постигне консензус, во пракса на сцена стапуваат регионалните организации.

- Арапската лига, основана во 1945 година, има значајна политичка улога во артикулирањето на заедничките позиции на арапските држави во однос на блиско-источниот кофликт. Иако не располага со механизми за принуда

[306] United Nations Security Council, Voting System and Records, United Nations, https://main.un.org/securitycouncil/en/content/voting-system , последно пристапено на: 25.08.2025.
[307] Jeremy M. Sharp, U.S. Foreign Aid to Israel, Congressional Research Service Report, 2023, стр. 15.
[308] Jennifer Trahan, Existing Legal Limits to Security Council Veto Power in the Face of Aattrocity Crimes, Cambridge University Press, 2020.

споредливи со оние на Советот за безбедност, Лигата доследно усвојува резолуции во поддршка на палестинската кауза и врши дипломатски притисок врз Меѓународната заедница за признавање на палестинските права.[309] На пример, во 2002 година, Арапската лига го усвоила т.н. „Арапски мировен план“, со кој понуди нормализација на односите со Израел во замена за повлекување од окупираните територии и признавање на палестинската држава.[310]

- Европската унија (ЕУ) пак, со својата заедничка надворешна и безбедносна политика се позиционира како глобален промотор на човековите права и Меѓународното казнено право. Таа не само што финансиски го поддржува Меѓународниот кривичен суд туку и активно промовира универзална ратификација на Римскиот статут.[311] ЕУ исто така применува санкции како инструмент на својата надворешна политика, што стана особено видливо по руската инвазија врз Украина во 2022 година, кога беа воведени обемни економски и политички мерки против Москва.[312] Оваа улога ја зајакнува позицијата на ЕУ како клучен регионален актер со глобални амбиции.

Заклучно, Меѓународната заедница се соочува со избор помеѓу задржување на постојната структура, која често е парализирана од националните интереси на големите сили и темелна реформа која би ја зајакнала универзалноста и ефективноста на меѓународното право. Доколку овој втор пат не биде следен, постои ризик од уште поголема ерозија на довербата во глобалниот систем на колективна безбедност.

[309] League of Arab States, Decisions of the Council Concerning the Palestinian Question, League of Arab States,
[310] Avi Shiam, “The Arab Peace Iniciative: A Brief History”, International Affairs 89, no. 2, 2013, стр. 241-257.
[311] European Union External Action Service, The EU and the International Criminal Court, EEAS https://www.eeas.europa.eu/_en, последно пристапено на: 25.08.2025.
[312] European Council, EU Sanctions against Russia Explained, Council of the European Union, https://www.consilium.europa.eu/en/ , последно пристапено на: 25.08.2025.

2.7.Прашањето на неодговорност и неказнивост

Израелско-палестинскиот конфликт претставува еден од најпрепознатливите примери во кои се судираат правото и политиката, а прашањето на одговорноста и неказнивоста станува особено нагласено. Иако повеќе од седум децении Меѓународната заедница се обидува да воспостави праведна рамка за решавање на конфликтот, бројни наводни кривични дела остануваат без ефикасна судска разрешница. Ова ја отвора дилемата: дали меѓународното кривично право навистина е во состојба да обезбеди одговорност за најтешките дела во услови на долготрајна окупација, асиметричен вооружен конфликт и силни геополитички влијанија.

Од една страна, постојат јасни индиции за систематски кршења на Меѓународното хуманитарно и Меѓународното казнено право. На Израел му се припишуваат акти што би можеле да се квалификуваат како воени злосторства: несразмерна употреба на сила, напади врз цивилни објекти и колективни казни, особено за време на воените операции во Газа.[313] Од друга страна, вооружените палестински групи, пред сè Хамас, се обвинети за напад врз цивили, вклучувајќи и употреба на ракети и изведување киднапирања, што исто така може да се подведе под воени злосторства и акти на тероризам.[314]

И покрај тоа што и двете страни се обвинети за сериозни прекршувања, неказнивоста останува доминантна. Причините за ова се повеќеслојни. Израел не е членка на Римскиот статут, што го ограничува директното дејствување на Меѓународниот кривичен суд (МКС) врз неговите државјани.[315] Иако Палестина во 2015 година пристапи кон Статутот и со тоа формално ја отвори можноста за надлежност на МКС, политичките и практичните пречки се покажаа како огромни. Израел го оспорува статусот на Палестина како држава, додека САД – како негов најсилен сојузник и постојан член на Советот за безбедност –

[313] Human Rights Council, "Report of the Independent Commision of Inquiry on the 2014 Gaza Conflict", United Nations, A/HRC/29/52, 2015.
[314] Amnesty International, "Unlawful and Deadly: Rocket and Mortar Attacks by Palestinian Armed Groups during the 2014 Gasa/Israel conflict", Amnesty International, London. 2015.
[315] William A. Schabass, *An Introduction to International Criminal Court*, Cambridge: Cambridge University Press, 2020, стр. 87-88.

активно се противат на секоја форма на меѓународна кривична постапка против израелските функционери.

Во 2021 година, Обвинителството на МКС официјално објави дека ќе спроведе истрага за ситуацијата во Палестина опфаќајќи ги наводните злосторства извршени од израелската армија и од палестинските вооружени групи.[316] Сепак, напредокот на оваа истрага е забавен и континуирано изложен на политички притисоци. Израел категорично одбива соработка со Судот, додека палестинската страна, иако формално ја поддржува истрагата, е ограничена од фактичката поделеност меѓу Западниот Брег и Газа.

Така, на теренот се создава порочен круг на неказнивост. Жртвите остануваат без ефективна судска заштита, додека сторителите – било да се државни актери или вооружени групи – продолжуваат да делуваат во средина каде што казната е повеќе теоретска можност отколку практична реалност. Неказнивоста, во овој контекст, не само што ја поткопува веродостојноста на меѓународното право туку и ја храни спиралата на насилство, бидејќи секоја нова рунда конфликти се гради врз нерешените неправди од претходната.

Со тоа, израелско-палестинскиот конфликт станува пример par excellence за судирот меѓу нормите на Меѓународното казнено право и суровата реалност на меѓународната политика. Одговорноста постои како јасен правен императив, но неказнивоста останува како фактичка доминанта – прашање што директно ја засега иднината на легитимноста и ефикасноста на целиот систем на меѓународна правда.

2.8. Перспективи за идни решенија

Иднината на израелско-палестинскиот конфликт често се сведува на три можни патеки. Првата е решението „две држави“, каде Палестина би станала независна држава покрај Израел, со јасни граници и регулиран статус на Ерусалим. Ова е моделот кој долго време го поддржува Меѓународната заедница и која нуди легитимна рамка за мир, но

[316] International Criminal Court, “Statement of the ICC Prosecutor, Fatout Bensouda, on the Opening of the Investigation into the situation in Palestine, March 3 2021. https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-fatou-bensouda-opening-investigation-situation-palestine , последно пристапено на: 25.08.2025.

спроведувањето бара доверба, политичка храброст и решавање на длабоките разлики кои постојат повеќе децении.

Втората перспектива е „една држава“, каде Палестина и Израел би се обединиле во единствена држава со еднакви граѓански права за сите. Во теорија, ова би ја решило територијалната поделба и би овозможили интегрирано општество, но во пракса претставува огромен предизвик. Историјата на конфликтот, разликите во културата и стравот од губење на идентитетот прават ова решение тешко остварливо.

Трета опција е статус кво - одржување на сегашната ситуација. Во краток рок, тоа носи одредена стабилност, но истовремено ја остава неизвесноста, продолжува насилството и не ги решава основните правни и национални прашања.

Сите овие патеки имаат свои предности и ризици. Две држави нудат легитимна и долгорочна визија, една држава нов храбар почеток, а статус кво е избор на удобност, но не и на траен мир. Како и да е, иднината зависи од компромис, доверба и волја за промени од двете страни.

За крај, анализата на конфликтите во Украина и Палетина ја истакнува комплексноста и динамиката на современите вооружени судири, како и предизвиците со кои се соочува Меѓународното казнено право. И двата конфликта ја потврдуваат потребата од јасна и ефикасна примена на меѓународните норми, но истовремено откриваат ограничувања на нивната имплементација.

Заедничко за двата конфликта е дека политичките интереси често го ограничуваат делувањето на правните механизми, а цивилите остануваат најранливи. Тие го потврдуваат значењето на координиран, интегриран пристап кој комбинира правни институции, дипломатски иницијативи и меѓународен мониторинг. Во крајна линија, овие конфликти не само што ја тестираат примената на МКП туку ја нагласуваат потребата од колективна одговорност и силна меѓународна волја, за правото да стане ефективен инструмент за правда, заштита на жртвите и спречување идни злосторства.

ЗАКЛУЧОК

Меѓународното казнено право претставува динамична и комплексна гранка на правниот систем, чија појава и развој се тесно поврзани со најтрагичните периоди од човековата историја. Од Нирнбершките процеси, преку ad hoc трибуналите, па сè до воспоставувањето на Меѓународниот кривичен суд, оваа област успеа да создаде правна рамка за индивидуална кривична одговорност за најтешките злосторства – геноцид, злосторства против човештвото, воените злосторства и злосторствата на агресија. Сепак современиот развој на меѓународните односи, како и промената на безбедносните, политичките и технолошките околности, создаваат нови предизвици пред кои мора да се прилагоди и да изнајдат нови механизми за ефективна примена.

Главниот предизвик лежи во тензијата меѓу суверенитетот на државите и потребата од воспоставување универзална правда. Иако идејата за неприкосновен суверенитет постепено отстапува пред принципот на индивидуална одговорност, сепак многу држави остануваат воздржани во целосното прифаќање на надлежностите на Меѓународниот кривичен суд. Тоа се должи на политички интереси, геостратегиски амбиции и страв од можноста за селективна правда. Ваквата состојба создава празнина во универзалната примена на Меѓународното казнено право и ја поткопува неговата кредибилност.

Вториот значаен предизвик е технолошката трансформација на војувањето и глобалната комуникација. Сајбер-нападите, употребата на вештачка интелигенција во вооружени конфликти и манипулацијата со информации преку медиумите и социјалните мрежи отвораат нови прашања за класификација на кривичните дела, идентификација на сторителите и собирање докази. Меѓународното казнено право мора да најде начин како да ги интегрира овие феномени во својата постоечка рамка, без притоа да се наруши принципот на правна сигурност и предвидливост.

Трет аспект кој заслужува внимание е прашањето на ефикасноста и легитимитетот на меѓународните судски институции. Прекумерното времетраење на постапките,

високите трошоци и чувството на селективна правда ја намалуваат довербата на јавноста. За да ја врати својата улога како гарант на универзалната правда, Меѓународното казнено право мора да обезбеди транспарентни, фер и правични постапки, како и механизми за поблиска соработка со националните правосудни системи.

Во оваа насока, потребна е поголема хармонизација меѓу меѓународните и националните правни норми, како и унапредување на принципот на комплементарност. Само преку активно вклучување на националните судови, создавање капацитети и градење на правна култура може да се постигне имплементација на меѓународните стандарди.

Конечно, мора да се нагласи дека иднината на Меѓународното казнено право зависи не само од правните решенија, туку и од политичката волја на државите и ангажманот на Меѓународната заедница. Без колективна поддршка и јасна определба за борба против неказнивоста, секоја правна рамка ќе остане ограничена. Но, доколку се вложат напори во зајакнување на институциите, надминување на селективноста и прилагодување на новите глобални предизвици, Меѓународното казнено право ќе може да ја исполни својата највисока цел – да обезбеди правда за жртвите, одговорност за сторителите и превенција од идни злосторства.

Оттука, заклучуваме дека иако предизвиците се многубројни и комплексни, тие не треба да се сфатат како слабост туку како можност за понатамошен развој и зацврстување на оваа млада, но суштински важна гранка на правото. Меѓународното казнено право останува неопходен инструмент во глобалната борба за мир, правда и човеково достоинство.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Книги и монографии

1. Akhavan, P. (1998). Justice in the Hague, Peace in Rwanda? The Impact of the ICTR on Trials of Genocide. *Human Rights Quarterly, 20*.
2. Akhavan, P. (2009). Are International Criminal Tribunals a Disincentive to Peace? Reconciling Judicial Romanticism with Political Realism. *Human Rights Quarterly, 31*(3).
3. Ambos, K. (2013). *Treatise on International Criminal Law – Volume I: Foundations and General Part*. Oxford University Press.
4. Ambos, K. (2014). *Treatise on International Criminal Law – Volume I: Foundations and General Part*. Oxford University Press.
5. Ambos, K. (2016). *Treatise on International Criminal Law, Vol. III: International Criminal Procedure*. Oxford University Press.
6. Anghie, A. (2005). *Imperialism, Sovereignty and the Making of International Law.* Cambridge University Press.
7. Bassiouni, M. C. (1996). *The Law of the International Criminal Tribunal for the Former Yugoslavia*. Dordrecht: Martinus Nijhoff.
8. Bassiouni, M. C. (1999). *Crimes Against Humanity in International Criminal Law.* The Hague: Kluwer Law International.
9. Bassiouni, M. C. (2008). *International Criminal Law: Sources and Contents (Vol. 1)*. Brill.
10. Bassiouni, M. C. (2011). *Introduction to International Criminal Law.* Martinus Nijhoff.
11. Bassiouni, M. C. (2013). *Introduction to International Criminal Law (2nd ed.)*. Brill Nijhoff.
12. Bassiouni, M. C. (2018). *International Criminal Law, Volume III: International Enforcement*. Leiden: Brill.
13. Ben Saul. (2012). *Defining Terrorism in International Law.* Oxford University Press.
14. Boas, G. (1997). *The Tokyo Trials and Beyond: Reflections of a Peacemonger*. Dordrecht: Martinus Nijhoff.
15. Boersma, M. (2012). *Corruption: A Violation of Human Rights and a Crime under International Law?* Intersentia.
16. Boister, N., & Cryer, R. (2008). *The Tokyo International Military Tribunal: A Reappraisal*. Oxford University Press.
17. Bosco, D. (2014). *Rough Justice: The International Criminal Court in a World of Power Politics*. Oxford University Press.
18. Cassese, A. (2003). *International Criminal Law* (2nd ed.). Oxford University Press.
19. Cassese, A. (2005). *International Law.* Oxford University Press.
20. Cassese, A. (2006). *International Criminal Law.* Oxford University Press.
21. Cassese, A. (2008). *International Criminal Law.* Oxford University Press.
22. Cassese, A. (2013). *International Criminal Law (3rd ed.)*. Oxford University Press.
23. Charap, S., & Colton, T. J. (2017). *Everyone Loses: The Ukraine Crisis and the Ruinous Contest for Post-Soviet Eurasia*. Routledge.

24. Ciorciari, J. D., & Heindel, A. (2014). *Hybrid Justice: The Extraordinary Chambers in the Courts of Cambodia*. Ann Arbor: University of Michigan Press.
25. Coco, A. (2013). *The Special Tribunal for Lebanon: Law and Politics*. Journal of International Criminal Justice, 11(3).
26. Cryer, R., Friman, H., Robinson, D., & Wilmshurst, E. (2019). *An Introduction to International Criminal Law and Procedure* (4th ed.). Cambridge University Press.
27. Damaska, M. (2007). What is the Point of International Criminal Justice? *Chicago–Kent Law Review, 83*(1).
28. Des Forges, A. (1999). *Leave None to Tell the Story: Genocide in Rwanda*. New York: Human Rights Watch.
29. Gallagher, A. (2010). *The International Law of Human Trafficking*. Cambridge University Press.
30. Gerhard, W., & Jessberger, F. (2020). *Principles of International Criminal Law* (4th ed.). Oxford University Press.
31. Grant, T. D. (2015). *Aggression against Ukraine: Territory, Responsibility, and International Law.* London: Palgrave Macmillan.
32. Hagan, J., & Levi, R. (2005). Crimes of Power and Powerful Criminals: The Globalization of Crime Control. *European Journal of Criminology, 2*(2).
33. Herbert, M. K. (2017). *Criminal Law, Cases and Materials* (7th ed.). Wolters Kluwer.
34. Higgins, R. (2020). Ecocide as an International Crime: The Road Ahead. *Journal of International Criminal Justice, 18*(2).
35. Jonathan Hall, K. C. (1998). The First Proposal for a Permanent International Criminal Court. *International Review of the Red Cross*.
36. Kai Ambos. (2013). *Treatise on International Criminal Law, Volume I – Foundations and General Part*. Oxford University Press.
37. Kerr, R., & Mobekk, E. (2007). *Peace and Justice: Seeking Accountability after War*. Cambridge: Polity.
38. Kovachević, Lj. (2020). Рецензија на меѓународното кривично право во постконфликтни општества. Универзитет во Сараево.
39. Kreb, C. (2005). The Doctrine of Command Responsibility. *Journal of International Criminal Justice, 3*(2).
40. Lauterpacht, H. (1933). *The Function of Law in the International Community*. Oxford University Press.
41. Lazarevic, Lj. (2011). Меѓународно кривично право. Белград: Службени гласник.
42. Laruelle, M. (2018). *Russian Nationalism: Imaginaries, Doctrines, and Political Battlefields*. London: Routledge.
43. Mettraux, G. (2006). *International Crimes and the Ad Hoc Tribunals*. Oxford University Press.
44. Milan Škulić. (2017). *Меѓународно кривично право*. Правни факултет Универзитет у Београду.
45. Најчевска, М. (2018). Човековите права и меѓународното право во македонскиот контекст. Институт за човекови права.
46. Philippe Sands. (2021). *The Case for Ecocide*. Cambridge University Press.
47. Plokhy, S. (2015). *The Gates of Europe: A History of Ukraine*. New York: Basic Books.

48. Popovski, I. (2015). *Меѓународно кривично право*. Правен факултет „Јустинијан Први“.
49. Pappe, I. (2006). *The ethnic cleansing of Palestine*. Oneworld Publications.
50. Roy, S. (2011). *The Gaza Strip: The political economy of de-development*. Institute for Palestine Studies.
51. Ruti, T. (2000). *Transitional Justice*. Oxford University Press.
52. Sakwa, R. (2015). *Frontline Ukraine: Crisis in the Borderlands*. London: I.B. Tauris.
53. Sayigh, Y. (1997). *Armed struggle and the search for state: The Palestinian national movement, 1949–1993*. Oxford University Press.
54. Schabas, W. (2001). *An Introduction to International Criminal Court*. Cambridge: Cambridge University Press.
55. Schabas, W. (2004). *An Introduction to the International Criminal Court* (2nd ed.). Cambridge University Press.
56. Schabas, W. (2005). *An Introduction to the Criminal Court* (2nd ed.). Cambridge University Press.
57. Schabas, W. (2006). *The UN International Criminal Tribunals: The Former Yugoslavia, Rwanda and Sierra Leone*. Cambridge University Press.
58. Schabas, W. (2011). *An Introduction to the International Criminal Court*. Cambridge University Press.
59. Schabas, W. (2016). *The International Criminal Court: A Commentary on the Rome Statute*. Oxford University Press.
60. Schabas, W. (2017). *An Introduction to the International Criminal Court* (5th ed.). Cambridge University Press.
61. Schabas, W. (2017). *The International Criminal Court*. Oxford University Press.
62. Schabas, W. (2019). *Genocide in International Law: The Crime of Crimes* (3rd ed.). Cambridge University Press.
63. Schabas, W. (2020). *An Introduction to the International Criminal Court* (6th ed.). Cambridge University Press.
64. Skulic, M. (2012). *Меѓународно кривично право*. Белград: Службени гласник.
65. Skulic, M. (2015). *Меѓународни кривични судови*. Белград: Правни факултет Универзитет у Београду.
66. Skulic, M. (2020). *Меѓународни кривични судови*. Белград: Правни факултет Универзитет у Београду Press.
67. Stahn, C. (2019). *A Critical Introduction to International Criminal Law*. Cambridge: Cambridge University Press.
68. Tomuschat, C. (2005). The Security Council at the Crossroads. In H. Hey (Ed.), *The United Nations at the Crossroads of Reform*. The Hague: T.M.C. Asser Press.
69. Trahan, J. (2020). *Existing legal limits to Security Council veto power in the face of atrocity crimes*. Cambridge University Press.
70. Williams, S. (2012). *Hybrid and Internationalised Criminal Tribunals: Selected Jurisdictional Issues*. Oxford: Hart Publishing.
71. Wilson, A. (2014). *Ukraine Crisis: What it Means for the West*. New Haven: Yale University Press.
72. Gelvin, J. L. (2021). *The Israel-Palestine conflict: One hundred years of war*. Cambridge University Press.

73. Mearsheimer, J. J. (2014). *Why the Ukraine Crisis is the West's Fault*. *Foreign Affairs, 93*(5).

Статути, конвенции, резолуции и други официјални документи

1. Amnesty International. (2015). *Unlawful and deadly: Rocket and mortar attacks by Palestinian armed groups during the 2014 Gaza/Israel conflict*. London: Amnesty International.
2. Amnesty International. (2020). *Myanmar: "We are at breaking point" – Rohingya*. Amnesty International Report.
3. Amnesty International. (2022). *Ukraine: Mass Graves and Executions in Bucha*.
4. BBC News. (2023, March 17). Russia rejects ICC arrest warrant for Putin. https://www.bbc.com
5. Belafour Declaration. (1917).
6. Bundesanwaltschaft (Federal Public Prosecutor General, Germany). (2022). *Investigation into the Situation in Ukraine*.
7. Carsten Stahn. (2019). *A Critical Introduction to International Criminal Law*. Cambridge: Cambridge University Press.
8. Charter of the United Nations. (1945). 1 UNTS XVI, Art. 2(4).
9. Charter of the United Nations. (1945, June 26). 1 UNTS XVI.
10. Convention against Transnational Organized Crime (Palermo Convention). (2000). United Nations.
11. Convention on the Non-Applicability of Statutory Limitations to War Crimes and Crimes Against Humanity. (1968, November 26).
12. Convention on the Prevention and Punishment of the Crime of Genocide. (1948). United Nations.
13. Council of Europe. (2022, March 15–16). *The Russian Federation is excluded from the Council of Europe*. https://www.coe.int/en/web/portal/-/the-russian-federation-is-excluded-from-the-council-of-europe
14. Council of the EU. (2025, July 18). *EU Sanctions against Russia, EU adopts the 18th package*. https://www.consilium.europa.eu/en/policies/sanctions-against-russia
15. EEAS. (n.d.). *Statement of cessation of Russia's membership in the Council of Europe*. https://www.eeas.europa.eu/eeas/council-europe-statement-high-representative-cessation-russias-membership_en
16. European Commission. (n.d.). *Price Cap Coalition Statements and Guidance*. https://finance.ec.europa.eu/publications/price-cap-coalition-statements-and-guidance_en
17. European Council. (n.d.). *EU sanctions against Russia explained*. Council of the European Union. https://www.consilium.europa.eu/en/
18. European Court of Human Rights. (n.d.). *Ukraine and the Netherlands v. Russia*, Application no.8019/16, 43800/14, 28525/20.
19. Eurojust. (2022, March 25). *Joint Investigation Team on Alleged Core International Crimes Committed in Ukraine*. Press Release.
20. Geneva Conventions of 12 August 1949, 75 UNTS 31.

21. Geneva Conventions of 1949 and Additional Protocols. (1949). United Nations.
22. ICC. (2022, February 28). *Statement of the Prosecutor of the International Criminal Court, Karim A. A. Khan QC, on the situation in Ukraine*.
23. ICC. (2023, March 17). *Situation in Ukraine: ICC Judges issue arrest warrants against Vladimir Vladimirovich Putin and Maria Alekseyevna Lvova-Belova*. https://www.icc-cpi.int/news/situation-ukraine-icc-judges-issue-arrest-warrants-against-vladimir-vladimirovich-putin-and
24. International Criminal Court. (2012). *Prosecutor v. Lubanga, ICC-01/04-01/06, Judgement*, 14 March 2012.
25. International Criminal Court. (2014, April 12; 2015, September 8). *Declarations lodged by Ukraine under Article 12(3) of the Rome Statute*. https://www.icc-cpi.int/situations/ukraine
26. International Criminal Court. (2020). *Report on Preliminary Examination Activities*. ICC.
27. International Criminal Court. (2021a). *Statement of the ICC Prosecutor, Fatou Bensouda, on the opening of the investigation into the situation in Palestine*. https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-fatou-bensouda-opening-investigation-situation-palestine
28. International Criminal Court. (2021b). *Decision on the Prosecution's request related to jurisdiction over the situation in Palestine*, Pre-Trial Chamber I, 5 February. https://www.icc-cpi.int/sites/default/files/CourtRecords/CR2021_01165.PDF
29. International Criminal Court. (2023a). *Situation in Palestine – Preliminary examination*. https://www.icc-cpi.int/palestine
30. International Criminal Court. (2023b). *State of Palestine / International Criminal Court*. https://www.icc-cpi.int/palestine
31. International Criminal Court. (2023c). *Victims – State of Palestine*. https://www.icc-cpi.int/victims/state-palestine
32. International Criminal Court. (2024a). *Pre-Trial Chamber I issues warrant of arrest for Mohammed Diab Ibrahim Al-Masri (Deif)*. https://www.icc-cpi.int/news/situation-state-palestine-icc-pre-trial-chamber-i-issues-warrant-arrest-mohammed-diab-ibrahim
33. International Criminal Court. (2024b). *Statement of the ICC Prosecutor Karim A. A. Khan, KC: Applications for arrest warrants in the situation in the State of Palestine*. https://www.icc-cpi.int/news/statement-icc-prosecutor-karim-aa-khan-kc-applications-arrest-warrants-situation-state
34. International Criminal Court. (2024c). *Panel report on applications for arrest warrants, 20 May*. https://www.icc-cpi.int/sites/default/files/2024-05/240520-panel-report-eng.pdf
35. International Criminal Court. (2025). *Situation in the State of Palestine: Appeals Chamber reverses the Pre-Trial Chamber's decision on Israel's challenges, 24 April*. https://www.icc-cpi.int/news/situation-state-palestine-appeals-chamber-reverses-pre-trial-chambers-decision-israels
36. International Criminal Court. (n.d.). *Rome Statute of the International Criminal Court*. https://www.icc-cpi.int/resource-library/Documents/RS-Eng.pdf
37. International Criminal Tribunal for Rwanda (ICTR). (1998). *Prosecutor v. Jean-Paul Akayesu, Case No. ICTR-96-4-T, Judgement*.
38. International Criminal Tribunal for the Former Yugoslavia (ICTY). (1998). *Celebici Case (Prosecutor v. Delalić et al.), IT-96-21, Judgement*, 16 November 1998.

39. International Criminal Tribunal for the Former Yugoslavia (ICTY). (1999). *Tadić (Appeals Judgement), IT-94-1-A*, 15 July 1999.
40. International Criminal Tribunal for the Former Yugoslavia (ICTY). (2016). *Prosecutor v. Radovan Karadžić, Case No. IT-95-5/18, Judgement*.
41. ICTR Statute, Article 3.
42. ICTR Statute, Article 4.
43. ICJ. (2022). *Application of the Convention on the Prevention and Punishment of the Crime of Genocide (Ukraine v. Russian Federation), Order on Provisional Measures*. https://www.icj-cij.org/node/106135
44. NATO. (n.d.). *Topic: Relations with Ukraine*. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_37750.htm
45. NATO. (2024, July). *Washington Summit Declaration*. https://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_227678.htm
46. OSCE. (2022–2024). *Moscow Mechanism expert reports*. https://www.osce.org/resources/documents/War%20crimes%20Ukraine
47. Report of the International Commission to Inquire into the Causes and Conduct of the Balkan Wars. (1914). Carnegie Endowment for International Peace.
48. Report of the Secretary-General pursuant to Security Council Resolution 808 (1993).
49. Reuters. (2025, August 21). *Military options for Ukraine discussed by US, European national security advisers*. https://www.reuters.com/world/europe/military-options-ukraine-discussed-by-us-european-national-security-advisers-2025-08-21
50. Rome Statute of the International Criminal Court. (1998). 2187 U.N.T.S. 3, Art. 25.
51. Rome Statute of the International Criminal Court. (2002). United Nations, Preamble and Articles 7–8.
52. Rome Statute of the International Criminal Court. (2010). Addendum II.
53. Rome Statute of the International Criminal Court, Article 5.
54. Rome Statute of the International Criminal Court, Article 6.
55. Rome Statute, Article 17.
56. Statute of the International Military Tribunal. (1945). https://avalon.law.yale.edu/imt/imtconst.asp
57. Trial of the Major War Criminals before the International Military Tribunal, Nuremberg. (1947).
58. United Nations. (1945). *Charter of the United Nations, 1 UNTS XVI, Art. 2(4)*.
59. United Nations General Assembly. (2022). *Resolution ES-11/1, Aggression against Ukraine, 2 March 2022*.
60. United Nations Security Council. (1990–1991). *Resolutions 660 and 678*.
61. United Nations Security Council. (1993). *Resolution 827 (1993), S/RES/827, 25 May 1993*.
62. United Nations Security Council. (1995). *Resolution 995, 8 November 1995*.
63. United Nations Security Council. (n.d.). *Voting system and records*. https://main.un.org/securitycouncil/en/content/voting-system
64. UN Human Rights Council. (2023). *Report of the Independent International Commission of Inquiry on Ukraine, A/HRC/52/62*.
65. UNHRC. (2024–2025). *Ukraine Situation – Operational Data Portal*. https://data.unhcr.org/en/situations/ukraine

66. Violations of the Laws and Customs of War. (1919). *Reports of Majority and Dissenting Reports of American and Japanese Members of the Commission of Responsibilities, Conference of Paris*. Clarendon Press.
67. WHO. (2023). *Statement on Al-Ahli Hospital incident*. https://www.who.int
68. The Guardian. (2023, October). *What we know about the Gaza hospital blast*. https://www.theguardian.com
69. Ministry of Health in Gaza. (2023, October 18). *Press release*.